**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ВО СКОПЈЕ**

**Број 1129**

**Скопје, 1 септември 2016 година**

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

Ул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**

**проф. д-р Велимир СТОЈКОВСКИ, ректор**

**Уредник на Билтенот: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска - Цветановска**

Бр. ____________

_5.8. 2013_

Скопје

**Предмет: Материјали за Билтенот за објавување на веб-страницата на УКиМ**

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања, рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа, прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми, рецензиите на учебници и учебни помагала, како и рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”. По објавување на материјалите на веб-страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги доставaт на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во **електронска форма**.

Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт **Georgia**. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со корегирани знаци во италик формата за македонските букви ‘***g***’, ‘***ū***’, ‘***ш̄***’, ‘***ī***’ може да се добие во компјутерскиот центар на УКиМ на барање на факултетот. Исто така, таму може да се добие софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач кога работи под Windows XP оперативниот систем при притискање на копчето ‘`’ во македонска поддршка да се добие знакот ‘**ѐ**’, а при притискање на копчето ‘~’ во македонска поддршка да се добие знакот ‘**ѝ**’.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на веб-страницата, ве молиме, рефератите откако ќе бидат лекторирани, да ја доставите оригиналната верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија да ја доставите на e-mail адресата: t.basevski@ukim.edu.mk (so mali bukvi).

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број, туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе ја добиеме бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**Проректор**

**Проф. д-р Коле Василевски**

Изготвил:Т.Б.

Одобрил:К.М.

**Содржина на Билтен број 1129 од 1 септември 2016 година**


**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник од научната област хидротехникчки мелиорации, комунална хидротехника и заштита на водите и животната средина, на Градежниот факултет во Скопје **(д-р Катерина Доневска)**..........................8-22
2. Реферат за избор на наставник од областа на металните конструкции на Градежниот факултет во Скопје **(д-р Петар Цветановски)**........................23-37

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Институционални аспекти на планирањето на локалниот економски развој,** изработена од **м-р Вирна Манасиева-Герасимова,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје..........................................................................................................38-45

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската досертација **Придонес кон развој на матрица на индикатори за имплементација на концептот за почисто производство во насока на одржлив развој** од **м-р Наташа Бакреска-Кормушоска,** пријавена на Машинскиот факултет во Скопје......................46-53
2. Преглед на прифатена промена на ментор за изработка на магистерски труд на Машиснкиот факултет во Скопје **(Димитар Калков)**........................................54

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Предиктивни фактори за рано откривање на артериовенските фистули кај пациенти со хронична бубрежна болест, со посебен осврт на неоинтималната венска хиперплазија** од **м-р Владимир Пушевски,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје...................................................................55-60

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Позицијата на клиентот во однос на структурите на моќ во бирократските системи** од **м-р Гордан Георгиев,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје ..61-68
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Правила за докажување поврзани со сведоците и вештаците во казнената постапка** од **м-р Весна Трајановска,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје ..........................................................................................................69-74

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од наставно-научната област: анализа и функционална анализа на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Весна Манова-Ераковиќ)**.......................................................................75-99

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Етички аспекти во стоматологијата** од авторот **доц. д-р Јулијана Николовска,** пријавен на Стоматолошкиот факултет во Скопје.......................................................................................................100-111

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област телекомуникациско и информациско инженерство на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје **(д-р Валентин Раковиќ)**.......................................................................................112-131
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје **(Отон Манис, Стефан Белевски, Елена Циланова, Ана Богдановска, Кристина Петровска, Росица Наумовска, Лидија Глигорова, Ангелина Попоска, Биљана Петреска, Елдион Шеапи, Александар Ристовски, Александар Јованов, Дарко Здравковски, Татјана Брсаковска, Слаѓана Јовановска, Ивана Тодоровска, Дарко Ристески)**.............................132-134

**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во сите наставно-научни области од наставно-научното поле информатика и наставно-научното поле компјутерска ехника и информатика на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје **(д-р Ивица Димитровски)**........135-157

**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ**

1. Реферат за избор на наставник во наставно-научно звање во научната област општествена кинезиологија по предметот социологија на физичко образование и спорт, на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје **(д-р Иван Анастасовски)**.......................................................................................158-178

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина): социјална политика, теорија на социјална работа, социјална работа (во здравство, образование, социјална заштита и др.), методики на социјална работа (поединец, група и локална заедница), системи на социјална заштита, образовна политика, на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Сузана Борнарова)**.......................................................................................179-193
2. Реферат за избор на наставник (во сите звања) за следниве научни области (дисциплини): методи на социјалната работа, системи на социјална заштита и теорија на социјална работа на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Сунчица Димитријоска)**.......................................................................................194-217
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Модели на контрола и нивната примена во работата на приватниот безбедносен сектор во Република Македонија поднесена** од **м-р Живко Гацоски,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје...............................................................218-220
4. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Оптовареноста на учениците во основното образование** од **м-р Анкица Антовска,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје...............................................................221-224
5. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Имплементација на формативното оценување на постигањата на учениците во основното училиште** изработена од **м-р Валдета Зенуни Идризи,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје...............................................................225-232

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Меморија, нарација, субјект: Примо Леви и литературата на холокаустот** од **м-р Ирина Талевска,** пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.............233-239

**ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ**

1. Реферат за избор на научен соработник во научната област плодност на земјиштето и фертилизација на Земјоделскиот институт во Скопје **(д-р Христина Попоска)**........................................................................240-252

**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Реферат за избор во звањето виш научен соработник/вонреден професор во Институтот за национална историја во Скопје **(д-р Димитар Љоровски)**..........................................................................................253-257
2. Реферат за избор во звањето виш научен соработник/вонреден професор во ЈНУ Институт за национална историја во Скопје **(д-р Теон Џинго)**................258-267
3. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Институтот за национална историја во Скопје **(м-р Наташа Диденко, м-р Вортик Кналијан)**..................................................................................................268

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Зависноста од глобалните медиуми кај надворешнополитичкото известување на весниците од Македонија, Словенија и Србија (1983-1989-2013)** од **м-р Бојан Блажевски,** пријавена на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје.........................................................................269-282

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. **Исправка** на Рефератот за избор на редовен професор во научната област индустриски растенија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(д-р Зоран Димов)**.....................................................................................283

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХИДРОТЕХНИЧКИ МЕЛИОРАЦИИ, КОМУНАЛНА ХИДРОТЕХНИКА И ЗАШТИТА НА ВОДИТЕ И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно–научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на својата 439. седница одржана на 11. VII 2016 година, нè избра за рецензенти за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа хидротехнички мелиорации, комунална хидротехника и заштита на водите и животната средина.

На распишаниот конкурс, објавен во дневниот весник „Коха“ и весникот „Нова Македонија“ од 20. IV 2016 година, се пријави д-р Катерина Доневска, дипл.град.инж., досегашен редовен професор на Катедрата за водоснабдување, канализација и мелиорации, при Градежниот факултет во Скопје. Врз основа на поднесените документи и личното познавање на кандидатката, го поднесуваме следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката д-р Катерина Доневска е родена на 18.1.1962 година во Скопје. Основното и средното образование го завршила во Скопје со одличен успех. На Градежниот факултет се запишала во учебната 1980/81 година на насоката за хидротехника, а дипломирала во јуни 1985 година, со дипломска работа од областа на водоснабдителните системи. За време на нејзиното студирање, од страна на Институтот „Јарослав Черни” доделена и е награда за најдобар постигнат успех во учебната 1983/84 година на хидротехничката насока на Градежниот факултет во Скопје.

По дипломирањето во септемви 1985 година се вработила во РО „ЕМО“ Охрид, РЕ „Институт за енергетика“ во Скопје, каде што била избрана во звањето помлад асистент.

Во февруари 1988 година се запишала на постдипломските студии на Градежниот факултет во Скопје, хидротехничка насока, а во мај 1991 година ја одбранила магистерската работа со наслов „Хидролошки појави со мала веројатност“ и се здобила со научно звање - магистер на технички науки од областа на градежништвото.

Од декември 1994 до септември 1997 година била во редовен работен однос во Министерството за здравство - Фонд за здравствено осигурување во Скопје. Во октомври 1997 година е избрана во звањето асистент по предметите: водоснабдување, канализација, хидротехнички мелиорации, водовод и

канализација и мелиорации, со што се вработила на Градежениот факултет во Скопје, а во 2000 година била реизбрана во истото звање.

Во декември 2001 година ја одбранила докторската дисертација под наслов „Оптимално решение за наводнување при системи под притисок“ и се здобила со научно звање - доктор на технички науки од областа на градежништвото.

Во март 2002 година е избрана во звањето доцент во областа водоснабдување, канализација, мелиорации и хидрологија. Во март 2007 година е избрана во звањето вонреден професор во областа водоснабдување, канализација и мелиорации, а во ноември 2011 година од страна на Универзитетскиот сенат е избрана во звањето редовен професор во обласга водоснабдување, канализација и мелиораци, на кое место се наоѓа и сега.

Во рамките на своето стручно и научно надградување, кандидатката учествувала на повеќе обуки, од кои позначајна е Напредната програма за обука за оцена на влијанието на животната средина (Advanced International Training Programme on Environmental Impact Assessment and Strategic Impact Assessment), организирана од Шведската меѓународна агенција за развојна соработка SIDA, во Шведска, во периодот октомври - ноември 2005 година.

Во април 2007 година, како раководител на меѓународниот научноистражувачки проект „Задоволување на зголемените потреби од вода за наводнување како резултат на климатските промени“, престојувала на Факултетот за биотехнологија, Катедра за земјоделство во Љубљана. Во јули 2007 год. престојувала на Техничкиот универзитет во Виена (Technishe universitat Wien-TUW) во рамките на International Programme Tempus DEREC-JEP-19028-2004. Во април 2009 година, преку програмата CEEPUS, била гостин на Градежниот факултет во Софија, Република Бугарија, каде што одржала предавање на тема „Conditions of Irrigation and Drainage Systems in the Republic of Macedonia“.

Во 2010 година кандидатката го положила стручниот испит за стекнување на професионално знаење при оценка на проектите за влијанието врз животната средина спроведен од Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Кандидатката е добитник на Фулбрајтовата стипендија за академската 2010/2011 година во обласга на науката за животната средина. Во рамките на овој грант, како гостин професор на Универзитетот во Боулинг Грин, Факултет за уметност и науки, животна средина и општество во Охајо (Bowling Green State University, School of Earth, Environment and Society), САД, одржала предавања и била вклучена во научноистражувачки дејности. Резултат од овие активности се два публикувани труда во списанија со фактор на влијание.

Активностите од обласга на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност до нејзиниот избор во звањето доцент се претставени во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 800 од 18.III 2002. Во рефератот објавен во Билтенот на Универзитетот бр. 912 од 1.II 2007 година се претставени нејзините работни

активности во претходно споменатите дејности од изборот во звањето доцент до изборот за вонреден професор. Активностите од областа на наставно–образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и општествената активност од изборот во звањето вонреден професор до изборот во звањето редовен професор се претставени во рефератот објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 1018 од 1.11.2011 година.

Од изборот во звањето редовен професор до сега, кандидатката остварува бројни активности на полето на наставно-образовната, научната и стручната дејност. Кандидатката е акредитиран ментор на постдипломските студии и на докторските студии на Градежниот факултет во Скопје. Има позитивна оценка од самоевалуацијата, констатирана врз основа на добиени анкетни листови од Комисијата за самоевалуација на Градежниот факултет. Учесник е во наставен проект (TEPMUS), во национален научноистражувачки проект, како и во COST - акцијата “Mining the European Anthroposphere. Кандидатката била избрана за најдобар научник за 2012 година на Градежениот факултет во Скопје. Во два последователни мандата ја врши функцијата раководител на Катедрата за водоснабдување, канализација и мелиорации. Во последниот четиригодишен период учествувала како рецензент на трудови за повеќе реномирани списанија со фактор на влијание (Environmental Earth Sciences (издавач Springer), Environmental Monitoring and Assessment (Springer), Waste management (Elsevier), Landscape and Urban Planning (Elsevier), Waste Management and Research (Sage)).

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА, НАУЧНА И СТРУЧНА ДЕЈНОСТ

### 2.1. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Од изборот во звањето редовен професор до сега, кандидатката наставната дејност ја остварува преку организирање на предавања, вежби, корекции, консултации и семинарски работи, писмени и усни испити на додипломските, постдипломските и докторските студии на Градежниот факултет. На реформираната настава по ЕКТС - системот на додипломските студии на Градежниот факултет (четиригодишни студии) ги покрива предавањата по предметите: системи за одводнување, системи за наводнување, депонии и градежни објекти и животна средина, а на постдипломските студии наставата по предметите: депонии за неопасен отпад и хидротехнички мелиорации. За предметите кои ги покрива предавањата има подготвено печатени предавања. Од учебната 2013-2014, во рамките на реформираната настава по ЕКТС - системот на тригодишните додипломски студии на Градежниот факултет ја води наставата по изборните предмети: системи за одводнување, системи за наводнување и градежни објекти и животна средина, како и изборниот предмет градежништво и животна средина од листата на слободните универзитетски предмети. На двегодишните постдипломски студии ја одржува наставата по предметите: депонии и хидромелиоративни системи, а на докторските студии по предметот користење на подземни води. На постдипломските студии на интердисциплинарните студии по инженерство на животната средина во Скопје ја одржува наставата по предметот управување со комунален цврст отпад. Покрај редовните активности во наставата од прв, втор и трет циклус студии на Градежниот факултет, во предметниот период била ментор на 4 дипломски работи на студентите од Градежниот факултет во Скопје

и интердисциплинарните студии по инженерство на животната средина, исто така во Скопје.

Кандидатката е учесник во наставниот проект Development of Environmental and Resources Engineering Learning (DEREL), EU TEMPUS PROJECT NUMBER – 511001-TEMPUS-1-2010-1-IT-TEMPUS-JPCR, 2010-2013.

Сите активности од областа на наставно-образовната дејност на кандидатката за периодот од нејзиниот избор во звањето редовен професор до сега се наведени во Анексот 2, кој е составен дел на овој Извештај.

### *2.2. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ*

Во изминатиот период од изборот во звањето редовен професор до сега, научноистражувачка дејност на кандидатката се одвива преку изработка и публикување на научни трудови (од кои 2 научни труда во списанија со фактор на влијание), учество во научноистражувачки проект, одржување на предавања на научно-стручни собири, како и учество во работата на комисии во постапка за пријавување, оцена или одбрана на магистерски трудови и докторски дисертации.

Кандидатката е учесник во националниот научноистражувачки проект „Анализа на структурата и големината на водоснабдителната норма за градот Скопје“. Ментор е на две магистерски работи, како и на две докторски дисертации кои се во тек на изработка. Кандидатката е акредитиран ментор на постдипломските студии и акредитиран ментор на докторските студии на Градежниот факултет во Скопје.

Во изминатиот период учествувала на работилници, семинари и конференции, т.е. научно-стручни собири со меѓународно учество, со сопствени предавања и/или презентации.

Во Анексот 2, кој е составен дел на овој Извештај, се наведени активностите на кандидатката од областа на научноистражувачката дејност од изборот во звањето редовен професор до денес.

### *2.3. СТРУЧНА ДЕЈНОСТ*

Стручната дејност на кандидатката е во областа на хидротехниката и во заштитата на животната средина. Како носител или соработник, учествувала во изработката на основен проект, студии, студија и елаборат за оцена на влијанијата врз животната средина и др.

Во Анексот 2, кој е составен дел на овој Извештај, наведени се нејзините активности од областа на стручно-апликативната дејност од изборот во звањето редовен професор до денес.

## 3. ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Во изминатиот период, од 17 октомври 2012 година, во два мандатни периода кандидатката ја извршува функцијата раководител на Катедрата за водоснабдување, канализација и мелиорации. Кандидатката е национален претставник во управувачкиот комитет (Management Committee) на COST-акцијата “Mining the European Anthroposphere”.

Кандидатката е член на Друштвото за одводнување и наводнување на Република Македонија од 2000 година, како и на Меѓународното здружение за хидрологија (IAHS).

По изборот во звањето редовен професор била член на научен или редакциски одбор на повеќе меѓународни/национални научни и стручни собири, како и член на Издавачкиот совет на стручното списание „Порта3“. Листата на активности од поширок интерес е наведена во Анексот 2, кој е составен дел на Извештајот.

**4. ОЦЕНКА ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА**

Кандидатката во изминатиот период доби позитивна оценка (од 8,4 до 9,98) од анонимно спроведените анкети на студентите на Градежниот факултет.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на претходно изнесените податоци за севкупните дејности, како и од личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејностите од поширок интерес на д-р Катерина Доневска, редовен професор на Градежниот факултет во Скопје.

Од изборот за редовен професор до денес, кандидатката со успех ја покрива наставата на додипломските, постдипломските и на докторските студии, што се потврдува со позитивната оценка од самоевалуацијата на кандидатката. На полето на научноистражувачката дејност, активно ги следи и практично ги применува најновите достигнувања од областа. Во изминатиот период, кандидатката објавила голем број научни и стручни трудови во списанија, во зборници на трудови од научни/стручни собири со меѓународен уредувачки одбор и учествувала на работилници, семинари и конференции со сопствени предавања и презентации. Наведените активности се показател дека кандидатката е афирмиран наставно-образовен и научно-стручен работник и покажува долгогодишен напредок во наведените дејности од областа хидротехнички мелиорации, комунална хидротехника и заштита на водите и животната средина.

Врз основа на претходно изнесените активности кои ги задоволуваат критериумите дадени во Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, позитивната оценка од самоевалуацијата и од личното познавање на кандидатката, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје и Сенатот на УКИМ, кандидатката д-р Катерина Доневска, дипл.град.инж., да биде повторно избрана во звањето редовен професор од областа хидротехнички мелиорации, комунална хидротехника и заштита на водите и животната средина.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Живко Велјаноски с.р.

2. Проф. д-р Петко Пеливаноски с.р.

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Катерина Радослав Доневска**

(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Градежен факултет - Скопје**

(назив на факултетот/институтот)

**Научни области: хидротехнички мелиорации, комунална хидротехника и заштита на водите, животна средина**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста (наставно-образовна):** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Учебна 2011/2012 година** | |
| | ***Предавања на прв циклус студии*** | |
| 1 | Градежни објекти и животна средина/ 2 | 1.20 |
| 2 | Системи за одводнување / 2 | 1.20 |
| 3 | Системи за наводнување / 2 | 1.20 |
| 4 | Депонии/ 2 | 1.20 |
| | ***Предавања на втор циклус студии*** | |
| 5 | Депонии за неопасен отпад /2 | 1.50 |
| 6 | Хидротехнички мелиорации /2 | 1.50 |
| | **Учебна 2012/2013 година** | |
| | ***Предавања на прв циклус студии*** | |
| 7 | Градежни објекти и животна средина/ 2 | 1.20 |
| 8 | Системи за одводнување / 2 | 1.20 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 9 | Системи за наводнување / 2 | 1.20 |
| | ***Предавања на втор циклус студии*** | |
| 10 | Депонии за неопасен отпад /2 | 1.50 |
| 11 | Хидротехнички мелиорации /2 | 1.50 |
| | **Учебна 2013/2014 година** | |
| | ***Предавања на прв циклус студии*** | |
| 12 | Градежни објекти и животна средина/ 2 | 1.20 |
| 13 | Системи за одводнување / 2 | 1.20 |
| 14 | Системи за наводнување / 2 | 1.20 |
| | Градежништво и животна средина (универзитетски)/2 | 1.20 |
| | ***Предавања на втор циклус студии*** | |
| 15 | Депонии /3 | 2.25 |
| 16 | Хидромелиоративни системи /3 | 2.25 |
| 17 | Градежни објекти и животна средина (геотехника)/ 3 | 2.25 |
| 18 | Користење на подземни води /2 | 1.50 |
| 19 | Системи за одводнување (геотехника)/2 | 1.50 |
| 20 | Управување со комунален цврст отпад (ИЖИС)/2 | 1.50 |
| | **Учебна 2014/2015 година** | |
| | ***Предавања на прв циклус студии*** | |
| 21 | Градежни објекти и животна средина/ 2 | 1.20 |
| 22 | Системи за одводнување / 2 | 1.20 |
| 23 | Системи за наводнување / 2 | 1.20 |
| | ***Предавања на втор циклус студии*** | |
| 24 | Депонии /3 | 2.25 |
| 25 | Градежни објекти и животна средина (геотехника)/ 3 | 2.25 |
| 26 | Користење на подземни води /2 | 1.50 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | **Учебна 2014/2015 година** | |
| | ***Предавања на прв циклус студии*** | |
| 27 | Градежни објекти и животна средина/ 2 | 1.20 |
| 28 | Системи за одводнување / 2 | 1.20 |
| 29 | Системи за наводнување / 2 | 1.20 |
| 30 | Градежништво и животна средина (универзитетски)/2 | 1.20 |
| | ***Предавања на втор циклус студии*** | |
| 31 | Депонии /3 | 2.25 |
| 32 | Градежни објекти и животна средина (геотехника)/ 3 | 2.25 |
| 33 | Хидромелиоративни системи /3 | 2.25 |
| | ***Предавања на трет циклус студии*** | |
| 34 | Користење на подземни води / 4 | 3.60 |
| | ***Настава во школи и работилници:*** | |
| 35 | меѓународен академски курс BEST | 1.00 |
| | ***Одржување на теренска настава*** | |
| 36 | Градежни објекти и животна средина, учебна 2011/12 (2x3) | 0,24 |
| 37 | Градежни објекти и животна средина, учебна 2012/13 (2x2) | 0,16 |
| 38 | Градежни објекти и животна средина, учебна 2013/14 (2x2) | 0,16 |
| 39 | Градежни објекти и животна средина, учебна 2014/15 (2x2) | 0,16 |
| | ***Консултации со студенти*** | |
| 40 | (60+50+182+22+232)*0,002 | 1,09 |
| 41 | Ментор на дипломска работа / 4 | 0,8 |
| 42 | Член на комисија за одбрана на дипломска работа / 25 | 2,5 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 43 | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура / 6 | 1,8 |
| 44 | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат / 8 | 4,0 |
| | ***Интерна скрипта од предавања*** | |
| 45 | Градежни објекти и животна средина (2013) /2 | 2,4 |
| | Вкупно (1-45) | 69,51 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Ментор на докторска дисертација / 2 | 6.00 |
| 2 | Ментор на магистерска работа / 2 | 2.00 |
| 3 | Учесник во национален научен проект / 1 | 3.00 |
| | ***Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание*** | |
| 4 | Gorsevski PV, Donevska KR, Mitrovski C, Frizado JP. 2012. Integrating multi-criteria evaluation techniques with geographic information systems for landfill site selection: a case study using ordered weighted average. Waste Management 32(2):287-296 IF=3,220 | 5,532 |
| 5 | Donevska KR, Gorsevski PV, Jovanovski M, Peshevski I. 2012, Regional non hazardous landfill site selection by integrating fuzzy logic, AHP and Geographic Information Systems. Environmental Earth Sciences: Volume 67, Issue 1, Page 121-131 DOI: 10.1007/s12665-011-1485-y. IF=1,765 | 4,659 |
| | ***Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор*** | |
| 6 | Donevska K., Gorsevski P., 2011, Climatic Influence on Surface Water Resources in the Republic of Macedonia, 12th International Symposium on Water Management and Hydraulic Engineering, Proceedings Ecohydrological Methods | 2,70 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | in Water Management pp. 5-14, Gdansk, Poland, ISBN 978-83-7348-376-7. | |
| 7 | Donevska K., Jovanovski J., Jovanovski M., Pelivanoski P., 2012, Analyses of Environmental Impacts of Non Hazardous Regional Landfills in Macedonia, 7th Conference on Sustainable Development of Energy, Water and Environment Systems, SDEWES2012.0418.01-10, ISSN 1847-7186. | 1,80 |
| 8 | Пеливаноски П., Доневска К., Тасески Г., 2014, Потреби од вода за наводнување и покривање на потребите од вода за наводнување од хидросистемот Равен- Речица, Зборник на трудови од 10-то Советување за водостопанство и хидротехника, 147-155, Струга, Република Македонија. | 1,80 |
| 9 | Пеливаноски П., Доневска К., Тасески Г., 2014, Избор на тип на техничко решение за главен канал од хидросистемот Равен- Речица, Зборник на трудови од 10-то Советување за водостопанство и хидротехника, 155-167, Струга, Република Македонија. | 1,80 |
| 10 | Donevska K., Atanasovska E., Spirovski D., 2016, Groundwater Contamination Beneath an Uncontrolled Landfill Rusino, Republic of Macedonia, ISWA WORLD CONGRESS 2016 (accepted for publishing), September 2016, Novi Sad. | 2,40 |
| 11 | Jovanovski J., Donevska K., 2016, Impact Assessment of Sanitary Landfill on Surrounding Surface Water and Ground Water Quality, ISWA WORLD CONGRESS 2016 (accepted for publishing), September 2016, Novi Sad. | 2,70 |
| | ***Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција:*** | |
| 12 | Donevska K., Panov A., 2012, Adaptation to Climate Changes: A case Study of an Irrigation System in Semi Arid Climate Conditions, International Conference on Earth Science and Climate Change, August 21-21, Chicago, Northbrook, USA. | 1 |
| | ***Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество*** | |
| 13 | Donevska K., 2013, Landfill Site Selection Methodologies, Case Study of Polog Regional Landfill (oral presentation), DEREL Long Life Learning Seminar within the project DEREL TEMPUS JEP (511001-TEMPUS-1-2010-1-IT-TEMPUS-JPCR), Novi Sad, Serbia. | 2,0 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 14 | Donevska K., 2014, Nonhazardous Solid Waste Landfill Capacity in Macedonia (oral presentation), DEREL Long Life Learning Seminar within the project DEREL TEMPUS JEP (511001-TEMPUS-1-2010-1-IT-TEMPUS-JPCR), 3-4 April, Novi Sad, Serbia. | 2,0 |
| 15 | Donevska K., 2014, Introduction of the Faculty of Civil Engineering in Skopje Research Potential (oral presentation), Workshop inAKTION, Faculty of Technical Sciences, University of Novi Sad, 12-14 May. | 2,0 |
| 16 | Donevska K., 2014, Role of Landfills in Waste Management in the Republic of Macedonia, Inaugural Conference of the Macedonian Solid Waste Association (MaSWA) | 2,0 |
| 17 | Donevska K., 2016, Sectoral Water Resources Requirements in the Republic of Macedonia, oral presentation at Workshop on "Sustainable Water and River Basin Management: Towards a Vardar/Axios River Commission", February, Thessaloniki. | 2,0 |
| | **Пленарно предавање на научен/стручен собир** | |
| 18 | Доневска К., "Проектирање на депонии во функција на заштита на животната средина", Прва студентска конференција „Енергетска ефикасност и одржлив развој", Факултет за електротехника и информациски технологии, Скопје, 16-18.05.2013. | 2,0 |
| | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | |
| 19 | Усна презентација /2 | 2,0 |
| 20 | Постер /1 | 0,5 |
| | **Вкупно (1-20)** | 49,891 |

Усна презентација:

1. Donevska K., 2011, Leachate Collection Systems (oral presentation), Second International Conference Sustainable Management with Materials-Economic Justification of Waste Treatment, ADKOM, Skopje.
2. Donevska K., Jovanovski J., Jovanovski M., Pelivanoski P., 2012, Analyses of Environmental Impacts of Non Hazardous Regional Landfills in Macedonia, 7th Conference on Sustainable Development of Energy, Water and Environment Systems,Ohrid.

Постер - презентација:

Donevska K., Panov A., 2012, Adaptation to Climate Changes: A case Study of an Irrigation System in Semi Arid Climate Conditions, International Conference on Earth Science and Climate Change, August 21-21, Chicago, Northbrook, USA.

Ментор на магистерски работи:

1. Јоже Јовановски, Анализа на количеството и квалитетот на депонискиот исцедок и неговото влијание врз животната средина,
2. Емилија Атанасовска, Ремедијација на диви депонии во функција на заштита на животната средина.

Ментор на докторски дисертации:

1. Илија Кондински, Прогноза на потребната вода за наводнување кај системите управувани во реално време,
2. Ангелчо Панов, Избор на локација за депонија базиран на повеќекритериумска евалуација и на географско информациони системи.

Учесник во националниот научноистражувачки проект:

Пеливаноски П., Доневска К., Тасески Г., Гешовска В., 2016, Анализа на структурата и големината на водоснабдителната норма за градот Скопје, научноистражувачки проект финасиран од ЈП Водовод и канализација – Скопје и Градежен факултет –Скопје.

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста (стручно-апликативна):** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Спировска М., Коцова М., Никова Ј., Јанкова Е., Кироски К., Десподовска А., Доневска К., Милевски Ј., Угрински К., Христовски С., Ацевски Ј., Славевска В., Левков З., Костов В., Студија за оценка на влијанието врз животната средина од брана и акумулација Речани, 2011, ДЕКОНС ЕМА. | 1 |
| 2 | Пеливаноски П., Доневска К., Тасески Г., 2013, Основен проект за главен канал од хидросистемот „Равен – Речица“, Градежен факултет - Скопје | 2 |
| 3 | Пеливаноски П., Доневска К., Тасески Г., 2013, Студија за избор на траса и тип на техничко решение за главен канал од хидросистемот „Равен – Речица“, Градежен факултет - Скопје. | 1 |
| 4 | Доневска К., Пеливаноски П., Тасески Г., Јовановски Ј., 2014, Елаборат за заштита на животната средина од реализација на проектот Изградба на главен доводен канал „Равен - Речица“ од системот за наводнување во Полог, Градежен факултет -Скопје. | 2 |
| 5 | Каркутовски З., Мославац Д., Цветановски П., Јовановски М., Доневска К., Главинов А., Зафировски З., Матевски А., 2014, Физибилити студија за изградба на панорамско трамвајска линија Цареви кули во Струмица, Градежен факултет - Скопје. | 1 |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| 6 | Поповска Ц., Гешовска В., Јовановски М., Доневска К., Танасковиќ В., Чукалиев О., Нацка М., Вељановска-Сарафилоска Е., Блинков И., Пешевски И., Минчев И., 2015, Хидрогеолошка студија за сливот на Преспанското Езеро (UNDP проект Санација на Екосистемот на Преспанското Езеро), Градежен факултет, Скопје. | 1 |
| 7 | Доневска К., 2016, Проценката на ранливоста и адаптацијата за секторот водни ресурси за градот Скопје, во рамки на проектот Стратегија за климатски промени на град Скопје, УНДП. | 1 |
| 8 | Цоневски Т., Ставриќ В., Кранго Н., Крстиќ С., Блинков И., Чукалиев О., Мојсовска С., Доневска К., Минчев И., Димов М., Цоневски С., 2016, План за управување со сливот на Преспанското Езеро, обновен план 2016, нацрт завршен извештај, УНДП. | 1 |
| | **Вкупно (1-8)** | 10 |

**ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Член на Научниот одбор на Интернационалниот симпозиум за управување со водите и хидротехника (International Symposium on Water Management and Hydraulic Engineering), 2011, Гдањск, Полска. | 1,0 |
| 2 | Член на Научниот одбор на 2nd International Conference Water Across Time in Engineering Research WATER 2012, Constantza, Romania. | 1,0 |
| 3 | Член на Редакцискиот одбор на Конференцијата на тема: Хидројаловиштата во Република Македонија, октомври 2012. | 0,5 |
| 4 | Член на Научниот одбор на 1. студентска конференција „Енергетска ефикасност и одржлив развој“, Факултет за електротехника и информациски технологии, Скопје, мај 2013. | 0,5 |
| 5 | Член на Научниот одбор на 2. студентска конференција „Енергетска ефикасност и одржлив развој“, Факултет за електротехника и информациски технологии, Скопје, април 2014. | 0,5 |
| 6 | Член на Редакцискиот одбор на Зборникот на трудови 10. Советување за водостопанство и хидротехника, 18-19 септември 2014, Струга, Република Македонија. | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | Член на Редакцискиот одбор на Зборник на трудови од 4. Меѓународна конференција „Регионално управување со отпад“, 26-28 мај 2015, Охрид, Република Македонија. | 1,0 |
| 8 | Член на Издавачкиот совет на стручното списание „Порта 3“ април 2012-април 2015. | 0,5 |
| 9 | Член на Комисија за издавачка дејност на Ректорската управа на Универзитетот „Св Кирил и Методиј“. | 1,0 |
| 10 | Член на Комисијата за евалуација на Градежниот факултет, од јануари 2013 до декември 2013. | 0,5 |
| 11 | Член на Наставно-научен колегиум - Комисија за втор циклус студии, од ноември 2011 до декември 2013. | 0,5 |
| 12 | Член на Комисија за спроведување на предметот пракса за втор циклус за студиската програма по градежништво – хидротехничка насока. | 0,5 |
| 13 | Член на комисија за избор во звање /2 | 0,4 |
| 14 | Раководител на Катедрата за водоснабдување, канализација и мелиорации (од 17 октомври 2012 година во два мандатни периода). | 6 |
| 15 | Член во комисии на државни органи: член на Комисијата од областа на здравството и заштитата и унапредувањето на човековата околина за доделување на државната награда „Св. Климент Охридски“. | 1 |
| 16 | Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност, членство во COST - акцијата CA15115 Mining the European Anthroposphere. | 2 |
| | **Вкупно (1-16)** | 17,9 |
| | | |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 69,51 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 49,891 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 10 |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | 17,9 |
| **Вкупно** | 147,301 |

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

1. Проф. д-р Живко Велјаноски с.р.
2. Проф. д-р Петко Пеливаноски с.р.
3. Проф. д-р Ордан Чукалиев с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД ОБЛАСТА НА МЕТАЛНИТЕ КОНСТРУКЦИИ НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на својата 438. седница одржана на 11. VII 2016 година, нѐ именува за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од областа на металните конструкции, а врз основа на конкурсот објавен во весникот „Нова Македонија" од 20. VI 2016 година.

По извршениот преглед на приложената документација, констатирано е дека на конкурсот се пријавил д-р Петар Цветановски, дипл.град.инж., редовен професор на Катедрата за метални конструкции на Градежниот факултет во Скопје.

Врз основа на приложената документација, како и врз основа на личното познавање на кандидатот, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот д-р Петар Цветановски е роден на 28. VII 1957 год. во Битола. Основното и средното образование (Гимназија „Ј.Б.-Тито”) ги завршил во родниот град.

Во учебната 1976/77 год. се запишал на Градежниот факултет во Скопје на студиите од VII1 степен по градежништво - конструктивна насока. Студиите ги завршил во септември 1980 год., една година пред предвидениот рок за студирање, со дипломската работа **Спрегнат челичен мост, систем континуирана греда на три полиња**. Како најдобро дипломиран студент во генерацијата добил пофалница од ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”. Истата година се запишал на постдипломските студии на Градежниот факултет во Скопје.

По дипломирањето стапил на работа во Фабриката за производство и монтажа на челични конструкции „Металец” - Прилеп, каде што работел како самостоен проектант и раководител на монтажа. Во јули 1982, година заминал на отслужување на воениот рок.

Во учебната 1983/84 год. бил избран како помлад асистент на Катедрата за челични конструкции на Градежниот факултет во Скопје, а во истото звање бил реизбран во 1987.

Постдипломските студии на Градежниот факултет ги завршил во септември 1991, год. со одбрана на магистерскиот труд **Отпорност на челичните конструкции на пожар и високи температури**. Во 1992. год. бил избран за асистент на Катедрата за челични конструкции, а во 1995, и 1998, година бил реизбран во истото звање.

Во 1996, год. од Наставно-научниот совет на Градежниот факултет ја прифатил пријавата на кандидатот за изработка на докторската дисертација под наслов **Модел на гранична состојба - критична температура во анализата на пожарната отпорност на челичните конструкции**, која кандидатот успешно ја одбранил во 2011. год., со што се стекнал со научниот степен доктор на технички науки од областа на градежништвото.

Во април 2002, год. бил избран за доцент, а во февруари 2007. год. бил избран за вонреден професор на Катедрата за метални конструкции на Градежниот факултет во Скопје.

Во текот на октомври 2006, год., преку програмата CEEPUS, кандидатот бил гостин на Градежниот факултет во Подгорица, каде што одржал предавања на тема „Steel Structures Subjected to Fire - thermal and structural analyzes based on eurocods”.

Кандидатот, во два последователни мандата од 2002, до 2006, година и во мандатниот период од 2011. до 2015. година, бил избран за

раководител на Катедрата за метални конструкции, а во јуни 2007. год. бил избран на функцијата декан на Градежниот факултет за мандатниот период 2007/2011 год.

Кандидатот, во мандатниот период од 2012. до 2016. година, бил избран за член на Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј".

Кандидатот е активен член на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на РМ. Бил избран за член во Собранието на КОАИ во периодот од 2012, до 2016, година, а во мандатниот период од 2016, до 2020, година е избран за раководител на Одделението на градежни инженери.

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Од изборот во звањето редовен професор до сега, на првиот циклус студии на Градежниот факултет, кандидатот ги покрива предавањата на задолжителните предметни програми: **основи на челични конструкции**, **челични конструкции**, **челични конструкции во високоградба**, **челични мостови (К)**, **челични мостови (ПЖ)**, **испитување на конструкции**, **челични конструкции (АФ)**, како и предавањата на изборните предметни програми: **висечки конструкции**, **спрегнати конструкции** и **алуминиумски конструкции**.

Кандидатот, во континуитет, бил вклучен и во наставата на вториот циклус студии на Градежниот факултет на конструктивната насока, со предметната програма **специјални метални конструкции**.

Кандидатот има подготвено скрипти и материјали, достапни во електронска форма, за сите предметни програми на кои држи настава. Покрај предавањата, кандидатот има подготвено и соодветни материјали поврзани со реализацијата на вежбите и изработката на програмите.

Просечната оценка на кандидатот од самоевалуацијата, во извештајниот период, изнесува 9,68.

Вреди да се истакне дека своето богато искуство во стручната дејност, како и современите трендови за пресметка на челичните конструкции, кандидатот, на оптимален начин, ги имплементира во наставните содржини.

Од изборот во звањето вонреден професор до сега, кандидатот бил ментор на 47 дипломски работи и бил член во комисии за одбрана на 10 дипломски работи.

Во Анексот 2, кој е составен дел на овој Извештај, детално се наведени активностите на кандидатот во наставно-образовната дејност.

## 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во периодот од изборот за редовен професор, особен интерес во научно-истражувачката работа кандидатот посветува на спрегнатите конструкции од челик и бетон. Преку објавените трудови како автор и коавтор, преку предавањата на предметната програма спрегнати конструкции и менторирањето на две докторски дисертации, кандидатот дава несомнен придонес и забележителни резултати во научноистражувачката работа поврзана со спрегнатите конструкции.

Кандидатот е ментор на две докторски дисертации и на три магистерски работи.

Во Анексот 2, кој е составен дел на овој Извештај, детално се наведени активностите на кандидатот во научноистражувачката дејност.

## 4. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатот има богато искуство и забележителни резултати во стручната дејност. Во текот на стручниот развој работел практично во сите сфери од областа на челичните конструкции и испитувањето на конструкциите.

Во периодот од изборот за редовен професор до денес, кандидатот има богат опус во полето на стручно-апликативната дејност, преку изработка на основни проекти, ревизии на проекти, надзори на градби, експертизи и елаборати од извршени испитувања на конструкции.

Вреди посебно да се истакне ангажманот на кандидатот како консултант за челичната конструкција во надзорот на објектот **ДВ 400kV Штип македонско-српска граница и 400kV ДВ поле во ТС 400/110kV Штип.**

Во Анексот 2, кој е составен дел на овој Извештај, детално се наведени активностите на кандидатот во стручно-апликативната дејност.

## 5. ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Кандидатот во мандатниот период од 2012, до 2016, година беше член и активно дејствуваше во работата на Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”.

Во изминатиот период, кандидатот имаше значителен ангажман во стручната ревизија на преводите на Еврокод 3 и Еврокод 4, како и во семинарите за имплементација на еврокодовите во нашата техничка регулатива и инженерска практика.

Изборот на кандидатот за раководител на Одделението на градежни инженери при Комората на овластени архитекти и овластени инженери на РМ укажува на високиот углед кој кандидатот го има во стручната фела.

**ЗАКЛУЧОК**

Од претходно изнесеното може да се заклучи дека кандидатот д-р Петар Цветановски, редовен професор на Градежниот факултет во Скопје, покажува континуитет и напредок во активностите поврзани со наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност.

Во наставно-образовната дејност, кандидатот со успех ја покрива наставата на десет предметни програми од првиот циклус студии и на една предметна програма од вториот циклус студиина Градежниот факултет. Бројот на менторства на дипломски и магистерски работи е евидентен доказ за интересот кој студентите го покажуваат за наставните содржини во областа која ја покрива кандидатот.

На полето на научноистражувачката дејност, кандидатот покажува особен интерес за спрегнатите конструкции од челик и бетон, активно ги следи актуелните достигнувања и ги имплементира во наставата.

Активноста и резултатите на кандидатот на полето на стручно-апликативната дејност го вбројуваат во ценетите стручњаци од областа на челичните конструкции кај нас и пошироко.

Врз основа на изнесеното, на целокупниот ангажман кој ги задоволува критериумите пропишани во Правилникот за избор во наставно-научни звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и на личното познавање на кандидатот, ни претставува чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет, кандидатот д-р Петар Цветановски да биде повторно избран во звањето редовен професор од областа на металните конструкции.

Членови на Рецензентската комисија,

1. Проф. д-р Тихомир Николовски, с.р.

2. Проф. м-р Симеон Танев, с.р.

3. Проф. д-р Атанас Филиповски, с.р.

**Анекс 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Петар Александар Цветановски**

**Институција: Градежен факултет - Скопје**

**Научна област: градежништво, челични (метални) конструкции**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Учебна 2011/2012 година** | **8.70** |
| | ***Предавања на прв циклус студии:*** | |
| 1 | Челични конструкции (ПЖ и Х)/3 | 1.80 |
| 2 | Челични конструкции во високоградба/3 | 1.80 |
| 3 | Испитување на конструкции/2 | 1.20 |
| 4 | Висечки конструкции/2 | 1.20 |

| | | |
|---|---|---|
| 5 | Спрегнати конструкции/2 | 1.20 |
| | ***Предавања на втор циклус студии:*** | |
| 6 | Специјални метални консструкции/2 | 1.50 |
| | **Учебна 2012/2013 година** | **15.90** |
| | ***Предавања на прв циклус студии:*** | |
| 1 | Основи на челични конструкции/3 | 1.80 |
| 2 | Челични конструкции (ПЖ и Х)/3 | 1.80 |
| 3 | Челични конструкции во високоградба/3 | 1.80 |
| 4 | Челични мостови(К)/3 | 1.80 |
| 5 | Челични мостови (ПЖ)/2 | 1.20 |
| 6 | Испитување на конструкции/2 | 1.20 |
| 7 | Висечки конструкции/2 | 1.20 |
| 8 | Спрегнати конструкции/2 | 1.20 |
| 9 | Алуминиумски конструкции/2 | 1.20 |
| 10 | Челични конструкции (АФ)/2 | 1.20 |
| | ***Предавања на втор циклус студии:*** | |
| 11 | Специјални метални консструкции/2 | 1.50 |
| | **Учебна 2013/2014 година** | **15.90** |
| | ***Предавања на прв циклус студии:*** | |
| 1 | Основи на челични конструкции/3 | 1.80 |
| 2 | Челични конструкции (ПЖ и Х)/3 | 1.80 |
| 3 | Челични конструкции во високоградба/3 | 1.80 |
| 4 | Челични мостови(К)/3 | 1.80 |
| 5 | Челични мостови (ПЖ)/2 | 1.20 |
| 6 | Испитување на конструкции/2 | 1.20 |
| 7 | Висечки конструкции/2 | 1.20 |
| 8 | Спрегнати конструкции/2 | 1.20 |
| 9 | Алуминиумски конструкции/2 | 1.20 |

| | | |
|---|---|---|
| 10 | Челични конструкции (АФ)/2 | 1.20 |
| | ***Предавања на втор циклус студии:*** | |
| 11 | Специјални метални конструкции/2 | 1.50 |
| | **Учебна 2014/2015 година** | **15.90** |
| | ***Предавања на прв циклус студии:*** | |
| 1 | Основи на челични конструкции/3 | 1.80 |
| 2 | Челични конструкции (ПЖ и Х)/3 | 1.80 |
| 3 | Челични конструкции во високоградба/3 | 1.80 |
| 4 | Челични мостови(К)/3 | 1.80 |
| 5 | Челични мостови (ПЖ)/2 | 1.20 |
| 6 | Испитување на конструкции/2 | 1.20 |
| 7 | Висечки конструкции/2 | 1.20 |
| 8 | Спрегнати конструкции/2 | 1.20 |
| 9 | Алуминиумски конструкции/2 | 1.20 |
| 10 | Челични конструкции (АФ)/2 | 1.20 |
| | ***Предавања на втор циклус студии:*** | |
| 11 | Специјални метални консструкции/2 | 1.50 |
| | **Учебна 2015/2016 година** | **9.30** |
| | ***Предавања на прв циклус студии:*** | |
| 1 | Основи на челични конструкции/3 | 1.80 |
| 2 | Челични конструкции во високоградба/3 | 1.80 |
| 3 | Челични мостови(К)/3 | 1.80 |
| 4 | Испитување на конструкции/2 | 1.20 |
| 5 | Челични конструкции (АФ)/2 | 1.20 |
| | ***Предавања на втор циклус студии:*** | |
| 6 | Специјални метални консструкции/2 | 1.50 |
| | **Дипломски работи, учество во комисии** | **13.40** |
| | Ментор на дипломска работа/47 | 9.40 |

| | | |
|---|---|---|
| | Комисија за одбрана на дипломска работа - член/10 | 1.00 |
| | Комисија за одбрана на магистерска - член/5 | 1.50 |
| | Комисија за одбрана на докторска - член/3 | 1.50 |
| | **Вкупно** | **79,10** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Ментор** | **9.00** |
| 1 | Ментор на докторска дисертација/2 | 6.00 |
| 2 | Ментор на магистерска работа/3 | 3.00 |
| | **Научно-стручни трудови** | **18.20** |
| 1 | SamardzioskaT., Trombeva-GavrilovskaA., CvetanovskiP., PopovskiD., PartikovM., „Strengthening and overbuilding of car service Automakedonija in Skopje“, Macedonia, Journal of Applied Engineering Science, 2012.<br>*референтно научно-стручно списание со меѓ. уредувачки одбор* | 3.60 |
| 2 | Poposka M., Petreski B., Cvetanovski P., Popovski D., „Experimetnal procedure for slip factor determining at connections with preloaded bolts“, e-GFOS, Vil. 5, No. 8, 07.2014<br>*референтно научно-стручно списание со меѓ. уредувачки одбор* | 2.40 |
| 3 | Popovski D., Partikov M., Cvetanovski P., „Testing the behaviour of continuous composite beam pre-stressed by controlled imposed deformations“, SJCE, Volume 4, Issue 2, 12.2015.<br>*референтно научно-стручно списание со меѓ. уредувачки одбор* | 3.20 |
| 4 | ПоповскиД., ПартиковМ., ЦветановскиП., ФилиповскиА., „Пресметување на центрично притиснат елемент према Еврокод 9“, ДГКМ, 15.Симпозиум, Струга, Македонија, 2013 год<br>*научно-стручен собир со меѓ. уредувачки одбор* | 1.80 |
| 5 | PopovskiD., CvetanovskiP., PartikovM., “The effects of the pre-stressing by controlledimposeddeformation of continuous composite beams“, MASE 16th symposium, Ohrid, Macedonia, 2015. | 2.40 |

| | | |
|---|---|---|
| | *научно-стручен собир со меѓ. уредувачки одбор* | |
| 6 | PopovskiD., CvetanovskiP., PartikovM., "Testing the behavior of shearconnectors", MASE 16th symposium, Ohrid, Macedonia, 2015.<br><br>*научно-стручен собир со меѓ. уредувачки одбор* | 2.40 |
| 7 | ПартиковМ., ЦветановскиП., ПоповскиД., „Проектирање на решеткаст носач со К јазли според Еврокод 3", ДГКМ, 16.Симпозиум, Охрид, Македонија, 2015.<br><br>*научно-стручен собир со меѓ. уредувачки одбор* | 2.40 |
| | **Национален научноистражувачки проект** | **3.00** |
| 1 | Учесник во научен проект финансиран од УКИМ за 2013год.<br><br>"Класификација на национално дефинираните параметри за материјалните еврокодови и проценка на потребните средства за нивно дефинирање" - главен истражувач проф. д-р Горан Марковски | 3.00 |
| | **Вкупно:** | **30,20** |

***Ментор***

Докторски дисертации:

[1] "Совладување на водите и водните текови во Република Македонија во воени услови" - м-р Сенто Цветановски, воена академија-инженерија, одбранета во октомври 2015 год.
[2] "Експериментално и теориско истражување на ефектите од спрегањето на челикот и бетонот кај континуирани носачи од меѓукатни конструкции" - м-р Денис Поповски, дипл.град.инж, одбранета во септември 2015 год.

Магистерски работи:

[1] "Анализа на ефектите од времените потпори кај спрегнати греди од челик и бетон според Еврокод 4 " - Никола Арсовски, дипл.град.инж.
[2] "Рационализација на спрегнати конструкции од бетон и челик со користење на методи за преднапрегање " - Тодор Тошев, дипл.град.инж.
[3] "Избор на пожарна заштита во обликувањето на внатрешниот простор кај челичните конструкции " - Дијана Индовски, дипл. инж.арх.

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | Стручни проекти | |

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Основен проект за "Надградба на сервисот на Аутомакедонија во Автокоманда - Скопје"<br><br>*одговорен проектант* | 4.00 |
| 2 | Основен проект за "Портали за вертикална сигнализација на Регионален пат Р1301 Охрид-Св.Наум", инвеститор: Металтехна ДОО Скопје<br><br>*одговорен проектант* | 4.00 |
| 3 | Основен проект за "Погон за производство на млеко и млечни производи", Инвеститор ДОО ИМВ Индустрија за млеко Велковски<br><br>*одговорен проектант* | 4.00 |
| 4 | Надзор на објект: ДВ 400kV Штип македонско-српска граница и 400kV ДВ поле во ТС 400/110kV Штип<br><br>*консултант за челична конструкција* | 1.00 |
| 5 | Ревизија на Основен проект за "Производна хала за заварени склопови" во Индустриска зона запад - Штип, инвеститор: Актива ДОО - Штип<br><br>*одговорен ревидент* | 1.00 |
| 6 | Ревизија на Основен проект за "Поставување на урбана опрема Сплав-1 на река Вардар" кеј 13-ти Ноември Скопје , инвеститор Фаланга ДИМ ДООЕЛ - Скопје<br><br>*одговорен ревидент* | 1.00 |
| 7 | Ревизија на Основен проект за "Поставување на урбана опрема Сплав-4 на река Вардар" кеј 13-ти Ноември Скопје , инвеститор Фаланга ДИМ ДООЕЛ - Скопје<br><br>*одговорен ревидент* | 1.00 |
| 8 | Ревизија на Основен проект за "Техничко решение за носечка конструкција за сигнализациона опрема (патоказни табли) за Регионален патен правец Р1106 (Р104) Јурумлери-Драчево-Маркова сушица-Нова Брезница-Суводол-Калугерац", инвеститор: ЈП за државни патишта на РМ<br><br>*одговорен ревидент* | 1.00 |
| 9 | Ревизија на Основен проект за "Техничко решение за носечка конструкција за сигнализациона опрема (патоказни табли) за | 1.00 |

| | | |
|---|---|---|
| | Регионален патен правец P2136/P2135 (P-105/P123) Ржаничино-Горно Коњари-Свети Николе“, инвеститор: ЈП за државни патишта на РМ<br><br>*одговорен ревидент* | |
| 10 | Ревизија на Основен проект за “Техничко решение за носечка конструкција за сигнализациона опрема (патоказни табли) за Регионален патен правец Р-1103 Лакавица-Неготино-Кавадарци-Дреново“, инвеститор: ЈП за државни патишта на РМ<br><br>*одговорен ревидент* | 1.00 |
| 11 | Ревизија на Основен проект за “Техничко решение за носечка конструкција за сигнализациона опрема (патоказни табли) за Регионален патен правец P1401/P1105 (Р-110) Давидово-Раброво и крак кон Марвинци од P1401/P1105 “, инвеститор: ЈП за државни патишта на РМ<br><br>*одговорен ревидент* | 1.00 |
| 12 | Ревизија на Основен проект за “Техничко решение за носечка конструкција за сигнализациона опрема (патоказни табли) за Регионален патен правец P1205 (Р-206) Страцин-Кратово-Пробиштип-Крупиште“, инвеститор ЈП за државни патишта на РМ<br><br>*одговорен ревидент* | 1.00 |
| 13 | Ревизија на Основен проект за “Техничко решение за носечка конструкција за сигнализациона опрема (патоказни табли) за Регионален патен правец P1201 (Р-418) Струга-Дебар“, инвеститор: ЈП за државни патишта на РМ<br><br>*одговорен ревидент* | 1.00 |
| 14 | Ревизија на Основен проект за “Техничко решение за носечка конструкција за сигнализациона опрема (патоказни табли) за Регионален патен правец Р-1308-Макази-Маркова Нога и кракот Макази до граничен премин Стење P1101 и Р-1307 и крак Асамати-Претор и крак за св. Богородица “, инвеститор ЈП за државни патишта на РМ<br><br>*одговорен ревидент* | 1.00 |
| 15 | Ревизија на Основен проект за “Техничко решение за носечка конструкција за сигнализациона опрема (патоказни табли) за Регионален патен правец Р-1303 (Р513) Прилеп-Македонски | 1.00 |

| | | |
|---|---|---|
| | Брод-Кичево А2Е (Е-65)", инвеститор: ЈП за државни патишта на РМ<br><br>*одговорен ревидент* | |
| 16 | Ревизија на Основен проект за "Техничко решение за носечка конструкција за сигнализациона опрема (патоказни табли) за Регионален патен правец Р-1306 (Р516) Прилеп-Кривогаштани-Крушево-Сладуево и крак 1 на Р1306 (Р-516) Журче-манастир св. Атанас", инвеститор: ЈП за државни патишта на РМ<br><br>*одговорен ревидент* | 1.00 |
| 17 | Ревизија на Основен проект за "Техничко решение за носечка конструкција за сигнализациона опрема (патоказни табли) за Регионален патен правец Р-1304 (Р527) Превалец-Смојмирово", инвеститор: ЈП за државни патишта на РМ<br><br>*одговорен ревидент* | 1.00 |
| 18 | Ревизија на Основен проект за "Техничко решение за носечка конструкција за сигнализациона опрема (патоказни табли) за Регионален патен правец Р-1401/1105 (Р-604) Струмица-Дојран", инвеститор: ЈП за државни патишта на РМ<br><br>*одговорен ревидент* | 1.00 |
| 19 | Ревизија на Основен проект за "Систем за отпрашување кај четврти дампер на погон челичарница", инвеститор: МАКСТИЛ АД - Скопје<br><br>*одговорен ревидент* | 1.00 |
| 20 | Ревизија на Основен проект за "Комплекс за производство на минерална вода и гас", инвеститор: ГЕОГАС ДООЕЛ - Скопје<br><br>*одговорен ревидент* | 1.00 |
| 21 | Ревизија на Основен проект за "Инфраструктура за пешачки мост преку р. Вардар од Спортска сала МЗТ до Керамидница", инвеститор: Град Скопје<br><br>*одговорен ревидент* | 1.00 |
| 22 | Ревизија на Основен проект за "Инфраструктура за пешачки мост преку р.Вардар од Плоштад Авион до Вардариште", инвеститор: Град Скопје | 1.00 |

| | | |
|---|---|---|
| | *одговорен ревидент* | |
| 23 | Ревизија на Основен проект за "Надстрешница за наплатна станица Градско", инвеститор: ЈП за државни патишта на РМ<br><br>*одговорен ревидент* | 1.00 |
| 24 | Ревизија на Основен проект за "Натстрешница за наплатна станица Романовце", инвеститор: ЈП за државни патишта на РМ<br><br>*одговорен ревидент* | 1.00 |
| 25 | Ревизија на Основен проект за "Адаптација на дел од содржините на облектот на Влада на РМ - Кула 2", инвеститор: СОЗР при Влада на РМ<br><br>*одговорен ревидент* | 1.00 |
| 26 | Ревизија на Основен проект за "Челична конструкција за надстрешница на Градски стадион Арена Филип Втори - источна фасада", инвеститор: Торакс ДОО - Скопје<br><br>*одговорен ревидент* | 1.00 |
| 27 | Елаборат за утврдување на причините за настанување и процена на штетата на латерни над објект со електропечки во Фени Индустри АД Кавадарци, нарачател: АД Винер осигурување<br><br>*одговорен инженер* | 2.00 |
| 28 | "Bridge-builder structure testing" - Елаборат од испитување на носивост на челична конструкција за Актор-Грција<br><br>*одговорен инженер* | 2.00 |
| 29 | Стручно мислење за носивоста и стабилноста на елементи од челичната конструкција на Милениумски крст - Водно<br><br>*одговорен инженер* | 2.00 |
| 30 | Елаборат од испитување со пробен товар на а.б. патен мост на р.Ињево, инвеститор: ЕЛС Општина Радовиш<br><br>*одговорен инженер* | 2.00 |
| 31 | Елаборат од испитување со пробен товар на а.б. патен мост на Радовишка река, Инвеститор ЕЛС Општина Радовиш | 2.00 |

| | | |
|---|---|---|
| | *одговорен инженер* | |
| 32 | Елаборат од испитување на шахти со капаци тип RP203/A15 и RP207/B125 согласно на EN124, Инвеститор МЗТ Леарница АД Скопје<br><br>*одговорен инженер* | 2.00 |
| | Вкупно: | 47.00 |
| | **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | |
| 1 | Координатор на тимот за стручна ревизија на преводите на Еврокодовите за конструкции (EC3, EC4) | 2.00 |
| 2 | Учество во изготвувањето на материјалот и реализацијата на семинарите за имплементација на Еврокодовите за конструкции (EC3), во организација на КОАИ и Градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје | 1.00 |
| 3 | Раководител на Кадедра за метални конструкции 2011-2015 | 3.00 |
| 4 | Член на Сенатот на УКИМ 2012-2016 | 2.00 |
| 5 | Член на комисија за избор во звање/2 | 0.40 |
| | Вкупно: | 8.40 |
| | **Сé вкупно:** | **55,40** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ПОВТОРЕН ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО **РЕДОВЕН ПРОФЕСОР** | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **79,10** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **30,20** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **55,40** |
| **Вкупно:** | **164,70** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. **Проф. д-р Тихомир Николовски, с.р.**

2. **Проф. м-р Симеон Танев, с.р.**

3. **Проф. д-р Атанас Филиповски, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
**ИНСТИТУЦИОНАЛНИ АСПЕКТИ НА ПЛАНИРАЊЕТО НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ,**

ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТКАТА М-Р ВИРНА МАНАСИЕВА - ГЕРАСИМОВА,
ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 120 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 64/00, 49/03, 113/05 и 51/07), членовите 56, 57, 58, 59, 60 и 61 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 7/2001) и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а според Одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, бр. 02-976/2, донесена на седницата одржана на 30.5.2016 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов ИНСТИТУЦИОНАЛНИ АСПЕКТИ НА ПЛАНИРАЊЕТО НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ, поднесена од кандидатката м-р Вирна Манасиева-Герасимова.

По внимателното и опстојно прегледување на докторската дисертација, Комисијата му го поднесува на Наставно-научниот совет следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

ОПФАТ И СОДРЖИНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Докторската дисертација содржи вкупно 180 страници, од кои на текст отпаѓаат 171 страница, а користената литература е приложена на 9 страници.

Концепциски погледнато, содржината на дисертацијата е логично систематизирана и се состои од следниве поглавја:

| | |
|---|---|
| Апстракт | ( I-III) |
| Содржина | (IV-VII) |
| Вовед | (стр. 1-5) |
| Глава I – Воведни разгледувања и поимско определување на локалниот економски развој | (стр. 8-56) |
| Глава II – Процес на институционално планирање на локалниот економски развој | (стр. 59-103) |
| Глава III – Стратешки пристап во планирањето и имплементацијата на плановите за локален економски развој | (стр. 112-129) |
| Глава IV –Перспектива и корелација на планирањето на локалниот и регионалниот економски развој во Република Македонија | (стр. 134-147) |
| Глава V – Препораки за подобрување на институционалниот пристап на планирањето на локалниот економски развој | (стр. 151-160) |
| Заклучни согледувања | (стр. 165-171) |
| Користена литература | (стр. 172-180) |


Во *воведот* на дисертацијата, кандидатката ја појаснува актуелноста на истражуваната проблематика. Потоа ги дефинира предметот, целите и задачите на истражувањето, како и користениот методолошки пристап. Во завршниот дел од воведот, во кратки црти е презентирана материјата што е обработена и презентирана во дисертацијата.

Во *првата глава* под наслов „Воведни разгледувања и поимско определување на локалниот економски развој", кандидатката сеопфатно ја дефинира и ја анализира теоретската и концептуална рамка на планирањето на ЛЕР, како и елементите, чекорите/фазите во процесот на планирање и модели на ЛЕР согласно со спецификите на различни општини во Македонија. На почетокот на овој дел од трудот, кандидатката дава **осврт на теориите** што постојат во литературата и кои се обидуваат да ги истакнат врските меѓу самите чинители во процесот на локалниот економски развој, како и факторите на пазарот и економската политика кои му влијаат, односно го моделираат овој процес. Теоријата на планирањето е обработена преку неокласичната, базичната, теоријата на економска основа и на производен циклус, теоријата на половите и локациската теорија.

Во елаборацијата на научните теории, кандидатката значајно место им посветува не само на факторите и клучните елементи кои ги одредуваат различните правци во економската научна мисла (трошоци, локација, ресурси, влијание на локалните фактори, технологија, иновација и сл.), туку до одреден степен се фокусира и на пристапот на новата парадигма која ги обликува политиките и стратегиите за ЛЕР. Осврtот на теориите е заокружен со делот кој ги разгледува овие економски теории од аспект на институционалната економија, која во својот фокус на интерес тргнува од улогата на институциите, кои во релација со поединци, фирми, општини, региони и држави, но и социјални норми, во економско опкружување на континуирана конкуренција го забрзува процесот на економските промени.

Во продолжение на овој дел од докторската дисертација, кандидатката дава **преглед на моделите** според кои се пристапува кон процесот на изработка на стратегија за економски развој, при што ги презентира планските фази и чекори во изготвувањето на стратегиите промовирани од разни меѓународни донаторски агенции (USAID, Светска банка, UNDP, VNG и др.), и кои се анализирани преку сличностите и разликите што ги поврзуваат или одвојуваат. Секако, посебна нагласка се става на анализата на економското планирање низ призмата на децентрализираните надлежности на општините, со посебна нагласка на **механизмите на граѓанско учество при одлучувањето**. Тоа е еден од основните постулати не само на децентрализацијата, туку и на демократијата воопшто, бидејќи токму според учеството на граѓаните во процесот на одлучување, се мери и степенот на демократизација на едно општество.

Кандидатката, на крајот на овој дел од докторската дисертација, анализира прашања поврзани со **дефинирањето на ЛЕР**, планирање на неговите одделни фази и елементи, опишување на неговите карактеристики, содржина, предности и слабости, како и различни модели и нивната примена во зависност од карактеристични специфики на општините во Македонија (модел на ЛЕР во урбана, во рурална средина и комбиниран модел). Локалниот економски развој овде се разгледува како збир на многу различни технички дисциплини, како планирање, економија, маркетинг, но и други функции кои се покриваат од страна на локалната самоуправа и приватниот сектор: генерално и урбанистичко планирање, обезбедување инфраструктура, трговија со недвижнини, финансирање и др.

Во *втората глава* насловена „Процес на институционално планирање на локалниот економски развој", кандидатката м-р Вирна Манасиева-Герасимова става акцент на анализата на разните субјекти и институции претставени како легитимни ентитети во планирањето на ЛЕР и нивната улога, можното подобрување на ЛЕР преку правилна примена на институционалниот пристап, неговиот опфат, финансиска, организациона и пазарна одржливост на институциите поврзани со планирањето на ЛЕР и сл. Преку анализа на правно-регулативна агенда и компилација на закони кои поконкретно го определуваат, ЛЕР е презентиран како процес на градење на капацитетите на локалните власти во областа на определување на моменталната состојба (на економски развој) на општините, стратешкото и акционо планирање и имплементација на општинските планови, поттикнување на учеството на граѓаните во процесот на одлучување, воспоставување нови форми на соработка и дијалог меѓу приватниот и јавниот сектор (јавно-приватно партнерство) и сл.

Посебно е разработен делот што се однесува на децентрализацијата како процес на пренесување на власт и моќ од централно на локално ниво, која меѓу другото нуди и планирање на економскиот развој и зголемени можности за остварување приходи на општините. Овој дел од докторската дисертација е заокружен со анализа на студија на случај во македонска општина и општина во земја членка на ЕУ, преку согледување на позитивните и негативните аспекти од интеракцијата меѓу различни институции кои на некој начин ја покриваат проблематиката на ЛЕР.

*Третата глава* на дисертацијата носи наслов „Стратешки пристап во планирањето и имплементацијата на плановите за локален економски развој". Кандидатката со право констатира дека локалниот економски развој, како една од десетината нови надлежности кои на општините им ги донесе процесот на децентрализација, подразбира и утврдување на развојни и

структурни приоритети, поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемаштвото на локално ниво. Преку теоретска анализа и анализа добиена од истражувањето, пренесени се искуства на општини кои постигнале завидни резултати во привлекувањето странски директни инвестиции, во развојот на претприамаштвото и мали и средни претпријатија, како и во намалување на невработеноста. Овие информации и искуства можат да се искористат како основа за градење на добра практика за развој на општините во духот на трансформацијата од бирократија до советодавна власт.

Во наредните подделови, кандидатката м-р Вирна Манасиева–Герасимова ги елаборира чекорите на процесот на акционо планирање како дел од локалниот економски развој, критичните фактори кои може да влијаат во спроведувањето, а анализирани и презентирани се и различни алатки за имплементирање на акционото планирање. Ова поглавје завршува со анализа на управувањето со ризици (определување, нивелирање по степен на загрозување, примена на мерки за превенција од ризици) и со споредба на искуства во нашата и земја членка на ЕУ.

Во *четвртата глава* со наслов „Перспектива и корелација на планирањето на локалниот и регионалниот економски развој во Република Македонија“, кандидатката се фокусира на анализа на институциите поврзани со ЛЕР, нивното функционирање и дизајнирањето на интегриран систем на компатибилни институционални политики кои го стимулираат ЛЕР. Кандидатката м-р Вирна Манасиева–Герасимова, забележува дека координацијата меѓу централната и локалната власт е неопходна со цел полесно да се идентификуваат проблемите и да се дефинираат предизвиците со кои се соочуваат бизнисите, бидејќи само кога ќе се хармонизираат активностите на планирање меѓу двете нивоа на одлучување (централно и локално), тогаш ќе може и поефикасно да се искористат постојните ресурси и да се изградат солидни политики за ефикасен локален развој по мера на граѓаните.

Посебно внимание се посветува на споредбена анализа со примери на развој од други региони во Европа, кои се засноваат на нивниот успех на автономно и локално поседувани модели. Образложен е пристапот од дното кон врвот (bottom-up approach), кој почива на ендогениот (внатрешен) развој, т.е. координација на локалните заинтересирани страни за да се постигне заедничка акција и кохезија на локално ниво, за сметка на претходно нагласената надворешна координација (централната власт одредува што е добро и корисно за локалната заедница).

Исто така, анализиран е пристапот за спроведување на интегрирано планирање, односно дизајнирање на интегрирани планови. Ваквиот пристап е избран врз основа на мноштво позитивни резултати во многу земји во ЕУ, а дадени се и неколку примери на интегрирано планирање применето во македонски контекст.

Во продолжение е разгледан односот локален – регионален развој и е даден посебен акцент на планските региони и центрите за развој на планските региони. Истакнато е дека политиките на локален и рамномерен регионален развој, финансиски и административно се во директна врска со процесите на децентрализација на државата, а тие стратешки и одржливо треба да се справат со предизвиците на нерамномерниот социјално-економски развој во Македонија.

Последната *петта глава* од дисертацијата носи наслов „Препораки за подобрување на институционалниот пристап при планирањео на локалниот економски развој". Таа претставува одредено заокружување на анализата од претходните глави, бидејќи во неа се аплицирани веќе стекнатите сознанија. Овој дел е посветен на *проблемите и недостатоците на постојната состојба и можностите за надминување на констатираната состојба*, потребни за унапредување на сегашното ниво на локалниот економски развој во земјата, односно зајакнување на институционалните пристапи во градењето на една политика која треба да ги привлече претприемачите, која треба да креира инвестиционо опкружување и која треба да ги помогне постојните и новите компании во развојот на нивниот бизнис и отворањето нови работни места. Ова пак, со цел, локалната заедница да ги искористи сите потенцијали и да го постигне максималното ниво на развој и да обезбеди повисок стандард на живеење на своите граѓани.

На крајот од оваа глава на докторската дисертација, кандидатката ги сумира сознанијата до кои доаѓа во текот на истражувањето и оди чекор понатаму со извлекување конкретни препораки за зајакнување и подобрување на институционалните аспекти на планирањето на локалниот економски развој.

Литературата која е користена од страна на кандидадатката при изработката на докторската дисертација содржи 171 библиографска единица. Насловите во основа се од странски автори и тоа во најголем број од англосаксонското говорно подрачје, но користени се и низа наслови на стручни публикации од домашни автори, како и статии, извештаи и закони. Освен тоа, наведени се и неколку релевантни интернет-страници на домашни и странски институции од кои се преземени бројни студии и неопходни статистички податоци.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ И ПРЕДЛОГ

Трудот на кандидатката м-р Вирна Манасиева-Герасимова со наслов **Институционални аспекти на планирањето на локалниот економски развој** претставува комплексна и научно издржана докторска дисертација, која по пат на теоретско и емпириско истражување пристапува кон современа и актуелна проблематика.

Во последната деценија, локалниот економски развој (ЛЕР) е еден од високо рангираните приоритети на земјите во транзиција во кои се практикува процесот на децентрализација. Овие земји во различен степен добија техничка и експертска помош од меѓународната заедница да се соочат со сите предизвици на состојбата со премин од еден во друг општествено-економски систем и притоа, особено ЛЕР доби исклучително растечки интерес.

Ова доаѓа оттаму што овие земји, кои во не така далечното минато имаа самоуправи во рамките на централизиран систем многу зависен од државата, а сега одеднаш се најдоа во состојба да се соочат со нов систем на локална самоуправа во кој мора да ја применат и практикуваат својата сопствена автономија и одговорност. Навикнати на стабилност, доживотно вработување и

обезбедување на многу услуги од страна на државата, локалните заедници, одеднаш требаше да планираат, да дизајнираат и да имплементираат компетенција која на долг рок ќе обезбеди стабилна економија, висок животен стандард, инвестициско опкружување кое ќе ги помага постојните и новите компании во развојот на нивниот бизнис и отворање на нови работни места.

За да се направи институционално поврзување или координација на сите економски планови и стратегии треба да се има предвид институционалниот капацитет, а тој, за жал, е недоволно развиен. Јакнењето на институционалниот капацитет е процес низ кој поединците и организациите ги зајакнуваат своите способности со цел да ги мобилизираат потребните ресурси за надминување на економските и социјалните проблеми и да изнајдат економски можности за достигнување подобар животен стандард, односно повисок квалитет на живеење. Успехот на една заедница во унапредувањето на економскиот пораст во голем дел зависи од нејзината способност да создаде соодветна институционална рамка. Институциите имаат важна улога во создавање на структури за поддршка, доверба и предвидливост.

Кандидатката **м-р Вирна Манасиева-Герасимова** во својата докторска дисертација со наслов **Институционални аспекти на планирањето на локалниот економски развој** дала сеопфатен пристап во истражувањето на овој клучен аспект на планирањето на локалниот економски развој. Вредноста на трудот се согледува особено во извршената анализа на постојните планови во контекст на институционалното окружување, меѓусебната интеракција, најновите трендови во регионот и пошироко за планирање на локалниот развој во смисла на креирање визија, приоритет на задачите и градење акциони планови. Притоа, земени се предвид спецификите и се води сметка за правната рамка и реалните можности за институционална и административна поддршка.

Значењето на овој научен труд може да го истакнеме преку неколку значајни аспекти.

Прво, кандидатката извршила сеопфатно теоретско истражување на проблематиката на институционалните аспекти на планирањето на локалниот економски развој. Таа дава осврт на литературата која опфаќа теоретски студии од областа на планирањето на ЛЕР, документи од меѓународни организации, проучување конкретни примери на планови и стратегии за ЛЕР во одделни општини во Македонија, но и во општини во рамки на држави членки на ЕУ.

Второ, кандидатката вложила особени напори за сеопфатна анализа на разни субјекти и институции и нивната комплексна интеракција, како легитимни заинтересирани страни во процесот на планирање, дизајнирање и спроведување на ЛЕР. Кандидатката ја анализира улогата на институциите и можното подобрување на локалниот економски развој преку правилна примена на институционалниот пристап, и прави анализа на финансиската, организационата и пазарната одржливост на институциите поврзани со планирањето на локалниот економски развој. Опишаната динамика и констелација на односи меѓу институциите, организациите, локалната самоуправа, ЗЕЛС, централната власт, бизнис секторот и граѓаните се добиваат

научни сознанија за потребата и неопходноста од воспоставување на ефикасни механизми за координација на активностите на органите на локално и централно ниво како фактор за квалитетна имплементација на ЛЕР.

Трето, благодарение на искуствата од институционалните пристапи во планирањето на локалниот економски развој во некои земји членки на ЕУ кои се изнесени во дисертацијата, се доаѓа до исклучително вредни сознанија кои би можеле да се аплицираат и во нашиот контекст. Според добрите практики кои веќе се тестирани, македонските локални и централни власти задолжително би требало да ги земат предвид спецификите, правната рамка и реалните можности за институционална и административна поддршка на процесот на планирање на локален економски развој, и на тој начин, да се натпреваруваат за привлекување потенцијални инвеститори, туристи, како и стручен и компетентен кадар и квалификувана работна сила. Во тој натпревар, економското планирање може да биде заменето со интегрирано, кое другите, економски поразвиени земји во регионов го препознаваат како најсоодветно, бидејќи таквото планирање нуди понуда која е привлечна и за посетителите и за инвеститорите и која има долга листа предности за разлика од понудата што може да ја проектира (само) економското планирање.

Четврто, главниот придонес на оваа докторска дисертација е во обидот да се предложат насоки за подобрување на можните институционални аспекти во процесот на планирање на локалниот економски развој, односно начини на мобилизирање на сите надлежни министерства, агенции за развој, општини и здруженија кои заеднички треба да оформат и воспостават, односно стават во функција, системски модел на следење на ЛЕР преку индикатори и механизми, врз основа на кој ќе бидат идентификувани националните цели за развој, кои пак ќе соодветствуваат со современите светски економски трендови. Препораките се повеќенасочни: во однос на градење на капацитетите на сите национални и локални релевантни субјекти вклучени во процесот на планирање и имплементирање на ЛЕР, како човечки така и институционални, предлагање мерки и модели за воспоставување на систем на подобра координација, насоки за привлекување на приватниот сектор во активно градење на планови и стратегии за ЛЕР, форми за поттикнување на учество на пошироката јавност во дефинирање на приоритетите на општината, регионот и државата, ангажирање механизми за ослободување на ЛЕР од непотребни политички влијанија, воспоставување усогласен систем на прибирање на податоци и формирање електронска дата база со информации за планирање, креирање политики и надградување на плановите, водење грижа за одржливоста на сите проекти во рамките на ЛЕР, заради ограничените финансиски ресурси и многу други.

На 13.6.2016 година, текстот на докторската дисертација на кандидатката м-р Вирна Манасиева-Герасимова на тема Институционално планирање на локалниот економски развој, од страна на менторот беше подложен на проверка за плагијаторство преку софтверскиот пакет на Министерството за образование и наука. Истиот ден добиен е повратен Извештај во кој е констатиран степен на совпаѓање од 6,31%.

ЗАКЛУЧОК

Комисијата има посебно задоволство да констатира дека докторската дисертација со наслов **Институционални аспекти на планирањето на локалниот економски развој** од кандидатката **м-р Вирна Манасиева-Герасимова** претставува солидно изработен научно истражувачки труд. Кандидатката во целост одговорила на поставените тези кои беа прифатени при пријавувањето на дисерацијата. Ние сме сигурни дека дисертацијата, со своите уверливи квалитети, претставува научен придонес во унапредувањето и развојот на институционалните аспекти на планирањето на локалниот економски развој, како од аспект на применетата методологија, но особено поради релевантноста на добиените сознанија од истражувањата. Исто така, цениме дека сознанијата претставуваат и битен придонес и за практиката, особено во доменот на динамичната сфера на законски промени во сферата на иунституционалната поддршка на системот на планирање на локалниот економски развој во Република Македонија.

Врз основа на сето претходно истакнато, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет:

1. да донесе одлука за прифаќање на рецензијата за успешно изработена докторска дисертација на кандидатката м-р Вирна Манасиева Герасимова, под наслов **ИНСТИТУЦИОНАЛНИ АСПЕКТИ НА ПЛАНИРАЊЕТО НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**;
2. да определи комисија за одбрана на докторската дисертација;
3. да одобри закажување датум за јавна одбрана на докторската дисертација.

Комисија
за оцена на докторската дисертација

1. Проф. д-р Сашо Ќосев, с.р.

2. Проф. д-р Пеце Недановски, с.р.

3. Проф. д-р Наталија Николовска, с.р.

4. Проф. д-р Методија Несторовски, с.р.

5. Доц. д-р Даниела Мамучевска, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
**ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРИДОНЕС КОН РАЗВОЈ НА МАТРИЦА НА ИНДИКАТОРИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА КОНЦЕПТОТ ЗА ПОЧИСТО ПРОИЗВОДСТВО ВО НАСОКА НА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ“ ОД М-Р НАТАША БАКРЕСКА-КОРМУШОСКА, ПРИЈАВЕНА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, на својата 46 редовна седница, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Наташа Бакреска Кормушоска, Одлука број 02-699/2, со наслов ,,Придонес кон развој на матрица на индикатори за имплементација на концептот за почисто производство во насока на одржлив развој“, во состав: проф. д-р Атанас Кочов, проф. д-р Роберт Миновски, проф. д-р Валентина Гечевска, проф. д-р Мира Вукчевиќ, Технолошко-металуршки факултет, Универзитет во Подгорица, Црна Гора и д-р Бранко Дуњиќ, виш научен соработник, Технолошко-метлауршки факултет, Универзитет во Белград, Србија.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Наташа Бакреска-Кормушоска, со наслов „Придонес кон развој на матрица на индикатори за имплементација на концептот за почисто производство во насока на одржлив развој“, содржи 182 страници компјутерски обработен текст во фонт Georgia, со 1,15 проред и големина на букви 12, со 175 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 10 глави, меѓу кои се вклучени вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **апстрактот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, истражувачките прашања, теоретската основа и методите на истражувањето. Кандидатката укажува дека идентификувањето на матрица на индикатори значајни за имплементирање на ефикасно, во однос на ресурси и почисто производство (RECP, Resource Efficient and Cleaner Production) е специфично за различен тип на индустрија, за различни услови на работење и опкружување. Како пример во истражувањето е земена цементната индустрија во Република Македонија, Косово и дел од Србија. Кога во процесот на одлучување се користат индикатори, важно е да се утврдат меѓусебните врски и зависноста помеѓу одделни индикатори. При донесувањето одлуки за имплементација на RECP- методологијата, неопходни се методи за мерење и оцена на идните ефекти од спроведувањето на одредена мерка. Мултикритеријалното одлучување е неопходност при оценување на такви комплексни системи. Анализата и приоретизацијата на идентификуваните индикатори и подиндикатори со помош на АХП-методологијата (AHP, Analytic Hierarchy Process) дава јасна слика за целиот систем, како и за долгорочните импликации од актуелните одлуки и однесување. Намалувањето на емисиите на јаглероден диоксид, како особено значајно прашање за цементната индустрија, е издвоено во посебна хиерархија.

**Првата глава** од докторската дисертација е насловена „Вовед“. Во неа е анализирана потребата на современото општество паралелно со развојот на техниката и технологијата, сè почесто да ги истакнува социјалните прашања и прашањата за заштитата на животната средина. Посебено е елаборирана потребата за одржлив индустриски развој и технологијата на почистото производство како концепт кој истовремено поттикнува зголемена продуктивност и заштита на животната средина. На крајот се поставуваат и тезите кои се предмет на истражувањето, односно дефинирање на матрица која се базира на систем од физички индикатори и е адаптирана на специфични услови на производство, а како долгорочна цел има подобрување на конкурентноста и одржливоста на компаниите преку ефикасно спроведување на концептот на почисто производство.

**Втората глава** се осврнува генерално на одржливиот развој и развојот на приодите за заштита на животната средина. Посочени се дефинициите за одржлив развој и посебно се разгледани културолошките аспекти на одржливиот развој. Понатаму, во втората глава е даден преглед на поновите иницијативи и алатките за евалуација на корпоративна одржливост, развојот и придобивките од концептот на одржливо претприемаштво, како и интегрираниот модел на корпоративна одржливост.

**Третата глава** го објаснува почистото производство како концепт што нуди генерални насоки за практична примена на концептуалната рамка на одржливиот развој. Во оваа глава елаборирана е и глобалната потребата за одржлив развој, која резултира со донесување на мултинационални договори за животна средина. Потенцирано е дека примената на концептот на почисто производство е тесно поврзана со целите на меѓународното управување со животната средина и овозможува синергија помеѓу различните мултинационални договори за животна средина. Разгледувани се три мултинационални договори кои се особено важни за индустријата - Протоколот од Кјото кон Рамковната конвенција на ОН за климатски промени (UNFCCC), Базелската конвенција за контрола на прекугранично движење на опасен отпад и негово депонирање, како и Стокхолмската конвенција за неразградливи органски загадувачи (POPs).

**Четвртата глава** дава приказ на алатката за ефикасно користење на ресурсите и почисто производство (RECP-Resource Efficient and Cleaner Production), која е дизајнирана на ниво на компанија. Објаснет е системот на RECP-индикатори и начинот на управување со перформансите во рамки на тој систем, прикажан е начинот на пресметка на RECP индикаторите и дадени се карактеристиките на RECP-профилот. Во оваа глава посебно е елаборирано управувањето со трошоците за животна средина, како и пресметките и предвидувањата за непродуктивни излезни елементи.

**Петтата глава** ги прикажува теоретските основи и дефиниции на методологиите за повеќекритериумското одлучување. Презентирана е терминологијата која се користи во овој процес (критериуми, атрибути, алтернативи, индикатори), и даден е преглед на различните методи за повеќекриериумско одлучување меѓу кои и АХП (аналитички хиерархиски процес) методологијата (AHP, Analytic Hierarchy Process), користена во овој труд. Оваа методологија најдобро одговара на анализираниот проблем бидејќи овозможува поставување на хиерархиска структура на проблемот и доделување преференции при споредба на парови индикатори.

**Шестата глава** ја опишува технологијата на производство на цемент и дава шематски прикази на основните процеси, при што акцент е ставен на најдобрите достапни техники согласно со европската директива за интегрирано спречување и контрола на загадувањето. Понатаму, во оваа глава, издвоени се најчестите можни влијанија врз животната средина од процесот на производство на цемент и направена е споредба на индикатори за одржлив развој и RECP индикатори карактеристични за цементната индустрија.

**Седмата глава** ја дефинира хиерархијата на анализираниот проблем, односно определување индикатори за имплементација на RECP-мерки во цементна индустрија. Согласно анализата на литературата, имплементација на RECP-мерки во цементна индустрија е разгледуван врз основа на две главни групи на индикатори: влезни и излезни индикатори кои влијаат врз животната средина. Идентификувани се вкупно 24 индикатори, распределени во 3 хиерархиски нивоа. Презентиран е краток опис на секој од индикаторите, а за дел од дефинираните RECP-индикатори е направена споредба на перформансите помеѓу неколку поголеми групации за производство на цемент на глобално ниво. Намалувањето на емисии на стакленички гасови (прикажани како еквивалент на $CO_2$) е многу значајно за цементната индустрија и поради тоа овој аспект е издвоен како посебен проблем. Намалувањето на емисии на јаглерод диоксид е разгледувано со посебна хиерархија врз основа на две главни групи на индикатори: директни и индиректни емисии на јаглерод диоксид, а идентификувани и опишани се вкупно 19 индикатори, распределени во 4 хиерархиски нивоа.

**Осмата глава** го прикажува воспоставениот RECP профил во цементната индустрија во Република Македонија. Како граници на системот земени се границите на инсталацијата и за вкупно 10 RECP-индикатори пресметани се соодветно продуктивност на ресурси и интензитет на загадување. Како основа се земени перформансите во 2012 година, а промените се следени во три последователни години. Посебен дел во оваа глава се однесува на подобрување на перформансите преку иноваторство, развивање на нови производи и поставување на цели.

**Деветтата глава** го прикажува спроведеното истражување, ги презентира добиените резултати и нуди нивна анализа. Два хиерархиски модела за имплементирање

на RECP во цементна индустрија и намалување на емисии на CO2 во цементна индустрија и соодветни прашалници изработени врз основа на моделите, се доставени на целна група од 40 испитаници во фабрики за производство на цемент од Македонија, Србија и Косово, со барање да бидат определени преференциите при споредба на паровите индикатори. Врз основа на добиените одговори пресметани се тежинските фактори на индикаторите и извршена е приоретизација на дефинираните индикатори. За анализа на резултатите користена е софтверската алатка Expert Choice (EC).

**Десеттата глава** ги презентира заклучоците и ги прикажува препораките за понатамошна работа. Дефинираните RECP-индикатори за цементна индустрија се уште една алатка со која производителите на цемент може да ги измерат продуктивноста на ресурсите и интензитетот на загадувањето во даден момент и да ги следат резултатите од RECP со текот на времето. Различните индикатори имаат различно квалитативно и квантитативно влијание врз имплементирањето на RECP во дадена инсталација. Добиените резултати од спроведеното истражување и приоретизацијата на индикаторите со примена на мултикритеријален пристап овозможуваат поголема објективност во процесот на донесување на одлуки за спроведување на одредена мерка за имплементирање на RECP во цементната индустрија и овозможуваат транспарентност за начинот на одлучување. Ова е посебно важно затоа што имплементирањето на RECP во дадена инсталација не е еднократна активност и потребно е да се разбере и прифати како дел од секојдневната работа во која се вклучени повеќе сектори во рамки на компанијата.

Во следната фаза од истражувањето првенствено треба да се разгледаат можните алтернативни решенија за постигнување на поставените цели. Понатамошни истражувања се неопходни и во делот на утврдување на меѓузависноста помеѓу различни индикатори. Користењето на АХП со цел да се утврди значењето на ооделни индикатори и подиндикатори во однос на поставената цел не е доволно за решавање на комплексните проблеми кои вклучуваат бројни нелинеарни зависности помеѓу различни категории. Некои од методите кои се користат за да се утврдат динамичките релации помеѓу внатрешно поврзани параметри се теорија на графови, или методата DEMATEL (Decision Making Trial and Evaluation Laboratory), кои се применуваат во комбинација со други методи за мултикритеријално одлучување.

**Предмет на истражување**

Предмет на истражувањето е развивање на основните RECP-индикатори во неколку нивоа на подиндикатори со цел имплементирање на RECP во цементната индустрија. Намалувањето на емисиите на CO2 е особено важно за цементната индустрија и затоа е издвоено како проблем во посебна хиерархија.

Различните индикатори имаат различно квалитативно и квантитативно влијание врз имплементирање на RECP во дадена инсталација. Дефинираната хиерархија на проблемот за имплементација RECP во цементна индустрија, согласно со АХП-методологијата, овозможи структурирање на претходно дефинираните индикатори и под-индикатори.

Добиените резултати од спроведеното истражување и приоретизацијата на индикаторите со примена на мултикритеријален пристап овозможува поголема објективност во процесот на донесување на одлуки за спроведување на одредена мерка за имплементирање на RECP во цементната индустрија и овозможуваат транспарентност за начинот на одлучување.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Современото општество сè поголемо внимание посветува на одржливиот развој, а значаен дел од тој концепт е насочен кон индустријата. Од компаниите се очекува да

применуваат одржливи форми на управување каде што покрај економските аспекти на работењето, подеднакво внимание се посветува на социјалните аспекти и влијанието врз животната средина.

Традиционалните начини на евалуација и известување за перформансите на одржливост во компаниите се фокусирани кон екстерното известување и потценување на внатрешните информации потребни за донесување одлуки за зголемена ефективност во управувањето и подобрување на ефикасноста.

Во литературата ова подрачје е разработувано кај повеќе автори, а општиот RECP-систем на индикатори детално е опишан во брошура издадена од UNIDO во 2010 година. Во поглед на приоретизација на индикатори кои се однесуваат на одрживо производство на цемент, голем број на индикатори се верификувани од Светскиот бизнис совет за одржлив развој (WBSCD-World Business Council for Sustainable Development).

**<u>Краток опис на применетите методи</u>**

Во овој труд е идентификувана матрица на индикатори значајни за имплементирање на ефикасно, во однос на ресурси, и почисто производство (RECP, Resource Efficient and Cleaner Production) во цементната индустрија врз основа на основните RECP-индикатори. По дефинирањето на хиерархијата на проблемот, пресметани се тежинските фактори на идентификуваните индикатори и направено е нивна приоретизација. За приоретизација на дефинираните индикатори се применува АХП (аналитички хиерархиски процес) методологијата (AHP, Analytic Hierarchy Process). За пресметка на вредностите на тежинските фактори и рангирањето е користена софтверската алатка Expert Choice (EC).

**<u>Краток опис на резултатите од истражувањето</u>**

Според резултатите од спроведеното истражување, влезните и излезните фактори за имплементирање на RECP во цементната индустрија имаат слична важност. Малку повисоката вредност на влезните во однос на излезните фактори се објаснува со можноста преку промена на одредени влезни параметри посредно да се влијае на излезните фактори и истата претставува преферирана стратегија во концептот на RECP. Меѓусебното рангирање на сите влезни и излезни под-индикатори во однос на поставената цел, покажува дека најголем тежински удел има подиндикаторот за употреба на алтернативни горива. Ова дава јасна насока дека цементната индустрија во регионот треба ги интензивира активностите насочени кон употреба на алтернативни горива, особено кога се знае дека тоа е технички можно и исправно, а употребата на алтернативни горива е долгогодишна позитивна практика во цементната индустрија во развиените земји и таа има повеќекратни предности од аспект на заштита на животната средина, од социјален и од економски аспект. Сепак, употребата на алтернативни горива во цементната индустрија е условена со достапност на квалитетни алтернативни горива и прифаќање на употребата на алтернативни горива од страна на јавноста, што треба дополнително да се истражи.

Производството на цемент и согорувањето на фосилни горива претставуваат главен антропоген извор на стакленички гасови. Поради значајноста на ова прашање во глобални рамки, намалувањето на емисиите на $CO_2$ од цементната индустрија е издвоено како проблем во посебна хиерархија. Од анализата на тежинските фактори на критериумите од првото хиерархиско ниво се гледа дека директните емисии имаат многу поголемо значење за намалување на емисиите на $CO_2$ во однос на индирекните емисии со што се потврдуваат генералните препораки за имплементирање на RECP во кои е наведено дека компаниите имаат ограничено влијание на процесите кои се одвиваат надвор од нивните граници.

Резултатите од меѓусебните рангирања на сите подиндикатори во однос на поставената цел - Намалување на емисиите на $CO_2$ во цементната индустрија, покажува дека најголем тежински удел има критериумот за употреба на фосилни алтернативни горива што потврдува дека намалувањето на емисиите на $CO_2$ и целокупното имплементирање на RECP во цементната индустрија имаат ист приоритет. Понискиот тежински удел на подиндикаторот за употреба на алтернативни горива на база на биомаса ја отсликува состојбата во регионот каде што се уште не е целосно регулиран начинот на постапување со отпадоци од биомаса и не постои формален пазар за овој тип на алтернативни горива. Дополнително, калоричната вредност на овој тип алтернативни горива е многу помала во однос на калоричната вредност на алтернативните горива со фосилно потекло и тие се помалку економски исплатливи.

Тежинскиот удел на поткритериумот за видот на употребени минерални суровини, односно содржината на карбонати во минералните суровини потврдува дека ефективно намалување на емисии на $CO_2$ во цементната индустрија не може да се постигне единствено со процесите на енергетска ефикасност и замена на горива, туку треба да се поттикнуваат политики за намалување на емисиите на $CO_2$ од процесот. Тука, пред сè, се мисли на производство на мешани цементи со поголем процент на заменски материјали за клинкер. Намалувањето на количините на клинкер во цементот позитивно влијае на енергетската ефикасност, ефикасноста на ресурси, а со тоа посредно придонесува за намалување на емисиите на стакленички гасови.

### ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Наташа Бакреска-Кормушоска, со наслов ,,Придонес кон развој на матрица на индикатори за имплементација на концептот за почисто производство во насока на одржлив развој“, претставува истражување во областа на индустриското инженерство и менаџмент. Дефинирањето и приоретизацијата на индикаторите, како и следењето на RECP-профилот во цементната индустрија во период од три последователни години, потврдуваат дека овој концепт е применлив за цементната индустрија во регионот и тој дејствува како катализатор на продуктивноста и промовира одговорно управување со животната средина.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Наташа Бакреска-Кормушоска, со наслов ,,Придонес кон развој на матрица на индикатори за имплементација на концептот за почисто производство во насока на одржлив развој“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

### ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката пред одбраната на докторскиот труд ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија и еден труд во списание со импакт-фактор), следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Bakreska Kormushoska Natasha, Atanas Kochov, Defining indicators and boundaries of the RECP System for cement industry, Proceedings of the Conference for International Energy and Environmental Protection in South Eastern Europe, Zlatibor, Serbia, 2015
2. Lazarevska, Ana M., Natasha Bakreska Kormushoska, Atanas Kochov, "Complementary and Overlapping among Energy Performance Indicators as Part of the Sustainable Development and RECP Indicators in Cement Industry",

International Journal of Contemporary ENERGY, Vol. 1, No. 1 , pp 20 – 26, ISSN 2363-6440, 2015,

3. Bakreska Kormushoska N. Cvetkovski G., Individual treatment of wood packaging waste – experiences in Cement Factory Usje, Proceedings of the 4th Regional waste management Conference, 2015, ADKOM
4. Bakreska Kormushoska, N. & Kochov, A.: Continuous Monitoring of Industrial Air Emissions - Precondition for Baseline Assessment and Effective Implementation of Cleaner Production Indicator System, Annals of DAAAM for 2012 & Proceedings of the 23rd International DAAAM Symposium, ISBN 978-3-901509-91-9, ISSN 2304-1382, pp 1151 - 1154, Editor B[ranko] Katalinic, Published by DAAAM International, Vienna, Austria, 2012
5. Bakreska Kormushoska N., Cvetkoski G., Ancev A., Implementation of SNCR method for reduction of NOx emissions in Usje Cement Plant, Proceedings of the XXIII Congress of Chemists and Technologist of Macedonia, 2014 Ohrid Macedonia
6. Goce Cvetkoski, Natasa Bakreska Kormushoska, Dirk Lechtenberg, Alternative fuels in cement industry – renewable and sustainable source of energy, Proceedings of the XXII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, 5-9 September, 2012 Ohrid Macedonia

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главни научни придонеси на кандидатката се: научен, математички пристап при имплементирање на RECP во цементната индустрија, идентификување и приоретизацијата на сет индикатори кои се квантифицирани и мерливи за следење на состојбите и прогнозирање на трендовите, со крајна цел зголемена одржливост при производство на цемент. Добиените резултати од спроведеното истражување на индикаторите со примена на мултикритеријален пристап овозможуваат поголема објективност во процесот на донесување на одлуки за спроведување на одредена мерка за имплементирање на RECP во цементната индустрија и овозможуваат транспарентност за начинот на одлучување.

Подрачјето на примена и ограничувањата се: креираниот модел се однесува на цементната индустрија. Испитувањето е спроведено во цементната индустрија во Република Македонија, Косово и дел во Србија. Истиот модел и сет на индикатори со одредени модификации може да биде применлив и за друга земја односно регион. Едно од ограничувања при истражувањето е што надворешните влијанија врз процесот на производство не се директно земени во моделот, односно, границите на системот се во рамки на инсталацијата.

Можни понатамошни истражувања: во следната фаза од истражувањето првенствено треба да се разгледаат можните алтернативни решенија за постигнување на поставените цели. Понатамошни истражувања се неопходни и во делот на утврдување на меѓузависноста помеѓу различни индикатори. Во насока на одржливо производство на цемент, како следно истражување можно е подетално да се разработат одредени подиндикатори како, на пример, употреба на алтернативни суровини, или употреба на алтернативни горива. Овие под-индикатори потребно е да се разгледуваат како посебен проблем и за секој од нив да се развие посебна хиерархија. Дополнително, таквото истражување би можело да се прошири и надвор од границите на производствениот процес, односно да се разгледува целосниот животен циклус на цементот и се вклучат и други заинтересирани страни како што се потрошувачите, регулаторите на национално и локално ниво, академската јавност и невладиниот сектор.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Наташа Бакреска-Кормушоска** со наслов **Придонес кон развој на матрица на индикатори за имплементација на концептот за почисто производство во насока на одржлив развој.**

**КОМИСИЈА**

1. **Проф. д-р Атанас Кочов, с.р.**
2. **Проф. д-р Роберт Миновски, с.р.**
3. **Проф. д-р Валентина Гечевска, с.р.**
4. **Проф. д-р Мира Вукчевиќ, с.р.**
5. **Д-р Бранко Дуњиќ, виш научен соработник, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д

на одобрена тема за изработка на магистерски труд со променет ментор прифатена од

Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје

на седницата одржана на 30.06.2016 година

**Магистерски трудови**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Димитар Калков | Имплементација на TQM филозофијата во компанија со услужна дејност | Implementation of TQM Phylosophy in the servise sector company | Проф. д-р Радмил Поленаковиќ | 02-1347/2 30.06.2016 год. |

# РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ ПРЕДИКТИВНИ ФАКТОРИ ЗА РАНО ОТКАЖУВАЊЕ НА АРТЕРИОВЕНСКИТЕ ФИСТУЛИ КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ХРОНИЧНА БУБРЕЖНА БОЛЕСТ, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА НЕОИНТИМАЛНАТА ВЕНСКА ХИПЕРПЛАЗИЈА“ ОД Д-Р ВЛАДИМИР ПУШЕВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј” во Скопје на XVII работна седница одржана на 30. 06.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот д-р Владимир Пушевски со наслов „Предиктивни фактори за рано откажување на артериовенските фистули кај пациенти со хронична бубрежна болест, со посебен осврт на неоинтималната венска хиперплазија“, во состав: проф. д-р Оливера Стојчева-Танева (претседател), проф. д-р Нинослав Ивановски (ментор), проф. д-р Гордана Петрушевска (член), проф. д-р Петар Дејанов (член) и проф. д-р Милка Здравсковска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот д-р Владимир Пушевски, со наслов „Предиктивни фактори за рано откажување на артериовенските фистули кај пациенти со хронична бубрежна болест со посебен осврт на неоинтималната венска хиперплазија“ содржи 115 страници компјутерски обработен текст во фонт Georgia во македонска поддршка, со 1,5 линија проред и големина на букви 12, 103 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, меѓународни акти и интернет ресурси.

Трудот е структуриран во 7 поглавја вклучувајќи ги воведот и заклучокот. Деловите се систематизиерани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатот дава широк приказ на проблемот на крвниот пристап за хемодијализа кај болните со терминална хронична бубрежна болест, при што се наведени оние процедури кои сега се наоѓаат во секојдневна широка примена, како што се артериовенската фистула (понатаму во текстот фистула), артериовенскиот графт и централните венски катетери. Овде кандидатот ја издвојува артериовенската фистула како најдобар вид на крвен пристап за хемодијализа која овозможува долготрајна примена на оваа тераписка метода со најмал број на компликации. Една од најчестите пречки за поголема употреба на овој крвен пристап претставува нејзино рано откажување, што како компликација се јавува во тек на 90 дена од креирањето. Во опсежен преглед на литертурни податоци, кандидатот наведува проценти на оваа компликација во рамки од 25-45% од сите креирани фистули, како и можните патогенетски механизми за нејзино настанување. Овде се наведени неколку механизми, како што се инфламацијата, ендотелната дисфункција, оксидативниот стрес и пролиферацијата на васкуларните мазни мускулни клетки. Токму овие механизми ќе бидат натаму и обработувани.

Во поглавјето **Мотив и цели**, кандидатот уште еднаш го подвлекува значењето на овој проблем наведувајќи го како еден од мотивите за изработка на овој научен труд. Целите на истражувањето се јасно дефинирани и се наведени во следните точки:

- утврдување на улогата на локалната инфламација и оксидативниот стрес во појавата на стеноза и дисфункција на АВФ;
- утврдување на улогата на ендотелната дисфункција и неоинтималната пролиферација како клучен механизам во настанување на раното откажување на АВФ;
- утврдување на улогата на одделни сегменти на ендотелот (интима, медија и адвентиција) во оформувањето на интималната хиперплазија);
- расветлување на улогата на локалната хемодинамика и стресното оптеретување на зидот на венскиот крвен сад од крвниот проток од авф во раното откажување на АВФ;
- дефинирање на улогата на општите фактори во раното откажување на АВФ;
- следење на промените кои настануваат во крвните садови поврзани со креирање на авф кои можат да предизвикаат нејзино рано откажување.

Во поглавјето **Материјал и методи** е даден детален опис на испитуваната група на пациенти, користените методи и статистички

анализи во истражувањето. Трудот обработува 89 болни со хронична преддијализна бубрежна болест во 4 и 5 стадиум при што се јасно дадени критериумите за вклучување и исклучување. Болните се испитуваат во две фази, и тоа во моментот на креирање на превентивна фистула и по нејзиното рано откажување, во моментот на креирање на втора фистула проксимално на истите крвни садови. На овој начин кандидатот ги споредува и ги изучува макроморфолошки и микроморфолошките промени на ѕидот на венскиот крвен сад. Трудот вклучува хистолошка, хистоморфометриска и имунохистохемиска анализа во двете фази на истражувањето што подразбира испитување на улогата на фибробласти и миофибробластите, оксидативниот стрес и клеточната пролоферација во ѕидот на венскиот крвен сад. За оваа цел е користена имунохистохемиска анализа на присуство на виментин, ТГФ бета и КИ67 како специфични маркери.

Во поглавјето **Резултати** се претставени резултатите од истражувањето структурирани во табели, слики и графикони со дополнителна детална анализа. Вкупниот процент на пациенти со рано откажани фистули изнесува 34,8%, што е во согласност со литературните податоци. Кандидатот утврдува дека женскиот пол и постарата возраст се статистички значајни предиктори за рано откажување на фистулата. Подеталната анализа во евентуалните патогенетски механизми изведени од хистолошката и имунохистохемиската обработка на материјалот од венскиот крвен сад при креирањето на фистулата не покажува значајна разлика меѓу пациентите со функционална и откажана фистула. Анализата во втората фаза, кај болните со откажана фистула, покажува дека постои статистички значајно зголемување на стенозата на вената како и зголемено присуство на маркерите виментин и ТГФ бета. Исто така регистрирано е зголемување на степенот на неоинтимална хиперплазија на сметка на медијална хипертрофија.

Во поглавјето **Дискусија** се објаснуваат и се анализираат посочените податоци во поглавјето **Резултати**. Појавата на зачестено откажување кај пациентите од женски пол се врзува со анатомските разлики во големината на крвниот сад, додека пак, возраста со неговите дегенартивните промени. Подлабока хистоморфометриска анализа во моментот на креирање на фистула покажува дека кај сите болни веќе постои значаен степен на венска стеноза која се должи на медијална хипетрофија во најголем степен. По откажувањето на фистулата при креирање на втора фистула најдено е натамошно зголемување на венската стеноза, овој пат поврзано со зголемување на неоинтималната хиперплазија како процес кој се надоврзува на претходните промени. Имунохистохемиската анализа потврди значајно зголемено присуство на маркерите виментин и ТГФ бета во стенозираните венски сегменти што имплицира дека на локално ниво се зголемува оксидативниот стрес со појава на локална инфилтрација на фибробласти и миофибробласти. На овој начин се потврдува улогата на неоинтималната хиперплазија како значаен фактор за раното откажување на фистулата како траен крвен пристап за хемодијализа.

Во **заклучните согледувања,** кандидатот целосно го објаснува можниот механизам на раното откажување на фистулата при што во центар на вниманието ги става претходните промени на крвните садови во врска со хроничната бубрежна болест, зголемената локална инфламација која доведува до зголемена миграција на миофибробласти и фибробласти. Како краен ефект на овие локални промени настанува неоинтимална хиперплазија која се надоврзува на медијалната хипетрофија на венскиот крвен сад.

**<u>Предмет на истражување</u>**

- застапеност, патогенетски механизми и можни предиктори на раното откажување на артериовенските фистули кај пациенти со хронична бубрежна болест.

**<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата.</u>**

Проблемот на раното откажување на артериовенските фистули претставува значаен фактор за морбидитетот и морталитетот на болните со хронична бубрежна болест. Во исто време, тој претставува значаен социјален и финансиски проблем заради зголемениот број на хоспитализации и потрошено работно време. Со својот процент, 25-45%, тој се наметнува во секојдневната работа на специјализирани нефролошки установи, како и самостојни центри за хемодијализа. Иако постои подолг временски период, интересот за него се зголемува во последните неколку години, кога за прв пат се споменати можни етиопатогенетски механизми. Оттаму и придонесот на овој труд во разбирањето на механизмите кои доведуваат до негово настанување со обид да се изнајдат фактори кои можат да го предвидат.

**<u>Краток опис на применетите методи</u>**

Во трудот се користени клинички, биохемиски, хистолошки, хистоморфометриски и имунохистохемиски методи. Хистолошката обработка на ткивото била направена на Институтот за патологија при Медицинскиот факултет во Скопје со примена на посебни методи на боење како Азан, Ван-Гизон и Х-Е. Имунохистохемијата била исто така изведена на Институтот за патологија, при што биле испитувани три маркери: виментин (маркер за миофибробласти и фибробласти), ТГФ бета (маркер за оксидативен стрес) и КИ67 (маркер за клеточна пролиферација). Хистоморфометријата била направена со помош на програмот Image J. Истражувањето било направено во две точки, и тоа во моментот на креирањето на фистулата и по нејзино откажување, односно креирање на нова фистула.

**<u>Краток опис на резултатите од истражувањето</u>**

Резултатите се опишани во поглавјето **Резултати**.

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот д-р Владимир Пушевски, со наслов „Предиктивни фактори за рано откажување на артериовенските фистули кај пациенти со хронична бубрежна болест со посебен осврт на неоинтималната венска хиперплазија“, претставува истражување во нефрологијата. Изработката на темата на оваа докторска дисертација навлегува во суптилни патогенетски механизми и открива локални значајни промени кои можат оваа појава да ја разјаснат, а со тоа и да ја предвидат.

Докторската дисертација на кандидатот д-р Владимир Пушевски, со наслов „Предиктивни фактори за рано откажување на артериовенските фистули кај пациенти со хронична бубрежна болест, со посебен осврт на неоинтималната венска хиперплазија“, според мислењето на Комисијата за оцена ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

## ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ

Кандидатот пред одбраната на докторскиот труд ги објавил (како прв автор, во научни списанија со меѓународен уредувачки одбор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Vladimir Pushevski , Petar Dejanov , Vesna Gerasimovska , Gordana Petrushevska , Angel Oncevski , Aleksandar Sikole , Zivko Popov , Ninoslav Ivanovski. Severe endothelial damage in chronic kidney disease patients prior to haemodialysis vascular access surgery . ПРИЛОЗИ. Макед‌ Акад Наук Умет Одд за мед науки,. 36(3): 43:9 , 2015
2. V. Pushevski, P. Dzekova-Vidimliski, P. Dejanov, V. Gerasimovska, A.M. Spisic-Pushevska, A. Sikole, N. Ivanovski. Increased expression of TGF-β and Vimentin in stenotic lesions of early arterio-venous fistula failure in patients with chronic kidney disease. Archives of the Balkan Medical Union vol. 50, no. 4, pp. 479-484

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главните научни придонеси на трудот на кандидатот се што ја открива, објаснува и предвидува неоинтималната хиперплазија во центарот на ендотелните собитија во процесот на рано откажување на артериовенската фистула. Со ова, тој навлегува во анализата на оваа промена на молекуларно ниво.

Подрачјето на примена на овој труд е хроничната бубрежна болест. Трудот претставува комбинација на клиничка и патоанатомска анализа и може да биде основа за натамошни слични или збогатени испитувања со вклучување на нови молекуларни маркери.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлата на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот д-р Владимир Пушевски со наслов „Предиктивни фактори за рано откажување на артериовенските фистули кај пациенти со хронична бубрежна болест, со посебен осврт на неоинтималната венска хиперплазија“.

КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Оливера Стојчева-Танева, претседател с.р.

2. Проф. д-р Нинослав Ивановски, ментор с.р.

3. Проф. д-р Гордана Петрушевска, член с.р.

4. Проф. д-р Петар Дејанов, член с.р.

5. Проф. д-р Милка Здравковска, член с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
**ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПОЗИЦИЈАТА НА КЛИЕНТОТ ВО ОДНОС НА СТРУКТУРИТЕ НА МОЌ ВО БИРОКРАТСКИТЕ СИСТЕМИ“, ОД М-Р ГОРДАН ГЕОРГИЕВ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 30.6.2016 година, донесе Одлука за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Гордан Георгиев** под наслов: **Позицијата на клиентот во однос на структурите на моќ во бирократските системи**, во состав: д-р Борче Давитковски, редовен професор (ментор), д-р Гордана Силјаноска-Давкова, редовен професор, д-р Љубомир Фрчкоски, редовен професор, д-р Ана Павловска-Данева, редовен професор и д-р Ненад Марковиќ, вонреден професор.

Комисијата во горенаведениот состав, со внимание ја прочита и ја оцени подготвената докторска дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со задоволство му го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**I. Приказ на докторската дисертација**

Докторската дисертација под наслов **Позицијата на клиентот во однос на структурите на моќ во бирократските системи**, изработена од кандидатот м-р Гордан Георгиев, опфаќа текст од 190 страници во компјутерска техника со проред 1,5 и Times New Roman 12, 180 фусноти и 195 странски и домашни библиографски единици, законски прописи, извештаи и електронски извори. Структурата на дисертацијата се

состои од кратка содржина, вовед, четири глави, заклучок и преглед на користена литература.

Во **воведот,** кандидатот го поставува предметот на истражувањето и врши дефинирање на основните поими. Во овој дел од дисертацијата, кандидатот ги наведува и основните цели на кои го темели истражувањето, методолошкиот пристап и потребата од интердисциплинарен приод во истражувањето. Комплексноста на темата, нејзината несомнено теоретска природа, како и потребата од ригорозен, а сепак еклектичен методолошки пристап, изискува цврсто поставување на теоретските темели и контроверзии на докторската дисертација. Така, предметот на дисертацијата, индиректно сублимиран и во самиот наслов како „утврдување на позицијата на клиентот во рамките на повеќеслојните бирократски структури на моќ", е во постојана спрега и интелектуална тензија со теориите на системи. Овие последниве во крајна линија ја обезвреднуваат улогата на поединецот во креирањето на „политиката на бирократскиот систем" и воопшто во неговото учество во системот, освен на крајно пасивен начин.

Дефинирањето на клучните поими на истражувањето (клиент, структура, моќ, структури на моќ, бирократски систем) е направено на еден кус, недогматски начин, а интенцијата на кандидатот, барем во воведниот дел, да не навлегува во идеолошко-теоретски контроверзии е очигледна. Затоа, клучните поими од истражувањето се сосема едноставно дефинирани, овозможувајќи ја нивната понатамошна надградба во текот на истражувањето.

Целта на истражувањето е двојна: а) да се утврди дека во еден одреден бирократски систем (организација) ниту еден учесник (без разлика на неговата/нејзината поставеност во хиерархијата на системот) не е имун на формалното и неформалното практицирање на моќ од страна на другите чинители. Притоа, овие формални и неформални изблици на моќ не се вклопуваат во рамките на замислената или посакуваната поставеност (идеал типот) на бирократскиот систем; б) да се изнајдат начини за т.н. „ослободување" на клиентот од влијанијата на така практикуваната моќ со крајна цел поефикасно, подемократско и похумано функционирање на бирократскиот систем.

Методолошки пристап. Најзначајните теоретски претпоставки кои се користени во истражувањето се институционалната и функционално-структуралната претпоставка. Овие генерални теоретски рамки ги опфаќаат институциите и системите (бирократија, држава итн.), но и комплицираните процеси кои се одвиваат во и помеѓу нив (транспонирање на моќта, позиција на клиентот итн.). И двете наведени теоретски претпоставки во текот на истражувањето се подложени на постструктуралните методи и техники од типот анализа на дискурс и деконструкција. Првите две имаат и идеолошка заднина и суштински ограничувања бидејќи де факто ги постулираат системите како конзервативни структури и не дозволуваат да се разговара за клиентот или кој било надворешен или внатрешен субјект кој не е во функција на системот.

Основните методолошки назнаки се компензирааат понатаму во текот на дисертацијата, особено во делот Глава 2 (Системи) и Аналитичката студија во Глава 5 (Универзитетот).

Конечно, кандидатот укажува дека тешко дофатливиот однос клиент-моќ-бирократија бара интердисциплинарен пристап во истражувањето. Тој, во понатамошната анализа ги користи пред сè социолошките теории и теориите (науката) за управата, но и политичките науки, филозофијата и психологијата. На крајот од своето

истражување, кандидатот успешно го употребува и методот на анализа на правна норма (Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“). Високото ниво на интердисциплинарност е една од карактеристиките на оваа дисертација.

**Првата глава,** насловена „Теоретска рамка“, сосема оправдано, со оглед на генерално теоретскиот пристап на целата докторска дисертација, дава детален приказ на основните теоретски принципи кои провејуваат низ целиот труд. Почнувајќи од Макс Вебер, преку класичните теории на управувањето, па сѐ до постструктуралните приоди на Мишел Фуко за бирократијата и моќта. Во оваа глава, кандидатот најпрво го проучува влијанието на Макс Вебер и неговата теорија на бирократија како рационален и рационализаторски механизам кој овозможува ефикасно и авторитетно функционирање на организацијата. Излегувајќи од социолошките поставки на Вебер, потоа кандидатот се осврнува на потесните теории за управувањето, пред сѐ класичната тејлористичка поставка и Школата за човекови односи. Овие теории имаат за цел максимализирање на ефикасноста (и профитот) во една организација, притоа не осврнувајќи се премногу на човечкиот аспект и социјалниот момент во нејзиното функционирање.

Давајќи преглед на теориите на општествени системи (пред сѐ, на Талкот Парсонс, Дејвид Истон и Никлас Луман), кандидатот го прави преодот од првичните теоретски размислувања и теории на бирократија кон посеопфатните системски теории на општеството, сакајќи да го контекстуализира, и теоретски и практично, потесниот предмет на неговото истражување.

Конечно, моќта како можеби најважниот општествен агенс во теоријата за бирократија и во теоријата на системи има обединувачка методолошка функција, како нишка што нужно ги спојува двете теми. Кандидатот ја дефинира моќта низ теоретските поставки на Макс Вебер, Кенет Галбрајт, Мишел Фуко, но и некои современи автори како Бјунг-Чул.

Во последниот дел од првата глава, насловен „Постструктурализам и легитимација на структурите на моќ“, кандидатот навлегува во постмодерните пристапи на третирање на моќта како „моќ која циркулира“, која нема своја крајна исходишна точка и која се провлекува низ сите пори на одредена организација или систем. Таквата природа на моќта во еден постмодерен контекст овозможува осмислување на разни стратегии за делегитимација на системите, нивна деконструкција, па дури и нивно преземање и кооптирање.

Како заклучок на теоретската рамка, и како основа за понатамошното истражување, кандидатот ги поставува според него клучните прашања кои произлегуваат од наведените научни парадигми, а кои се третирани во дисертацијата:

- Можно ли е затворените системи да функционираат и да комуницираат помеѓу себе?
- Дали е соодветен динамичкиот пристап во комуникацијата помеѓу бирократските системи?
- Каква е *судбината* на првичната политичка волја која се трансформира до непрепознатливост „патувајќи“ низ „ходниците“ на разни типови на моќ и како краен ефект добива истоштен и незадоволен клиент/корисник на системот?
- Можно ли е општествените потсистеми (како носители на одредена *зависна* моќ) да се одделат во самостојни функционални единки кои ќе одговараат сами на себе, при што политичко-бирократската одговорност ќе се сосредоточи на мали и релативно мобилни одделни потсистеми кои ќе можат едноставно да се контролираат и коригираат?
- Има ли простор воопшто да се зборува за рехуманизација на општеството во услови на сѐ поголема деперсонализирана моќ?

Во **втората глава**, насловена „Транспонирање на моќта помеѓу различни системи, потсистеми и агенси на моќта“, кандидатот навлегува во срцевината на системскиот пристап во проучувањето на општеството и организациите, проучувајќи ја пред сѐ теоријата на системите на Никлас Луман, германски теоретичар кој речиси не е обработуван кај нас. Во оваа глава, кандидатот ја анализира улогата на системите и потсистемите во супресија на поединецот, нивната поставеност како цел сама по себе и нивната херметичност во однос на надворешните општествени сензации. Системскиот пристап често по аналогија ја минимизира улогата на поединецот (во системот). Конзервативните основи на Лумановиот систем доаѓаат токму од овој навидум парадоксален став: современото општество, комплетно втопено во издигнување на поединецот како креатор на системите, комплетно антропоцентрично, всушност ја создава илузијата за евентуалната можност за „дисиденство“ на индивидуата од „канџите“ на системот.

Луман го гледа општеството како функционално диференцирано на комуникативни потсистеми (политика, економија, образование, право, наука, религија итн.), кои, од своја страна, се автопоетични и во основа затворени. Затвореноста на системите, иако навидум изгледа како да му пркоси на разумот и на општествените феномени кои секојдневно ги набљудуваме, всушност имплицира дека информациите не се пренесуваат од еден во друг систем, туку всушност внатрешно се конструираат во рамките на самиот систем.

Ваквата поставеност на системите очигледно има големи импликации за секој оној што се обидува да навлезе во туѓ систем со цел да го контролира или управува. Да се гледа општеството на овој начин упатува на тоа дека евентуалните негови недостатоци не можат да се поправат преку интервенција од страна, т.е. од друг систем или друг субјект.

Конкретно, сфаќањето за општествените потсистеми како автопоетично затворени, кои ги создаваат своите информации во нивната внатрешност, имплицира дека управувањето може да биде само самоуправување (подоцна, во Глава четири, кандидатот го врзува ова самоуправување со функционирањето на универзитетот како општествен потсистем).

На крајот на оваа глава, м-р Гордан Георгиев заклучува дека „Добар пример за автопоетична репродукција е универзитетот. Создаден како организација во која базично комуницира знаењето и предавањето на знаењето, универзитетот потоа се стекнува со стотици други подорганизации, како ректорат, ректорска управа, деканати, наставно-научни совети, катедри, институти итн. На еден крајно апстрактен начин, автопоетичните системи ги создаваат и пресоздаваат елементите од кои и самите се сочинети низ елементите кои системот ги содржи“.

Во **третата глава**, насловена „Граѓанинот како клиент: позицијата на крајниот примател во однос на структурите на моќта“, кандидатот аналитички се осврнува на најмалата, но веројатно најзначајната алка во функционирањето на една организација – поединецот, т.е. клиентот. Во современата теорија на организациите и менаџментот, задоволувањето на клиентот станува обременувачко прашање кое не дава еднозначни одговори. Ако ја прифатиме тезата на постбирократските теоретски размислувања дека бирократијата се „одметнува“ од нејзиното основно значење и цел, а тоа е во општа смисла да служи како алатка за подобрување на ефикасноста на апаратот, тогаш дури како секундарна цел доаѓа овозможувањето на подобра позиција и поквалитетна услуга на крајниот примател.

Во оваа глава клиентот е претставен како крајно нестабилна категорија. Традиционалните теории за бирократија го поставуваа клиентот/корисникот/странката како краен примател на услугите, кој може, но и не мора да е задоволен од нив, но е немоќен да приговара за таквата негова незавидна позиција. Во поновите теории и практики, клиентот се поставува како последна, но сè поважна, дури и номинално најважна алка во системот.

Анализирајќи го историскиот развој на теориите на организации, почнувајќи од нова јавна администрација (НПА), преку новиот јавен менаџмент (НПМ), па сè до современите постбирократски теории, кандидатот низ практични примери и теоретска експликација ја проучува улогата и поставеноста на крајниот корисник во една организација. Во оваа глава, м-р Георгиев зазема критички став кон теориите на организација, детектирајќи ги како фасада која воздигнувајќи ја улогата и важноста на клиентот, всушност ја прикрива сè уште незабележителната улога и важност на клиентот наспроти бирократскиот систем. Во тој контекст, кандидатот ја утврдува неолибералната заднина на овие теории, во која профитот и ефикасноста се примарни во однос на давањето услуги и излегувањето во пресрет на клиентот.

Проблемот со административната правда и, воопшто, сè подобриот сервис за клиентите лежи во старата дилема на секоја бирократија – ефикасност наспроти добра услуга. Навидум оваа дихотомија е лажна, бидејќи се претпоставува дека поголемата ефикасност води кон подобра услуга, но во реалноста кај бирократијата секогаш преовладува поривот за ефикасност наспроти демократичноста во давањето добри услуги за сите клиенти.

Во последниот дел од оваа глава, кандидатот се осврнува на можните начини на реставрација на позицијата на клиентот, како и важноста на европското законодавство во оваа насока. Следејќи ги практиките на евалуација, како и оценување на ефикасноста/продуктивноста на администрацијата, во современите законодавства и практики се посветува сè поголемо внимание во насока на подобрување на услугите и воедно подобрување на позицијата на крајниот примател.

Според кандидатот, законодавството на Европската унија се чини како најнапредно во реставрација на позицијата на клиентот/граѓанинот. Ова најверојатно потекнува од комплицираната европска супраструктура, нејзината фактичка оддалеченост од граѓаните, како и напорите на законодавецот да го премости јазот кој оди од граѓанинот преку националните држави членки на ЕУ до самите институции на ЕУ.

Заклучокот на кандидатот по поглед на успешноста во подобрувањето на позицијата на клиентот е умерено оптимистички.

**Четвртата глава,** „Аналитичка студија: Универзитетот на крстопат помеѓу автономијата и државната интервенција", претставува начин на заокружување на претходните глави преку детална студија на еден вид на апстрактен „случај", т.е. универзитетот како посебен тип на бирократски систем. Оваа тема кандидатот ја провлекува буквално во сите делови на дисертацијата и последната глава претставува практичен пример за тестирање на теоретските претпоставки.

Според кандидатот, оваа аналитичка студија има неколку цели:

А) да ја утврди, да ја означи и да ја издиференцира постојната бирократска архитектура на УКИМ, притоа со еднаква важност задржувајќи се на формалната административна поставеност, како и на духовната архитектура на УКИМ која е претставена преку начелата на академска слобода и универзитетска автономија;

Б) да укаже на конкретните пунктови во кои власта/законодавецот/министерот, како дел или како претставници на политичко-правниот систем, ја имаат нарушено универзитетската автономија, т.е. имаат поставено оперативни механизми за нејзино евентуално нарушување;
В) да ја постулира универзитетската автономија и академската слобода како посебен, различен и автопоетичен систем во општеството кој има право, должност и задача да се одбрани од надворешните и внатрешните предизвици.

Првата цел кандидатот ја остварува опишувајќи ја бирократско-организационата специфика на универзитетот како институција. Укажувајќи дека универзитетот како систем има многу сличности со кој било друг општествен систем или потсистем, кандидатот потоа се осврнува на посебностите и разликите кои ги има универзитетот во однос на сите други општествени системи. Разлики кои се состојат пред сè во (потребата од) финансиската автономија, потрагата по специфичен вид на знаење и наука, како и начелата на универзитетска автономија и академска слобода. Тука кандидатот, позајмувајќи ја аналогијата на Мишел Фуко, прави една паралела и пресек на влијанието на структурите на моќ во општеството (најчесто формалната, а поретко неформалната власт) во однос на институциите како што се затворот, болницата и универзитетот.

Потоа, во подглавата „Моќта на универзитетот наспроти општествено-политичката моќ“, кандидатот го анализира комплицираниот и постојано тензичен однос на власта во поширока смисла и универзитетот. И двата система се носители на одредена моќ иако од различен тип. Примарно, власта е носител на „законодавната моќ“ (преку можноста да ги менува законите што се однесуваат на универзитетот) и финансиската моќ (преку можноста да го контролира буџетот на универзитетот), додека универзитетот е носител на моќта на знаењето и науката, на принципите на финансиска автономија и академска слобода, како и на општественото влијание кое го има универзитетскиот кадар, како заедница или секој поединечно.

Втората цел кандидатот ја поставува како дискурзивна анализа чиј предмет е Законот за високото образование и особено оние аспекти од Законот во кои е евидентна или затскриена можноста за директно правење упад во универзитетската автономија и академската слобода.

Детално анализирајќи повеќе членови од Законот, споредувајќи ги со Статутот на УКИМ и со други компаративни светски искуства, кандидатот прави пресек на најзначајните пунктови во кои државата/законодавецот експлицитно или имплицитно задира во автономијата на универзитетот.

Во **петтата глава,** „Заклучок“, кандидатот дава преглед на клучните наоди од истражувањето и можните импликации од нив, како и критичка опсервација околу лимитираниот дострел на наодите.

Во основа, кандидатот е скептичен околу иднината на бирократските системи и нивната корелација со подобрувањето на позицијата на клиентот. Преголемата оптовареност на релациите во едно општество, преголемите дози на инпути и аутпути, многуте надворешни и непредвидливи фактори кои влијаат врз функционирањето на системот, како и системските грешки кои никој не може да ги поправи од надвор се само дел од предизвиците со кои се соочува современата организација.

Исто така, според кандидатот, десетиците, со уште стотици подваријанти, организациски и менаџерски теории не се во можност да изнајдат решенија на постојано надоаѓачките проблеми во функционирањето на администрацијата. Тие тешко излегуваат од матрицата за која всушност и се направени: подобра и поефикасна

организација, компримирање на времето, со крајна цел – поголем профит. Но профитот, како една од еманациите на моќта, се покажува како недоволен фактор за создавање на рамнотежа помеѓу системите, социјалните теми сè повеќе излегуваат надвор од контрола, а идентитетските прашања го презираат профитот и често завршуваат со конфликт.

Во таквиот конфликт, клиентот го губи својот претпоставен статус или, поточно кажано, неговиот статус е во постојана трансформација. Според м-р Гордан Георгиев, клиенти стануваме безмалку сите, од една страна приспособувајќи се на системот и служејќи му на неговите потреби, а од друга страна, станувајќи свесни дека истиот тој систем создава повратни спреги кои ни нудат наше ослободување, па дури и отпор. Внатрешниот, индивидуален, отпор, како и колективните акции на делегитимирање на системот се најпотентните стратегии кои ги имаме на располагање во овој момент.

Конечно, кандидатот верува дека токму универзитетот како посебен општествен систем ја има шансата, преку својата автономија и академска слобода, да се избори за достоинствен статус за сите негови корисници, пред сè за наставничкиот кадар и за студентите, а потоа и за целата општествена заедница.

**II. Оцена, заклучок и предлог**

Докторската дисертација под наслов **Позицијата на клиентот во однос на структурите на моќ во бирократските системи**, изработена од кандидатот м-р Гордан Георгиев, ги содржи сите атрибути на оригинален научен труд во кој со примена на соодветна научноистржувачка методологија се елаборираат комплексни процеси и феномени од интердисциплинарен карактер. Покрај јасната систематика, од извонредно значење за квалитетот на трудот или она што претставува негова особеност е стилот на изразувањето, употребениот јазик на авторот во креирање на делото. Од една страна, јазикот и стилот се лесно разбирливи и го мотивираат читателот да продолжи со следење на истражувањата и рамислувањата на кандидатот, меѓу другото бидејќи низ нив се чувствува нескриената возбуда на авторот од секое негово ново сознание или теоретско откритие. Од друга страна, пак, м-р Гордан Георгиев поседува толку изострена вештина на говор, елоквентност, едноставно, моќ на изразување, што од рецензентот изискува посебна концентрација и сила за следење на речиси сите негови хипотези и заклучоци.

Ставовите на кандидатот за предметот на поставеното истражување се јасни, недвосмислени, аргументирани и со значителна доза на критичност кон актуелните општествени состојби, воедно нудејќи научно поткрепени решенија за нивно надминување. Покрај целосното расветлување од најразлични теоретски аспекти на феноменот „бирократски систем“ и пронаоѓањето на сите значења на поимот „клиент“ што претставуваат можеби најзначајни фундаменти на науката за управување, трудот содржи откритија и насоки за развој на универзитетот како посебен вид организација која служи за задоволување на потребите на нејзините одделни видови клиенти, како и на општествената заедница во целина. Овој дел од трудот сметаме дека има посебна важност и употребна вредност за општествениот развој во Република Македонија.

Врз основа на изнесениот приказ и оцена, Комисијата констатира дека се работи за докторска дисертација што во целост ги задоволува стандардите за изработка на научни трудови од ваков вид, предвидени во соодветната законска регулатива и актите

на Правниот факултет „Јустинијан Први“ и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Од тие причини, на Комисијата за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Гордан Георгиев ѝ причинува особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје да го усвои овој Извештај со позитивна оценка и да закаже јавна одбрана на докторската дисертација.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Борче Давитковски (ментор), с.р.

Проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова, с.р.

Проф. д-р Љубомир Фрчкоски, с.р.

Проф. д-р Ана Павловска-Данева, с.р.

Проф. д-р Ненад Марковиќ, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРАВИЛА ЗА ДОКАЖУВАЊЕ ПОВРЗАНИ СО СВЕДОЦИТЕ И ВЕШТАЦИТЕ ВО КАЗНЕНАТА ПОСТАПКА“ ОД М-Р ВЕСНА ТРАЈАНОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 7.7.2015 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката **м-р Весна Трајановска** со наслов **Правила за докажување поврзани со сведоците и вештаците во казнената постапка**, во состав: проф. д-р Гордан Калајџиев (ментор), проф. д-р Гордана Бужаровска Лажетиќ (член), проф. д-р Никола Тупанчески (член), доц. д-р Бобан Мисоски (член) и доц. д-р Дивна Илиќ – Димоски (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Весна Трајановска, со наслов „Правила за докажување поврзани со сведоците и вештаците во казнената постапка“, содржи 458 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 950 фусноти, 174 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти, судска практика на домашни, странски и меѓународни судови и интернет-ресурси.

*Предмет на истражување* во овој труд е да ги прикаже и да ги анализира основните правила за докажување, поврзани со сведоците и вештаците во текот на доказната постапка, во една модерна, акузаторна казнена постапка. Тука се укажува на потребата од преиспитување на самите основи на доказната постапка заедно со општите правила на доказните средства, правилата за докажување и другите принципи во новиот Закон за кривична постапка. Главно проблемско прашање на оваа дисертација е дали новиот Закон за кривична постапка би можел да понуди разумна и коегзистентна правна рамка за доследна примена на новиот модел на странечка постапка на главната расправа, како и справување со предизвиците од неа. Во фокусот на тезата е прашањето дали правилата за докажување од англосаксонскиот модел, поврзани со сведоците и вештаците, можат да се имплементираат на наша почва во согласност со нашата правна традиција и да овозможат непречено одвивање на доказната постапка. Особен осврт затоа се дава на правилата за докажување во кривичната постапка во англоамериканското право, како и компаративните решенија на европските правила за докажување на казнената постапка кои се познати, блиски и поприфатливи до нашата правна традиција.

Трудот е структуриран во 4 глави, вовед, заклучни согледувања со препораки и користена литература. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот**, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Натаму, се разгледува основната *терминологија*, во смисла на почетно поставување на позицијата на најчесто користените термини, додека нивната конкретна содржина ќе се постави во првата глава. Конечно, во воведот се елаборира *системот на излагање* што се имплементира во докторската дисертација. На ова место, всушност, се дефинираат *тематските целини* што ќе се разгледуваат во секоја од главите. Како секоја глава има сопствена тема на анализа, последниве се доведуваат во врска со основната теза така што секоја глава има засебна функција во аргументацијата на основната теза на докторската дисертација. Како основни цели на трудот, кандидатката ги подвлекува особено: темелно проучување на правилата за докажување поврзани со сведоците и вештаците во федералните правила за докажувања, меѓународните и европските документи, заземените релевантни ставови на европските, меѓународните, и судовите на САД, како и издвојување на соодветните одредби во домашното кривично процесно законодавство на Република Македонија, со цел утврдување на степенот на нивна усогласеност со меѓународните стандарди, со препораки за нивно натамошно унапредување.

**Првата глава** од докторската дисертација е насловена **Испитување на сведок и вештак како доказно средство во казнената постапка**. Како што посочува и самиот наслов, во неа кандидатката најпрво ги разгледува прашањата поврзани со доказите и со нивната релевантност, со претпоставките за испитување на сведокот и на вештакот, со поим сведок и сведочење, т.е. со нивното разграничување од останатите персонални докази во казнената постапка. Од излагањето на ова поглавје, сведок во казнената постапка може да биде секое лице кое со своите сетила нешто осознало и кое за тоа има да даде исказ. Кандидатката ги разгледува разликите помеѓу континенталниот и англоамериканскиот модел на казнената постапка, а особено внимание е посветено на односот меѓу сведокот и обвинетиот во казнената постапка. Како посебно интересна ја издвојува анализата за причините и постојните разлики на

англоамериканскиот концепт, во кој странките го испитуваат обвинетиот како сведок во сопствената работа, додека континенталниот модел не познава таква можност. Лицето станува сведок во моментот на повикувањето и негова должност е да одговори на поканата и да даде вистинит исказ. Од должноста за давање исказ постојат одредени отстапки, бидејќи некои лица воопшто не смеат да се испитаат како сведоци, додека лица не се должни да сведочат.

Во продолжение на оваа глава, кандидатката ги обработува привилегијата на несведочење, како и делот на привилегијата против самообвинување, исказот кој според нашето право го уживаат сведоците со привилегијата за несведочење, а тоа право ги доведува во прашање веродостојноста и ефективноста на казнената постапка во целина. Во оваа глава се обработени и одделните видови сведоци, како и должноста на сведоците, должноста за одговарање на поканата, за вистинито давање на исказот, односно за отстапките од должноста за сведочење (лицата кои воопшто е забрането да се испитуваат како сведоци и лицата кои не се должни да сведочат). Обработен е поимот вештак, кој би се дефинирал како процесно незаинтересирано лице, кое судот го повикува врз основа на стручната подготовка или на вештината стекната со вршењето на професијата, да забележи одделни факти, околности или појави, или за нив да го даде своето мислење и вештачење; определувањето на вештакот, неговото изземање, како и постапката при вештачење, оцена на исказот на вештакот и прифаќањето на техничките советници, како едно ново решение на македонската кривична постапка, како една посебна форма на примена на стручно (вонправно) знаење.

Во **втората глава** под наслов **Сведоците и вештаците во англосаксонските правни системи**, кандидатката ги разгледува современите процесни модели на добивање исказ од сведокот и од вештакот. Акцентот е ставен врз англоамериканскиот модел, бидејќи нивниот начин на испитување на сведокот на главната расправа е преуреден во домашното право. Поради концептуалниот приказ на тој модел, претставени се привилегиите на сведокот во англоамериканскиот модел, т.е. правилото на докази по слушање. Иако се работи за правило кое има бројни отстапки, таа проблематика би можела да биде интересна, бидејќи нашето право не познава институт забрана на испитување на сведокот по слушање, па во однос на тоа правило и неговите отстапки може да се дојде до дилемата дали во нашето право треба да ги воведеме и тие компоненти на англоамерикаснкиот модел. На испитувањето на сведоците во англоамериканскиот модел, и тоа онака како што е одредено во федералните правила за докажување, му се дава посебна важност, бидејќи одредбите на нашиот Закон за кривична постапка кои го одредуваат вкрстеното испрашување се идентични со правилата 611 (б) од федералните правила во САД.

Континенталниот модел на испитување на сведоците содржи компаративен правен приказ на неколку европски модели. Покрај општите напомени (кој може, а кој не може да биде сведок, отстапките од должноста за сведочење, заклетвата и заштитата на сведоците), акцентот е ставен врз доказната иницијатива на судот и врз испитувањето на сведоците на расправата, бидејќи тоа се делови коишто нам, со оглед на темата што се обработува, компаративно ни се од интерес. Кандидатката тука ги обработува лаичкото мислење и сведочењето на вештакот, дефинициите и разграничувањето, доказите од експертското вештачење, природата на експертското сведочење, посебните правила на експертската дозволеност, квалификациите и изборот на вештаците во англоамериканската казнена постапка. На крајот од оваа тема се разгледани

предностите и недостатоците на разгледаните модели, т.е. посебното осознавање на правилата и постапките на странечкото и судското испитување на сведокот.

Суштината на правилата на докажување поврзани со сведоците и вештаците во меѓународните и европските документи претставува предмет на проучување во **третата глава** под наслов **Меѓународни стандарди за човековите права-судска пракса на Европскиот суд за човекови права.** Како посебно важно за овој труд е санкционирањето на погрешното постапување при испитувањето на сведоците во практиката на Европскиот суд за човекови права. Покрај општите забелешки за правото на правично постапување, значајни се одлуките на тој суд кои се однесуваат на акузаторното право на обвинетиот во однос на сведокот на обвинението, но и сведокот на одбраната, на испитувањето на обвинетиот како сведок на одбраната, на вкрстеното испрашување на расправата, но и на заштитата на сведоците заедно со анонимните сведоци. Разгледувањето и анализата на судската практика помагаат при одговорот на прашањата кои, и во кој момент на постапката, ги остварува акузаторното право, има ли некакви ограничувања на тоа право и како правото се однесува спрема читањето на исказите на сведоците спрема анонимните сведоци. Во однос на сведоците на одбраната, постои и троделен тест, кој го применува судот за да провери дали е почитувано конфронтирачкото право на обвинетиот.

Во **четвртата** глава под наслов **Правила за докажување поврзани со сведоците и вештаците во Македонија и некои европски законодавства,** кандидатката го разгледува македонскиот модел на испитување на сведоците и на вештаците според новиот Закон за кривичната постапка, и прави компаративен осврт со земјите во регионот: начинот на испитување на сведоците, испитувањето на сведоците на расправата во редовна постапка, што претставува новина во нашето право. Кандидатката го анализира овластувањето на претседателот на советот во однос на редоследот и изведувањето на доказите, т.е. правилата на испитувањето на расправата во редовната постапка. Во однос на овие забелешки што се однесуваат на конфронтациската клаузула, голема важност заземаат: странечкото испитување, улогата на судот, вкрстеното и дополнителното испитување. Таа ги обработува директното испитување и читањето на записникот за испитувањето на сведоците и сообвинетиот (посебно во однос на конфронтациската клаузула).

Сумарен преглед на заклучоците до кои доаѓа во секоја од наведените глави, кандидатката дава во последниот дел од трудот **Заклучоци и препораки**. Тука се укажува на можните проблеми во некои законски одредби врзани со испитувањето на сведоците и вештаците, со решенија за укинување на тие проблеми. Овој дел од трудов содржи јасни и кратко формулирани заклучни согледувања и предлози за промени на законските одредби кои се однесуваат на сведоците, а кои се сметаат за нужни заради подобро и полесно испитување на сведоците на расправата, заради користење на нивниот поранешен исказ во расправата во врска со заштитата на правата на обвинетиот, т.е. заради делотворност и веродостојност на казнената постапка.

**Оцена на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката **м-р Весна Трајановска,** со наслов **Правила за докажување поврзани со сведоците и вештаците во казнената постапка**, претставува самостојно и корисно истражување во казненото право и постапка. Изработката на темата на овој труд е плод на

повеќегодишна научна работа и несомнено претставува значаен научен придонес, очекуван од една докторска дисертација.

Работата на овој труд е започната во периодот кој следува веднаш по донесувањето на новиот Закон за кривичната постапка, зафаќајќи се со едно од најсложените прашања на реформата не само во Македонија, туку пошироко – во цела Европа. Имено, во правното трансплантирање на англосаксонската постапка на континентално тло, законодавците и правната наука се соочија со неверојатно компликувана задача – обемната и во безбројни судски пресуди содржана јуриспруденција на американските и англиските судови да се преточи во релативно мал број јасни законски одредби на начин на кој се навикнати континенталните правници. Имено, на прв поглед, задачата изгледа едноставна, кандидатот ќе ги проучи и ќе ги анализира логиката и стандардите на англосаксонското право и ќе предложи имплементација на позначајните решенија на проблемите препознаени и разгледувани во тамошната богата јуриспруденција. Дека оваа задача е посложена може да се заклучи од самиот факт што ниту еден законодавец досега не успеал во закон од континентален тип номотехнички јасно и прецизно да ги реши овие проблеми и успешно да ги приспособи на континенталните правни традиции. Токму затоа, врз слабостите на овој труд треба да се гледа како врз почетнички, но голем напор да се востановат основите на новото доказно право во реформираната европска казнена постапка, која очигледно не е чиста адверзијална (контрадикторна) постапка и допрва се формира како некаков нов во суштина хибриден модел.

Битно е што кандидатката во овој труд дава детален приказ на сите позначајни прашања на предметот на трудот и тоа како во домашното законодавство, така и во меѓународните инструменти, особено во јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права. Ова се често сложени проблеми кои во трудот, за жал не секогаш се најдобро објаснети, за домашниот читател лесно да може да ги разбере, но тоа е дел од споменатите породилни маки на новиот модел кој на европските правници понекогаш им е своевидна мистерија. Во оваа смисла, важно е што кандидатката успева да даде конкретни предлози на решенија за дополнување и изменување на одделни законски одредби во функција на надминување на ваквите состојби и унапредување на домашното законодавство и да постави основи за разбирање на суштината на проблемите за – што би рекол Дворкин – во практиката сложените проблеми да се решаваат врз основа на познавање на принципите.

Трудот е пишуван со користење на солидна научна методологија, а текстот е презентиран на јасен и разбирлив начин, што е особено значајно заради неговата потенцијална примена во судската практика на домашните и меѓународните судови. Во таа насока, сакаме да посочиме и на обемната користена особено странска литература, коректно цитирана, со што трудот уште повеќе добива вредност.

**Заклучок и предлог**

Докторската дисертација на кандидатката **м-р Весна Трајановска,** со наслов **Правила за докажување поврзани со сведоците и вештаците во казнената постапка**, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд. Трудот несомнено претставува значаен придонес во домашната казненоправна литература и ќе претставува солидна основа за натамошни истражувања во оваа

сфера не само на кандидатката, туку и на сите други кои натаму ќе се занимаваат со оваа област.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Весна Трајановска** со наслов **Правила за докажување поврзани со сведоците и вештаците во казнената постапка.**

**КОМИСИЈА:**

1. **Проф. д-р Гордан Калајџиев (ментор), с.р.**

2. **Проф. д-р Гордана Бужаровска Лажетиќ (член), с.р.**

3. **Проф. д-р Никола Тупанчевски (член), с.р.**

4. **Доц. д-р Бобан Мисоски, (член), с.р.**

5. **Доц. д-р Дивна Илиќ–Димоски (член), с.р.**

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ: АНАЛИЗА И ФУНКЦИОНАЛНА АНАЛИЗА НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАТЕМАТИКА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, донесена на седницата на 23.6.2016 година, по предлог на Институтот за математика при ПМФ во Скопје на седницата одржана на 9.6.2016, избрана е Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања по група предмети од наставно-научната област: анализа и функционална анализа на Институтот за математика при ПМФ во Скопје, во состав: академик д-р Стеван Пилиповиќ, редовен професор на ПМФ во Нови Сад, Р Србија, д-р Никита Шекутковски, редовен професор на ПМФ во Скопје и д-р Марија Оровчанец, редовен професор на ПМФ во Скопје.

На распишаниот конкурс, објавен во јавните гласила "Нова Македонија" и "Коха" на ден 3.6.2016 година, се пријави само кандидадот д-р Весна Манова-Ераковиќ, редовен професор на Институтот за математика при ПМФ во Скопје.

Рецензентската комисија во погоре споменатиот состав, врз основа на приложените документи и личното познавање на кандидатот, на Наставно-научниот совет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Биографски податоци

Весна Манова-Ераковиќ е родена на 10.1.1967 во с. Уларци, Кочани. Основно образование завршила во с.Чешиново, Кочани, со одличен успех. Првите две години од средното образование ги завршила во гимназијата "Георги Димитров" во Скопје, во математичката паралелка. Потоа, од страна на Републичката заедница за образование е избрана за најдобар ученик и средното образование го продолжила и завршила во меѓународниот колеџ "Lester B. Pearson College of the Pacific", во Канада. Во учебната 1985/1986 се запишала на Природно-математичкиот факултет во Скопје, група-математика, насока-теориска. Дипломирала на 1.3.1991 година со среден успех 9,28 и била прогласена за најдобар студент по математика за таа година. Во 1992 се запишала на постдипломските студии по математика при ПМФ во Скопје. На 23.1.1997 година го одбранила својот магистерски труд, од областа на комплексната анализа, под наслов: ЕКСТРЕМАЛНИ ПРОБЛЕМИ ВО $H^p$ ПРОСТОРИ и се стекнала со академски степен - магистер по математички науки. На 18.6.2001 година, на Институтот за математика при

ПМФ во Скопје, ја одбранила својата докторска дисертација под наслов: ГРАНИЧНИ ВРЕДНОСТИ НА АНАЛИТИЧКИ ФУНКЦИИ И ДИСТРИБУЦИИ и се стекнала со академски степен-доктор по математички науки.

Во октомври 1991 се вработила како стручен соработник по математика на Институтот за математика при ПМФ во Скопје. На 27.12.1995 била избрана за помлад асистент, на 4.6.1997 била избрана за асистент, а на 24.10.2000 повторно била реизбрана во истото звање. На 28.2.2002 била избрана за наставник од областа на математичката анализа во звањето доцент на Институтот за математика при ПМФ во Скопје, а на 21.12.2006 година во звањето вонреден професор. На 27.10.2011 е избрана во звањето редовен професор од страна на Наставно-научниот совет на ПМФ во Скопје и изборот е потврден од страна на Универзитетскиот сенат на УКИМ на 30.11.2011.

**Настава на прв, втор и трет циклус студии**

Како асистент на ИМ држела вежби по предметите: аналитичка геометрија (ИМ), аналитичка геометрија со матрично сметање (ИИ), линеарна алгебра (ИМ), математичка анализа I (прв дел) (ИМ), математичка анализа I (втор дел) (ИМ), геометриски трансформации (ИМ), методика на наставата по математика (ИМ), математика I (ИФ), математика II (ИФ), математика III (ИФ), комплексни функции (ИМ).

По изборот во звањето доцент, држела настава по предметите: алгебра I (М-Ф), математика со информатика (Б-Х), математика за биолози (наставна насока на ИБ), математика со биостатистика (биохемиско-физиолошка и еколошка насока на ИБ), алгебра I (прв дел) и алгебра I (втор дел) (М-Ф), математика (Б-Х), финансиска математика I и II (применета насока на ИМ), комплексни функции (ИМ), теорија на функции (теориска насока на ИМ).

Исто така, држела настава и на постдипломските студии за математичко образование, по предметот споредбено образование и современи образовни системи за математика.

По изборот во звањето вонреден професор, држела настава по предметите: множества и логика (М-Ф), алгебарски структури (М-Ф), математика (ИБ), биостатистика (ИБ), математичка анализа 2 (ИФ), комплексни функции (ИМ), финансиска математика (применета насока на ИМ), финансиска математика 2 (применета насока на ИМ), теорија на функции (теориска насока н ИМ).

На постдипломските студии на ИМ, теориска насока, била предметен наставник за следниве предмети: теорија на $H^p$ простори, теорија на дистрибуции, дистрибуции и аналитички функции, гранични вредности во простори на ултрадистрибуции, како и еден од предметните наставници за предметот итеративни функциски системи во комплексна рамнина. На постдипломските студии на насоката за математичко образование, држела настава по предметот споредбено образование и современи

образовни системи за математика. На вториот циклус на студии на ИМ била еден од предметните наставници за следните предмети: теорија на аналитички функции, хармониски функции, теорија на $H^p$ простори и Банахови простори на аналитички функции.

На ИМ при ПМФ во Скопје била раководител на следниве семинари: финансиска математика, теорија на $H^p$ простори, теорија на дистрибуции, дистрибуции и аналитички функции, гранични вредности во простори на ултрадистрибуции, како и еден од одговорните наставници за семинарите: теорија на функции, хармониски функции, и Банахови простори на аналитички функции. Исто така била еден од раководителите на семинарот итеративни функциски системи во комплексна рамнина и учесник во работата на семинарот увод во фрактална динамика, кои се одржуваа на ФЕИТ при УКИМ. Семинарите континуирано се одржувани, по еднаш или два пати секоја недела во текот на еден семестар.

**По изборот во звањето редовен професор** има држено настава по предметите: математика (ИБ), множества и логика (М-Ф), финансиска математика (ИМ), комплексни функции (ИМ), комплексна анализа (ИМ), биостатистика (ИБ), вовед во комплексна анализа (ИМ), алгебарски структури (М-Ф), математичка анализа 2 (ИФ), финансиска математика 2 (ИМ), математика со биостатистика (ИБ).

На теориската насока на вториот циклус студии на ИМ при ПМФ-Скопје била предметен наставник на предметите: теорија на аналитички функции, теорија на $H^p$ простори, теорија на дистрибуции. Држела настава и на насоката на вториот циклус на студии на ИМ за математичко образование, по предметот споредбено образование и современи образовни системи за математика. Исто така, била еден од предметните наставници и на студиска програма од втор циклус студии по математичка статистика, актуарство и математичко моделирање во економија по предметите: одбрани делови од финансиска и актуарска математика, теорија на веројатност и математичка статистика.

На третиот циклус студии на ИМ при ПМФ-Скопје била еден од предметните наставници по предметот анализа за трет циклус, како и предметен наставник на комплексни функции (напредно ниво).

**Универзитетски учебници и учебни помагала**

До изборот за редовен професор, д-р Весна Манова Ераковиќ има 2 позитивно рецензирани збирки.

**По изборот за редовен професор** има позитивно рецензиран универзитетски учебник: Математика I дел (за студентите по биологија), во коавторство со проф. д-р Драган Димитровски и вонр. проф. д-р Ѓорѓи Маркоски. Во коавторство со нив, во тек е

изработка на универзитетски учебник: Математика II дел (за студентите по биологија), за кој постои интерна скрипта која студентите ја користат последните неколку години.

**Средношколски учебници и друга стручна литература**

До изборот за редовен професор има објавено 2 средношколски учебници, како и 30 публикации / книги за натпреварите по математика.

**По изборот во звањето редовен професор,** д-р Весна Манова-Ераковиќ, во коавторство со други математичари, има објавено и 23 книги кои претставуваат богата математичка литература за подготовка на учениците за натпревари на сите нивоа и работа со надарените ученици за математика. Во продолжение е списокот на книгите.

1. Малчески А., Манова Ераковиќ В., Брсакоска С., Гацовска А., Костадинова С., Главче М., Меѓународен натпревар “Кенгур“ 2014, Библиотека „Сигма“. Сигмина ризница, СММ 2014.
2. Малчески А., Манова Ераковиќ В., Брсакоска С., Гацовска А., Костадинова С., Збирка задачи за I, II, III одделение од меѓународниот натпревар Кенгур, Библиотека Сигма. Сигмина ризница, СММ 2014.
3. Малчески А., Манова Ераковиќ В., Меѓународен натпревар Кенгур 1994-2013: IV-V одделение деветолетка, Библиотека Сигма. Сигмина ризница, СММ 2014.
4. Малчески А, Манова Ераковиќ В., Брсакоска С., Гацовска А., Маркоски Ѓ., Миовска В., Лешковски Д., Соколоски П., Стојковска И., Велинов Д., Костадинова С., Мисајлески З., Меѓународен натпревар „Кенгур“ VI – VII одделение, Библиотека Сигма. Сигмина ризница, СММ 2014.
5. Малчески А, Манова Ераковиќ В., Брсакоска С., Гацовска А., Маркоски Ѓ., Миовска В., Лешковски Д., Соколоски П., Стојковска И., Велинов Д., Костадинова С., Мисајлески З., Маркоска Ј., Меѓународен натпревар „Кенгур“ VIII и IX одделение, Библиотека „Сигма“. Сигмина ризница, СММ 2014.
6. Малчески А, Манова Ераковиќ В., Брсакоска С., Гацовска А., Маркоски Ѓ., Миовска В., Лешковски Д., Соколоски П., Стојковска И., Велинов Д., Костадинова С., Мисајлески З., Меѓународен математички натпревар „Кенгур“ 1-2 година, Библиотека „Сигма“. Сигмина ризница, СММ 2014
7. Малчески А, Манова Ераковиќ В., Брсакоска С., Гацовска А., Маркоски Ѓ., Миовска В., Велинов Д., Костадинова С., Мисајлески З., Соколоски П., Стојковска И., Лешковски Д., Меѓународен математички натпревар „Кенгур“ 3-4 година, Библиотека „Сигма“. Сигмина ризница, СММ 2014
8. Малчески А, Манова Ераковиќ В., Малчески Р., Брсакоска С., Гацовска А., Миовска В., Маркоски Ѓ., Стојковска И., Лешковски Д., Петрушевски М., Велинов Д., Костадинова С., Мисајлески З., Соколоски П., Маркоска Ј., Јовчески И., Цветковски З., Самарџиска С., Гогоска В., Димоски П., Димоски Т., Андова В., Пачемска Т., Лазарова Л., Натпревари по математика 2006-2013 година-основно образование, Библиотека Сигма. Сигмина ризница, СММ 2014

9. Малчески А., Манова Ераковиќ В., Гацовска А., Брсакоска С., Костадинова С., Главче М., Меѓународен математички натпревар Кенгур 2013, Библиотека „Сигма“. Сигмина ризница, СММ 2014
10. Малчески А., Манова Ераковиќ В., Брсакоска С., Гацовска А., Збирка задачи за 1, 2, 3 одделение од меѓународниот натпревар Кенгур, Библиотека „Сигма“. Сигмина ризница, СММ 2012
11. Малчески А., Манова Ераковиќ В., Брсакоска С., Гацовска А., Меѓународен натпревар Кенгур 2012, Библиотека „Сигма“. Сигмина ризница, СММ 2012
12. Малчески А, Манова Ераковиќ В., Маркоски Ѓ., Брсакоска С., Гацовска А., Миовска В., Главче М., Прангоски Б., Лешкоски Д., Филиповски С., Велинов Д., Костадинова С., Мисајлески З., Соколоски П., Димоски П., Димоски Т., Петрушевски М., Андова В., Шоптрајанов М., Ангелеска Ј., Натпревари по математика во средно образование 2014 година, Библиотека „Сигма“. Сигмина ризница, СММ 2014
13. Малчески А, Манова Ераковиќ В., Миовска В., Маркоски Ѓ., Брсакоска С., Шоптрајанов М., Гацовска А., Соколоски П., Прангоски Б., Мисајлески З., Димоски П., Филиповски С., Костадинова С., Андова В., Велинов Д., Јовчески И., Главче М., Димоски Т., Натпревари по математика во средно образование 2013 година, Библиотека „Сигма“. Сигмина ризница, СММ 2013
14. Малчески А, Манова Ераковиќ В., Маркоски Ѓ., Брсакоска С., Шоптрајанов М., Пачемска Т., Главче М., Гацовска А., Соколоски П., Прангоски Б., Мисајлески З., Димоски П., Филиповски С., Костадинова С., Велинов Д., Андова В., Јовчески И., Маркоска Ј., Димоски Т., Пачемска С., Лазарова Л., Натпревари по математика во основно образование 2013 година, Библиотека „Сигма“. Сигмина ризница, СММ 2013
15. Малчески А, Манова Ераковиќ В., Миовска В., Маркоски Ѓ., Брсакоска С., Гогова В., Гацовска А., Соколоски П., Прангоски Б., Мисајлески З., Димоски П., Филиповски С., Костадинова С., Андова В., Велинов Д., Јовчески И., Натпревари по математика во средно образование 2012 година, Библиотека „Сигма“. Сигмина ризница, СММ 2012
16. Малчески А, Манова Ераковиќ В., Маркоски Ѓ., Брсакоска С., Шоптрајанов М., Гацовска А., Соколоски П., Прангоски Б., Мисајлески З., Димоски П., Филиповски С., Костадинова С., Велинов Д., Андова В., Јовчески И., Маркоска Ј., Димоски Т., Натпревари по математика во основно образование 2012 година, Библиотека „Сигма“. Сигмина ризница, СММ 2012
17. Малчески А, Манова Ераковиќ В., Лешковски Д., Прангоски Б., Јовчески И., Димоски П., Соколоски П., Андова В., Мисајлески З., Шоптрајанов М., Велинов Д., Филиповски С., Mathematical Olympiads 2011, Библиотека „Сигма“. Сигмина ризница, СММ 2012
18. Малчески А, Манова Ераковиќ В., Брсакоска С., Прангоски Б., Јовчески И., Димоски П., Димоски Т., Андова В., Филиповски С., Ангелеска Ј., Mathematical Olympiads 2012, Библиотека „Сигма“. Сигмина ризница, СММ 2012
19. Малчески А., Манова Ераковиќ В., Малчески Р., Брсаковска С., Шоптрајанов Ш., Петрушевски М., Димовски П., Прангоски Б., Велинов

В., Јовчевски И., Андова В., Димовски Т., Mathematical Olympiads 2015, Библиотека „Сигма“. Сигмина ризница, СММ 2015

20. Малчески А., Манова Ераковиќ В., Брсаковска С., Гацовска А. Миовска В., Маркоски Ѓ, Лешкоски Д., Филиповски С., Велинов Д., Костадинова С., Мисајлески З., Соколоски П., Димоски П., Димоски Т., Главче М., Регионален натпревар по математика за учениците од средното образование 2014, Библиотека „Сигма“. Сигмина ризница, СММ 2014
21. Малчески А., Манова Ераковиќ В., Малчески Р, Маркоски Ѓ., Брсакоска С., Сигмина ризница-Рубрика задачи 1006-1260, Библиотека „Сигма“. Сигмина ризница, СММ 2012
22. Малчески А., Манова Ераковиќ В., Малчески Р, Маркоски Ѓ., Брсакоска С., Сигмина ризница-Рубрика конкурсни задачи 1-192, Библиотека „Сигма“. Сигмина ризница, СММ 2012
23. Малчески А., Манова Ераковиќ В., Малчески Р, Маркоски Ѓ., Брсакоска С., Сигмина ризница-Подготвителни задачи, Библиотека „Сигма“. Сигмина ризница, СММ 2012

**Научноистражувачка дејност**

Научниот интерес на д-р Весна Манова-Ераковиќ е од областа на комплексната анализа и теорија на дистрибуции. Досега има објавено 28 научни трудови, од кои 4 се во меѓународни списанија со фактор на влијание, 13 во меѓународни математички списанија и зборници и 11 во домашни математички списанија и зборници.

До изборот во звањето редовен професор, д-р Весна Манова-Ераковиќ има објавено 21 научен труд.

**По изборот во звањето редовен професор,** д-р Весна Маноова-Ераковиќ ги има објавено следниве трудови:

1. Malcheski A., Manova-Erakovik V., A characterization of $n$-seminorm, Mathematica Balkanica, New Series Vol. 25 (2011), Fasc. 4, Bulgaria, p.p. 427-436, 2011

2. Manova-Erakovic V., Reckoski V., A note on the analytic representations of convergent sequences in S', Filomat 29:6 (2015), Serbia, 2015, p.p. 1419-1424 (i.f. 0,638)

3. Manova Erakovik V., Pilipovic, S., Reckovski V., Analytic representations of sequences in $L^p$ spaces, $1 \le p < \infty$ , Filomat, Serbia, accepted for publication in 2015 (i.f. 0,638)

4. Manova-Erakovik V., Reckovski V., A Note on the analytic representations of sequences in $L^2(R)$ space, Proceedings of the Sixth International Scientific

Conference-FMNS 2015, South-West University "Neofit Rilski", Blagoevgrad, Bulgaria, 2015, p.p. 57-61

5. Reckovski V., Manova Erakovik V., Reckoski N., Convergence of some special harmonic functions, Proceedings of the V Congress of the Mathematicians of Macedonia, Vol. 2 (2015), CMM, Macedonia, 2015, p.p. 53-57

6. Reckoski N., Reckovski V., Manova-Erakovikj V., Some notes on the periodic distributions, accepted for publication in the Proceedings of MICOM 2015, Greece, 2015

7. Malceski R., Manova-Erakovic V., Malceski A., Some inequalities in quasi 2-normed space $L^p(\mu), 0 < p < 1$ , British Journal of Mathematics & Computer Science, 15(2): 1-9, 2016, Article no. BJMCS. 22885, 2016, p.p. 1-9

**Учество на научни собири, школи и кратки престои**

До изборот во звањето редовен професор, со свои соопштенија има учествувано на 11 научни собири.

Д-р Весна Манова-Ераковиќ, по покана на Природно-математичкиот факултет во Нови Сад, Србија, во 2001 година, одржала предавање на Факултетот во кое ги презентирала нејзините научни резултати.

Во рамките на проектот DAAD, има учествувано на две школи, едната од областа финансиска математика, во Пловдив, Бугарија, 2002, а другата од областа мали бранови во Нови Сад, Србија и Црна Гора, 2004.

Во јуни 2010 година, по покана на National Technical University, School of applied mathematics and physical sciences, Атина, Грција, престојувала една недела на Универзитетот и одржала предавање на тема: Boundary values of analytic functions in the sence of distributions.

Во периодот од 11 до 14 декември 2006 година, престојувала на Факултетот за математика и информатика (ФМИ) и Бугарската академија на науките (БАН) во Софија, Бугарија. Во периодот од 21 до 24 декември 2006 година, престојувала на Природно-математичкиот факултет во Нови Сад, Србија. Во периодот од 22 до 26 март 2007 година, била во Атина, Грција на состанок на Извршниот одбор на Меѓународната математичка асоцијација на Југоисточна Европа, MASSEE. Во периодот од 10 до 15 октомври, 2007 година, престојувала на Природно-математичкиот факултет во Нови Сад и Српската академија на науките и уметностите во Белград (САНУ), Србија. Во периодот од 18 до 21

октомври 2007 година, била во Грац, Австрија, на Меѓународна научна конференција и состанок на KSF, како и посета на Техничкиот факултет во Грац. Во март 2008 година имала четиридневен престој во Атина, Грција на состанок на MASSEE.

**По изборот во звањето редовен професор**, нејзини трудови се презентирани на:

1. The MASSEE International Congress on Mathematics MICOM 2015, Athens, Greece, 2015;

2. The International scientific conference, FMNS-2015, Blagoevgrad, Bulgaria, 2015;

3. V Congress of the Mathematicians of Macedonia, Ohrid, Macedonia, 2014.

Исто така учествувала во работа на семинарот Intensive course program "Gabour frames and wavelets in local analyses", 15-20 септември 2011, Нови Сад, Србија.

Д-р Весна Манова-Ераковиќ престојувала на:

1. The Reference Centre of Klagenfurt (University of Klagenfurt), Austria, во рамките на проектот Fibonacci, 4-8 ноември 2012;

2. The National Technical University, School of applied mathematics and physical sciences, Атина, Грција, во рамките на состанокот на Извршниот одбор на Меѓународната математичка асоцијација на Југоисточна Европа, MASSEE, април 2012, Атина, Грција;

3. престој на Природно-математички факултет, Универзитет во Нови Сад, 12-16 август 2013, Нови Сад, Србија;

4. состанок на Извршниот одбор на Меѓународната математичка асоцијација на Југоисточна Европа, MASSEE, април 2013, Атина, Грција;

5. состанок на Извршниот одбор на Меѓународната математичка асоцијација на Југоисточна Европа, MASSEE, април 2014, Атина, Грција;

6. состанок на Извршниот одбор на Меѓународната математичка асоцијација на Југоисточна Европа, MASSEE, април 2015, Атина, Грција.

**Учество во проекти**

До изборот во звањето редовен професор, Д-р Весна Манова-Ераковиќ била раководител на 1 научен проект, учествувала во 3 научни проекти и била координатор на 2 други проекти.

**По изборот во звањето редовен професор** има учествувано во меѓународниот проект "Fibonaci".

**Работа на научно усовршување на помлади колеги**

Во текот на својата работа на ПМФ Скопје, до изборот во звањето вонреден професор, била: член во комисија за оценка и одбрана на 3 магистерски работи и член во комисија за оцена и одбрана на 3 докторски тези.

По изборот во звањето вонреден професор, била: ментор на 6 одбранети магистерски работи, член во комисија за оцена и одбрана на 1 магистерска работа, член во комисија за оцена и одбрана на 3 докторски тези, член во комисија за избор во наставно-научно звање и член во комисија за избор на демонстратори на ИМ.

**По изборот во звањето редовен професор**, како вработена на ПМФ - Скопје, била: ментор на 2 магистерски работи и ментор на еден докторанд; Покрај ова, била член во: комисија за оцена и одбрана на 5 магистерски работи, комисија за оцена и одбрана на 6 докторски тези, и во комисија за избор во наставно-научно звање.

Во текот на својата работа на ПМФ во Скопје, била ментор на повеќе дипломски работи.

**Активности и задолженија во математичкото општество**

До изборот во звањето вонреден професор, д-р Манова-Ераковиќ, била претседател на пописна комисија на ИМ и претседател на Централна пописна комисија на ПМФ - Скопје; член на Комисија за изготвување на наставни планови и програми; член на Комисија за подготвување и спроведување на приемни испити на ПМФ - Скопје; член на одбор за подготвителна настава за приемни испити; член на Комисија за нострификација на дипломи; рецензент на учебник; раководител на Завод за анализа на ИМ при ПМФ - Скопје; претседател на комисии за стручно вреднување на ракописи на учебници за средно образование.

Во 2002 и 2003 година била водач на екипите од студенти кои учествувале на меѓународниот натпревар по математика за студенти. На нејзин предлог до главниот организатор на меѓународниот натпревар по математика за студенти “University College London”, овој натпревар во 2004 година се одржал во Македонија, како земја домаќин. Од главниот организатор и ИМ д-р Весна Манова-Ераковиќ, била потврдена за локален организатор на овој меѓународниот натпревар по математика за студенти.

По изборот за вонреден професор е раководител на двопредметните студии по математика-физика на ПМФ-Скопје и член во Комисијата за соработка со странство на ПМФ-Скопје.

**По изборот во звањето редовен професор** е раководител на студиска програма од втор циклис студии по математичка статистика, актуарство и математичко моделирање во економија.

Многу значајна е активноста на Весна Манова-Ераковиќ во Сојузот на математичарите на Македонија. Од почетокот на своето вработување на ПМФ во Скопје, како член на Комисијата за задачи за натпревари по математика, активно учествува во подготвувањето и изборот на задачи за регионални и републички натпревари и математички олимпијади за учениците од основните и средните училишта, како и нивното спроведување. Била координатор на математичката Балканијада во Македонија. Неколку години, од 1999 до 2001 и од 2004 до 2006 успешно ги подготвувала македонските репрезентации кои учествувале на меѓународните математички олимпијади за ученици од средното образование и во периодот од 1999 до 2001 била нивен заменик-водач, а во периодот од 2004 до 2006 била водач на македонските репрезентации.

И по изборот во звањето вонреден професор, како член на Комисијата за меѓународни натпревари, ги подготвувала македонските репрезентации кои учествувале на меѓународните математички олимпијади за ученици од средното образование и во периодот од 2007 до 2011 била водач на македонските репрезентации.

Како член на координативното тело за меѓународниот натпревар „Кенгур“, активно учествувала во организацијата и спроведувањето на натпреварот.

Во 2004 година била избрана за претседател на Сојузот на математичари на Македонија (СММ). Како претседател ги организирала натпреварите по математика за ученици од основно и средно образование на сите нивоа, како и Третиот конгрес на математичарите на Македонија.

Во мај 2007 повторно била избрана за претседател на Сојузот на математичари на Македонија. Освен натпреварите по математика за ученици од основно и средно образование на сите нивоа и меѓународниот натпревар „Кенгур“, д-р Весна Манова-Ераковиќ ги организирала и Балканската математичка олимпијада за ученици од средно образование, ВМО 2008, IV конгрес на математичарите на Македонија и Меѓународниот математички конгрес, MICOM 2009.

Во склоп на активностите на СММ, била: претседател на жирито на ВМО 2008, заменик-претседател на Организациониот одбор на ВМО 2008, член на Организациониот одбор на Третиот конгрес на математичарите на Македонија и уредник на Зборникот на трудови од конгресот, член на Организациониот и Редакцискиот одбор на IV конгрес на математичарите на Македонија, Струга, Македонија, 2008, претседател на Организациониот одбор на MASSEE International Congress on Mathematics MICOM 2009, Охрид, Македонија, 2009, заменик-претседател на Програмскиот одбор на MASSEE International Congress on Mathematics MICOM 2009, Охрид, Македонија, 2009, член на Редакцискиот одбор на математичкото списание за ученици од основното образование “Нумерус”, член на Редакцискиот одбор на математичкото списание за ученици од средното образование “Сигма”, член на Редакцискиот одбор на научното математичкото списание “Математички билтен”, член на Извршниот одбор на меѓународната математичка асоцијација на Југоисточна Европа, MASSEE, во три мандати (благајник, во еден мандат).

**По изборот во звањето редовен професор**, била:

1. претседател на СММ, до септември 2012;
2. претседател на координативното тело за натпревари при СММ, од 2013 до сега;
3. претседател на Комисијата за меѓународни натпревари;
4. водач на македонските репрезентации кои учествуваа на меѓународните математички олимпијади за ученици од средното образование во периодот од 2012 до 2015;
5. претседател на Организациониот одбор на V конгрес на математичарите на Македонија;
6. заменик-претседател на Програмскиот одбор на V конгрес на математичарите на Македонија;
7. претседател на Програмскиот одбор на VI конгрес на математичарите на Македонија;
8. заменик-претседател на Организациониот одбор на VI конгрес на математичарите на Македонија;
9. член на Редакцискиот одбор на математичкото списание за ученици од основното образование "Нумерус";
10. член на Редакцискиот одбор на математичкото списание за ученици од средното образование „Сигма";
11. член на Редакцискиот одбор на научното математичкото списание "Математички билтен";
12. член на Извршниот одбор на меѓународната математичка асоцијација на Југосточна Европа, MASSEE
13. претседател на жириото на Јуниорската балканска математичка олимпијада, JBMO 2014;
14. претседател на жириото на Математичката олимпијада за студенти, SEEMOUS 2015.

Д-р Весна Манова-Ераковиќ е рецензент за Mathematical Reviews, а има рецензирано и трудови за објавување во други меѓународни и домашни научни списанија и зборници од својата област.

Од странските јазици активно ги зборува англискиот и францускиот, а пасивно германскиот и рускиот јазик.

Врз основа на добиените просечни оценки од анкетата на студентите, комисиите за самоевалуација на ПМФ во Скопје заклучија дека проф. д-р Весна Манова Ераковиќ има **позитивна оценка** од самоевалуацијата.

## З А К Л У Ч О К  И  П Р Е Д Л О Г

Врз основа на извештајот, Рецензентската комисија констатира дека д-р Весна Манова-Ераковиќ како и претходно била активно ангажирана во изведувањето настава на I и II циклус студии на Институтот за математика, а  во извештајниот период и со настава на докторските студии по математички науки и примени, и е ментор на еден докторанд и два магистранда. Коавтор е на еден универзитетски учебник.

Покрај работата на усовршувањето на помлади колеги на универзитетско ниво, многу значаен дел од нејзините активности е и популаризацијата на математиката меѓу талентираните ученици од средното и основното образование преку натпреварите во организација на Сојузот на математичари на Македонија.

Објавените научни трудови, учеството на научни собири во земјата и во странство, како и кратките универзитески престои покажуваат дека д-р Весна Манова-Ераковиќ го одржува научното ниво на квалитетен редовен професор.

Комисијата позитивно ги оценува наставните и научните активности на д-р Весна Манова-Ераковиќ и смета дека се исполнети сите услови д-р Весна Манова- Ераковиќ да биде повторно избрана во звањето редовен професор.

Врз основа на изнесените факти, личното искуство во соработката со кандидат-ката, Законот за високото образование на Република Македонија и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на УКИМ во Скопје, предлагаме Наставно-научниот совет на ПМФ во Скопје, повторно да ја избере д-р Весна Манова-Ераковиќ во звањето редовен професор по група предмети од наставно-научната област: анализа и функционална анализа на Институтот за математика при ПМФ во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Академик д-р Стеван Пилиповиќ, редовен професор
   на ПМФ во Нови Сад, Р Србија, с.р.
2. Д-р Никита Шекутковски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.
3. Д-р Марија Оровчанец, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Весна Стојан Манова-Ераковиќ**

(име, татково име и презиме)

**Институција: Природно-математички факултет во Скопје/Институт за математика**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: математика**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста:<br><br>Одржување на настава | Поени<br><br>Вкупно:73,2 |
|---|---|---|
| 1. | Предмети од прв циклус студии:<br><br>Комплексни функции, 4+4, 1 семестар (сите насоки на ИМ)-2,4 поени<br><br>Вовед во комплексна анализа, 2+2, 5 семестри (сите насоки на ИМ)-6 поени<br><br>Комплексна анализа, 2+2, 5 семестри (сите насоки на ИМ)-6 поени<br><br>Финансиска математика, 2+2, 5 семестри (применета насока на ИМ)-6 поени<br><br>Финансиска математика 2, 2+1, 4 семестри (применета насока на ИМ)-4,8 поени<br><br>Множества и логика (математика-физика), 3+3, 3 семестри -5,4 поени<br><br>Алгебарски структури (математика-физика), 2+2, 3 семестри -3,6 поени | |

| | | |
|---|---|---|
| | Математика со биостатистика (биохемиско-физиолошка, еколошка и молекуларна насока на ИБ), 3+3, 4 семестри -7,2 поени<br><br>Математика (биохемиско-физиолошка, еколошка и молекуларна насока на ИБ), 2+2, 1 семестар -1,2 поени<br><br>Биостатистика (биохемиско-физиолошка, еколошка и молекуларна насока на ИБ), 2+2, 1 семестар -1,2 поени<br><br>Математичка анализа 2 (сите насоки на ИФ), 3+3, 2 семестри -3,6 поени<br><br>Математичка анализа 2 (сите насоки на ИФ), 4+4, 3 семестри -7,2 поени | Поени: 54,6 |
| 2. | Предмети од втор циклус на Институт за математика при ПМФ во Скопје, теориска насока:<br><br>Теорија на $H^p$ простори, 2 часа неделно, еден семестар-1,5 поени<br><br>Теорија на дистрибуции, 2 часа неделно, еден семестар -1,5 поени<br><br>Предмети од втор циклус на Институт за математика при ПМФ-Скопје, теориска насока (еден од предметните наставници):<br><br>Теорија на аналитички функции, 2 часа неделно, 5 семестри-3,75 поени<br><br>Банахови простори на аналитички функции, 2 часа неделно, еден семестар-0,75 поени<br><br>Предмети од втор циклус на Институт за математика при ПМФ во Скопје, насока-математичко образование:<br><br>Споредбено образование и современи образовни системи за математика, 2 часа неделно, 4 семестри-6 поени | |

| | | |
|---|---|---|
| | Предмети од втор циклус на Институт за математика при ПМФ во Скопје, насока - **математичка статистика, актуарство и математичко моделирање во економија**: (еден од предметните наставници):<br><br>**Одбрани делови од** финансиска и актуарска математика, 2 часа неделно, еден семестар-0,75 поени<br><br>Теорија на веројатност и математичка статистика, 2 часа неделно, еден семестар-0,75 поени | Поени: 15 |
| 3. | Предмети од трет циклус студии на ИМ при ПМФ во Скопје:<br><br>Анализа за трет циклус, 2 часа неделно, 3 семестри (еден од трите предметните наставници)-1,8 поени<br><br>Комплексни функции н.н., 2 часа неделно, еден семестар-1,8 поени | Поени: 3,6 |
| **Ред. број** | **Назив на активноста:**<br><br>**Настава во школи и работилници/учесник** | **Поени**<br><br>**Вкупно: 1** |
| 1. | Intensive course program “Gabour frames and wavelets in local analyses”, 15-20 Септември, 2011, Нови Сад, Србија | Поени: 1 |
| **Ред. број** | **Назив на активноста:**<br><br>**Консултации со студенти** | **Поени**<br><br>**Вкупно:1,37** |
| 1. | Предмети од прв циклус на студии: | |

| | | |
|---|---|---|
| | Комплексни функции, околу 15 студенти во просек, 1 семестар (сите насоки на ИМ) - 0,03 поени<br><br>Вовед во комплексна анализа, околу 10 студенти во просек, 5 семестри (сите насоки на ИМ) - 0,1 поени<br><br>Комплексна анализа, околу 5 студенти во просек, 5 семестри (сите насоки на ИМ) - 0,05 поени<br><br>Финансиска математика, околу 15 студенти во просек, 5 семестри (применета насока на ИМ) - 0,15 поени<br><br>Финансиска математика 2, околу 5 студенти во просек, 4 семестри (применета насока на ИМ) - 0,04 поени<br><br>Множества и логика (математика-физика), околу 5 студенти во просек, 3 семестри - 0,03 поени<br><br>Алгебарски структури (математика-физика), околу 5 студенти во просек, 3 семестри - 0,03 поени<br><br>Математика со биостатистика (биохемиско-физиолошка, еколошка и молекуларна насока на ИБ), околу 70 студенти во просек, 4 семестри - 0,56 поени<br><br>Математика (биохемиско-физиолошка, еколошка и молекуларна насока на ИБ), околу 70 студенти во просек, 1 семестар - 0,14 поени<br><br>Биостатистика (биохемиско-физиолошка, еколошка и молекуларна насока на ИБ), околу 70 студенти во просек 2, 1 семестар - 0,14 поени<br><br>Математичка анализа 2 (сите насоки на ИФ), околу 10 студенти во просек, 2 семестри - 0,04 поени<br><br>Математичка анализа 2 (сите насоки на ИФ), околу 10 студенти во просек, 3 семестри - 0,06 поени | Поени: 1,37 |
| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |

| | | |
|---|---|---|
| | **Ментор на дипломска работа (4)** | **Вкупно:0,8** |
| **Ред. број** | **Назив на активноста:**<br><br>**Член на комисија за оценка или одбрана на докторат (6)** | **Поени**<br><br>**Вкупно: 3** |
| **Ред. број** | **Назив на активноста:**<br><br>**Член на комисија за оценка или одбрана на магистратура (5)** | **Поени**<br><br>**Вкупно: 1,5** |
| **Ред. број** | **Назив на активноста:**<br><br>**Член на комисија за оценка или одбрана на дипломска работа (1)** | **Поени**<br><br>**Вкупно: 0,1** |
| **Ред. број** | **Назив на активноста:**<br><br>**Позитивно рецензиран универзитетски учебник-коавтор** | **Поени**<br><br>**Вкупно: 6** |
| 1. | **Математика I дел (за студентите по биологија)** | |
| **Ред. број** | **Назив на активноста:**<br><br>**Интерна скрипта од предавања** | **Поени**<br><br>**Вкупно: 4** |
| 1. | **Математика II дел (за студентите по биологија)** | |
| **Ред. број** | **Назив на активноста:**<br><br>**Научно-популарна книга-коавтор** | **Поени**<br><br>**Вкупно: 80** |
| 1. | Малчески А., Манова Ераковиќ В., Брсакоска С., Гацовска А., Меѓународен натпревар “Кенгур” 2012, Библиотека “Сигма”. Сигмина ризница, СММ 2012 | |
| 2. | Малчески А., Манова Ераковиќ В., Брсакоска С., Гацовска А., Збирка задачи за 1, 2, 3 одделение од меѓународниот натпревар “Кенгур”, Библиотека “Сигма”. Сигмина ризница, СММ 2012 | |
| 3. | Малчески А, Манова Ераковиќ В., Миовска В., Маркоски Ѓ., Брсакоска С., Гогова В., Гацовска А., Соколоски П., Прангоски Б., Мисајлески З., Димоски П., Филиповски С., Костадинова С., Андова В., Велинов Д., Јовчески И., Натпревари по математика во средно образование 2012 година, Библиотека “Сигма”. Сигмина ризница, СММ 2012 | |
| 4. | Малчески А, Манова Ераковиќ В., Маркоски Ѓ., Брсакоска С., Шоптрајанов М., Гацовска А., Соколоски П., Прангоски Б., Мисајлески З., Димоски П., Филиповски С., Костадинова С., Велинов Д., Андова | |

| | | |
|---|---|---|
| | В., Јовчески И., Маркоска Ј., Димоски Т., Натпревари по математика во основно образование 2012 година, Библиотека "Сигма". Сигмина ризница, СММ 2012 | |
| 5. | Малчески А, Манова Ераковиќ В., Лешковски Д., Прангоски Б., Јовчески И., Димоски П., Соколоски П., Андова В., Мисајлески З., Шоптрајанов М., Велинов Д., Филиповски С., Mathematical Olympiads 2011, Библиотека "Сигма". Сигмина ризница, СММ 2012 | |
| 6. | Малчески А, Манова Ераковиќ В., Брсакоска С., Прангоски Б., Јовчески И., Димоски П., Димоски Т., Андова В., Филиповски С., Ангелеска Ј., Mathematical Olympiads 2012, Библиотека "Сигма". Сигмина ризница, СММ 2012 | |
| 7. | Малчески А, Манова Ераковиќ В., Миовска В., Маркоски Ѓ., Брсакоска С., Шоптрајанов М., Гацовска А., Соколоски П., Прангоски Б., Мисајлески З., Димоски П., Филиповски С., Костадинова С., Андова В., Велинов Д., Јовчески И., Главче М., Димоски Т., Натпревари по математика во средно образование 2013 година, Библиотека "Сигма". Сигмина ризница, СММ 2013 | |
| 8. | Малчески А, Манова Ераковиќ В., Маркоски Ѓ., Брсакоска С., Шоптрајанов М., Пачемска Т., Главче М., Гацовска А., Соколоски П., Прангоски Б., Мисајлески З., Димоски П., Филиповски С., Костадинова С., Велинов Д., Андова В., Јовчески И., Маркоска Ј., Димоски Т., Пачемска С., Лазарова Л., Натпревари по математика во основно образование 2013 година, Библиотека "Сигма". Сигмина ризница, СММ 2013 | |
| 9. | Малчески А., Манова Ераковиќ В., Гацовска А., Брсакоска С., Костадинова С., Главче М., Меѓународен математички натпревар "Кенгур" 2013, Библиотека "Сигма". Сигмина ризница, СММ 2014 | |
| 10. | Малчески А., Манова Ераковиќ В., Меѓународен натпревар Кенгур 1994-2013 : IV-V одделение деветолетка, Библиотека "Сигма". Сигмина ризница, СММ 2014 | |
| 11. | Малчески А, Манова Ераковиќ В., Брсакоска С., Гацовска А., Маркоски Ѓ., Миовска В., Лешковски Д., Соколоски П., Стојковска И., Велинов Д., Костадинова С., Мисајлески З., Меѓународен натпревар "Кенгур" 6-7 одделение, Библиотека "Сигма". Сигмина ризница, СММ 2014 | |
| 12. | Малчески А, Манова Ераковиќ В., Брсакоска С., Гацовска А., Маркоски Ѓ., Миовска В., Лешковски Д., Соколоски П., Стојковска И., Велинов Д., Костадинова С., Мисајлески З., Маркоска Ј., Меѓународен натпревар "Кенгур" 8-9 одделение, Библиотека "Сигма". Сигмина ризница, СММ 2014 | |

| | | |
|---|---|---|
| 13. | Малчески А, Манова Ераковиќ В., Брсакоска С., Гацовска А., Маркоски Ѓ., Миовска В., Лешковски Д., Соколоски П., Стојковска И., Велинов Д., Костадинова С., Мисајлески З., Меѓународен математички натпревар "Кенгур" 1-2 година, Библиотека "Сигма". Сигмина ризница, СММ 2014 | |
Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Кандидатката учествува во уредувачкиот одбор за издавање на следниве меѓународни научни/стручни списанија: „Социјална политика“, во издание на Институтот за политички студии од Белград, Србија и на „Ревија за социјална политика“, во издание на Филозофскиот факултет од Скопје.

Кандидатката била член на организационен/програмски одбор на 2 меѓународни конференции.

Во изборниот период, проф. д-р Сузана Борнарова остварила учество во Меѓуминистерската работна група за социјална заштита при Министерството за труд и социјална политика (во соработка со УНИЦЕФ и Светска банка), како и во Координативното тело за имплементација на Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021, при Министерството за труд и социјална политика.

Во професионалната средина на социјалната област, кандидатката е позната по својата креативност и внесување иновации во функционирањето на системот на социјална заштита во Република Македонија.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката проф. д-р Сузана Борнарова, во академските 2013/2014 и 2014/2015 година, добила позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Институтот за социјална работа и социјална политика при Филозофскиот факултет.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на проф. д-р Сузана Борнарова. Комисијата оценува дека преку севкупниот досегашен наставно-научен ангажман, кандидатката остварила сериозни академски достигнувања, кои оставиле препознатлив печат во социјалната политика и социјалната работа. Научната втемеленост, методолошката прецизност и критичкиот пристап се принципиелни одлики на нејзиниот професионален ангажман. Од особен интерес се нејзините залагања за воспоставување на нови научни области и полиња за истражување во социјалната работа и социјалната политика во Република Македонија, меѓу кои спаѓаат социјалната политика и старите лица и семејната политика. Сето ова ја прави кандидатката проф. д-р Сузана Борнарова изграден научен и стручен работник, со респектибилно професионално досие и завиден индивидуален интегритет.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека проф. д-р Сузана Борнарова поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во научната област: социјална политика, теорија на социјална работа, социјална работа (во здравство, образование, социјална заштита и др.), методики на социјална работа (поединец, група и локална заедница), системи на социјална заштита, образовна политика.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, проф. д-р Сузана Борнарова да биде избрана во звањето редовен професор во научната област: социјална политика, теорија на социјална работа, социјална работа (во здравство, образование, социјална заштита и др.), методики на социјална работа (поединец, група и локална заедница), системи на социјална заштита, образовна политика.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Дивна Лакинска, (с.р)**

**Проф. д-р Мариа Доневска, (с.р)**

**Проф. д-р Маја Геровска-Митев, (с.р)**

***Анекс 2***

# ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
Сузана Миле Борнарова

**Институција:**
Филозофски факултет – Скопје, Институт за социјална работа и социјална политика

**Научна област:** социјална политика, теорија на социјална работа, социјална работа (во здравство, образование, социјална заштита и др.), методики на социјална работа (поединец, група и локална заедница), системи на социјална заштита, образовна политика.

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | ОДРЖУВАЊЕ НАСТАВА | |
| | 1.1. ПРВ ЦИКЛУС | |
| | 2011/2012, летен семестар, социјални проблеми, (3+2) | 1,8 |
| | 2011/2012, зимски семестар, социјална работа со семејство (3+2) | 1,8 |
| | 2011/2012, зимски семестар, образовна политика (3+2) | 1,8 |
| | 2012/2013, летен семестар, социјални проблеми (4+2) | 2,4 |
| | 2012/2013, летен семестар, социјална работа во образование (2+2) | 1,2 |
| | 2012/2013, летен семестар, образовна политика (3+2) | 1,8 |
| | 2012/2013, зимски семестар, социјална работа со семејство (3+2) | 1,8 |
| | 2012/2013, зимски семестар, старите лица и соц. Политика (3+2) | 1,8 |
| | 2013/2014, летен семестар, социјални проблеми (4+2) | 2,4 |
| | 2013/2014, летен семестар, семејна политика (3+2) | 1,8 |
| | 2013/2014, летен семестар, образовна политика (3+2) | 1,8 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | 2013/2014, летен семестар, социјална работа во образование (3+2) | 1,8 |
| | 2013/2014, зимски семестар, социјална работа со семејство (3+2) | 1,8 |
| | 2013/2014, зимски семестар, старите лица и соц. Политика (3+2) | 1,8 |
| | 2014/2015, летен семестар, образовна политика (2+2) | 1,2 |
| | 2014/2015, летен семестар, социјална работа во образование (2+2) | 1,2 |
| | 2014/2015, зимски семестар, социјални проблеми (4+2) | 2,4 |
| | 2014/215, зимски семестар, социјална работа со семејство (3+2) | 1,8 |
| | 2014/2015, зимски семестар, старите лица и соц. Политика (3+2) | 1,8 |
| | 2015/2016, летен семестар, образовна политика (2+2) | 1,2 |
| | 2015/2016, летен семестар, социјална работа во образование (2+2) | 1,2 |
| | 2015/2016, зимски семестар, социјални проблеми (4+2) | 2,4 |
| | 2015/2016, зимски семестар, социјална работа со семејство (3+2) | 1,8 |
| | 2015/2016, зимски семестар, старите лица и соц. политика (3+2) | 1,8 |
| | Вк (1.1): | 42.6 |
| | 1.2. ВТОР ЦИКЛУС | |
| | 2011/2012, пристапи во социјална работа (15) | 0,75 |
| | 2012/2013, пристапи во социјална работа (15) | 0,75 |
| | 2013/2014, правци и пристапи во социјална работа (12) | 0,60 |
| | 2014/2015, правци и пристапи во социјална работа (12) | 0,60 |
| | 2015/2016, правци и пристапи во социјална работа (12) | 0,60 |
| | Вк (1.2): | 3.3 |
| | | |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 2. | ОДРЖУВАЊЕ ВЕЖБИ | |
| | ПРВ ЦИКЛУС | |
| | 2011/2012, летен семестар, социјални проблеми, (3+2) | 0,9 |
| | 2011/2012, зимски семестар, социјална работа со семејство (3+2) | 0,9 |
| | 2011/2012, зимски семестар, образовна политика (3+2) | 0,9 |
| | 2012/2013, летен семестар, социјални проблеми (4+2) | 0,9 |
| | 2012/2013, летен семестар, социјална работа во образование (2+2) | 0,9 |
| | 2012/2013, летен семестар, образовна политика (3+2) | 0,9 |
| | 2012/2013, зимски семестар, социјална работа со семејство (3+2) | 0,9 |
| | 2012/2013, зимски семестар, старите лица и соц. политика (3+2) | 0,9 |
| | 2013/2014, летен семестар, социјални проблеми (4+2) | 0,9 |
| | 2013/2014, летен семестар, семејна политика (3+2) | 0,9 |
| | 2013/2014, летен семестар, образовна политика (3+2) | 0,9 |
| | 2013/2014, летен семестар, социјална работа во образование (3+2) | 0,9 |
| | 2013/2014, зимски семестар, социјална работа со семејство (3+2) | 0,9 |
| | 2013/2014, зимски семестар, старите лица и соц. политика (3+2) | 0,9 |
| | 2014/2015, летен семестар, образовна политика (2+2) | 0,9 |
| | 2014/2015, летен семестар, социјална работа во образование (2+2) | 0,9 |
| | 2014/2015, зимски семестар, социјални проблеми (4+2) | 0,9 |
| | 2014/215, зимски семестар, социјална работа со семејство (3+2) | 0,9 |
| | 2014/2015, зимски семестар, старите лица и соц. политика (3+2) | 0,9 |
| | 2015/2016, летен семестар, образовна политика (2+2) | 0,9 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | 2015/2016, летен семестар, социјална работа во образование (2+2) | 0,9 |
| | 2015/2016, зимски семестар, социјални проблеми (4+2) | 0,9 |
| | 2015/2016, зимски семестар, социјална работа со семејство (3+2) | 0,9 |
| | 2015/2016, зимски семестар, старите лица и соц. политика (3+2) | 0,9 |
| | Вк (2): | 21.6 |
| 3. | НАСТАВА ВО ШКОЛИ И РАБОТИЛНИЦИ | |
| | **Раководител.** Development of Social Services for Vulnerable Groups at the Local Level, November 2012/January 2013 (Gostivar, Resen, Kocani, Skopje), UNDP, Ministry of Labour and Social Policy.<br><br>**Учесник.** SEE Leadership Day Workshop. Southeast Europe Academic Women's Leadership Initiative. Graduate School of Social Work, University of Denver. October 14, 2015. | 7 |
| 4. | КОНСУЛТАЦИИ СО СТУДЕНТИ | |
| | Консултации 2011/2012 (150) | 0,3 |
| | Консултации 2012/2013 (250) | 0,5 |
| | Консултации 2013/2014 (250) | 0,5 |
| | Консултации 2014/2015 (200) | 0,4 |
| | Консултации 2015/2016 (100) | 0,2 |
| | Вк (4): | 1.9 |
| 5. | МЕНТОР НА ДИПЛОМСКА РАБОТА (16) | 3.2 |
| 6. | МЕНТОР НА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКА РАБОТА (1) | 1 |
| 7. | ЧЛЕН НА КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА ИЛИ ОДБРАНА НА ДОКТОРАТ (8) | 4 |
| 8. | ЧЛЕН НА КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА ИЛИ ОДБРАНА НА МАГИСТРАТУРА (12) | 3.6 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 9. | ЧЛЕН НА КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА ИЛИ ОДБРАНА НА ДИПЛОМСКА РАБОТА (74) | 7.4 |
| 10. | ПОЗИТИВНО РЕЦЕНЗИРАН УНИВЕРЗИТЕТСКИ УЧЕБНИК (3, автор)<br>- Социјална работа со семејство (2012)<br>- Социјална работа во образование (2014)<br>- Семејна политика: кон родова рамноправност и хармонизација на работниот и семејниот живот (2014) | 24 |
| 11. | ПОЗИТИВНО РЕЦЕНЗИРАНА ЗБИРКА ЗАДАЧИ ИЛИ ПРАКТИКУМ (1, автор)<br>- Пристапи во социјална работа (2012) | 4 |
| 12. | ИНТЕРНА СКРИПТА ОД ПРЕДАВАЊА (1, автор)<br>- Образовна политика (2014) | 4 |
| | **Вкупно** | 127,6 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | МЕНТОР НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА (1, кандидат Милена Авукатова) | 3 |
| 2. | МЕНТОР НА МАГИСТЕРСКА РАБОТА (4, кандидати: Ана Пирогова, Елизабета Куновска, Лидија Крстевска-Дојчиновска, Маја Иванова) | 4 |
| 3. | РАКОВОДИТЕЛ НА НАЦИОНАЛЕН НАУЧЕН ПРОЕКТ (2)<br>- *“Strengthening Local Capacities for Provision of Social Services”. 2012. УНДП Скопје.*<br>- *“Development of Social Services for Vulnerable Groups at the Local Level”. 2012. УНДП Скопје.* | 12 |
| 4. | НАЦИОНАЛЕН КООРДИНАТОР НА МЕЃУНАРОДЕН НАУЧЕН ПРОЕКТ (1)<br>- *“INTERACT – Researching Third Country Nationals’ Integration as a Three-way Process. Immigrants, Countries of Emigration and Countries of Immigration as Actors of Integration. Research project supported by the European Commission.* European University Institute, Migration Policy Centre, Robert Schuman Centre for Advanced Studies, EUI. Florence, Italy. 2013-2014. | 6 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
| --- | --- | --- |
| 5. | УЧЕСНИК ВО НАЦИОНАЛЕН НАУЧЕН ПРОЕКТ (1)<br><br>- *"Assessment and Revision of the Child Benefits System". Unicef. World Bank. Skopje. 2014-2015.* | 3 |
| 6. | УЧЕСНИК ВО МЕЃУНАРОДЕН НАУЧЕН ПРОЕКТ (2)<br><br>- *"Social Impact of Emigration and Rural-urban Migration in CEE"*, regional research project. GVG-Koln, European Commission. 2012<br>- *"Reforming the System of Child-benefits in Macedonia"*. UNICEF, Oxford Policy Management Limited. 2012 | 10 |
| 7. | МОНОГРАФИЈА<br><br>(1, уредник и автор)<br><br>- Bornarova, S., *"Social Services for Vulnerable Groups"*. In: Bornarova, S., (ed.). *"Manual for Development of Social Services for Vulnerable Group in the Local Community"*, (in Macedonian), Ministry of Labour and Social Policy, Government of the Republic of Macedonia, UNDP, Skopje, 2013. | 8 |
| 8. | ДЕЛ ОД МОНОГРАФИЈА ОБЈАВЕН ВО СТРАНСТВО (3)<br><br>- Bornarova, S., *"Development of the Social Protection System in Post-Communist Macedonia: Social Policy-making and Political Processes"*, (in English), In: Stambolieva, M., Dehnert, S., (eds): Welfare States in Transition: 20 Years after the Yugoslav Welfare Model, Friedrich Ebert Stiftung, 2011. Sofia. Bulgaria. (6)<br>- Bornarova, S., Ivkovski, D. *"Policy and Institutional Framework on Emigration and Diaspora Policies-Macedonian Country Report"* (in English, available online), European University Institute, Migration Policy Centre, Robert Schuman Centre for Advanced Studies, EUI, Florence, Italy, 2014. (5.4)<br>- Bornarova, S., Janeska, V. *"Social Impact of Emigration and Rural-urban Migration in CEE"*, Macedonian Country Report, (in English), GVG-Koln, European Commission, 2012. (5.4) | 16,8 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 9. | ТРУД СО ОРИГИНАЛНИ НАУЧНИ РЕЗУЛТАТИ ОБЈАВЕН ВО РЕФЕРЕНТНО НАУЧНО/СТРУЧНО СПИСАНИЕ СО МЕЃУНАРОДЕН УРЕДУВАЧКИ ОДБОР<br><br>- Bogoevska N., Bornarova S., Trbojevik S. (2013). *Social Protection System in Macedonia: Centralized Governance versus Decentralization,* in Mediterranean Journal of Social Sciences, Special Issue, Vol. 4, No. 11, October 2013, (ed.) Bidzina Savaneli. Rome: MCSER Publishing Rome-Italy<br>4,4 + 3.77 | 8.57 |
| 10. | ТРУД СО ОРИГИНАЛНИ НАУЧНИ/СТРУЧНИ РЕЗУЛТАТИ, ОБЈАВЕН ВО ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД НАУЧЕН/СТРУЧЕН СОБИР<br><br>- Bornarova S., Bogoevska N., Trbojevik S. *"Foster Care protection of Children in the Republic of Macedonia: from policy to practice".* Proceedings from the International Scientific-Research Conference "Improving the quality of life of children and young people", Faculty for education and rehabilitation, University in Tuzla and Organization for support and creative development of children and youth. 2013. | 1.6 |
| 11. | ТРУДОВИ СО ОРИГИНАЛНИ НАУЧНИ/СТРУЧНИ РЕЗУЛТАТИ, ОБЈАВЕНИ ВО ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД НАУЧЕН/СТРУЧЕН СОБИР СО МЕЃУНАРОДЕН УРЕДУВАЧКИ ОДБОР<br><br>- Bornarova, S. *"Returning Migrants in the Republic of Macedonia: the Issue of Reintegration",* (in English), In: Journal "Dve Domovini" (Two Homelands), Institut za slovensko izseljenstvo in migracije ZRC SAZU, Ljubljana, Slovenia, No. 34, 2011. (3)<br>- Bornarova, S., Bogoevska, N., Trbojevic, S. *"Pension System Reforms in the Republic of Macedonia: Expected Benefits and Challenges",* (in English), In: Academic Journal of Interdisciplinary Studies, Vol.2, No.9. 2013. (2.4)<br>- Bornarova, S., Bogoevska, N. *"Returning Migrants in Macedonia: the Challenges of Educational Reintegration",* (in English), In: Social Policy Journal 2/2013, Institute of Political Studies, Belgrade, 2013. (2.7)<br>- Bornarova, S., Ilievski, V. *"Implementation of Licensing in Social Protection: Regional Achievements and* | 13.8 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | *Challenges"*. Journal of Social Policy, Year 8. No 11/2. Faculty of Philosophy – Skopje. 2016. (2.7)<br>- Bornarova, S., *"Social Policy Models and Macro Social Work Practice with Immigrant Populations: Responses to Prejudices, Racism and Discrimination"*. Journal of Social Policy No. 12. Faculty of Philosophy – Skopje. 2016. (3) | |
| 12. | ПЛЕНАРНИ ПРЕДАВАЊА НА НАУЧЕН/СТРУЧЕН СОБИР СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО (2)<br><br>- "Democracy and the University in the 21st Century: Assessing the Path Forward" 19-21 October 2014. Alliance of Universitites for Democracy 25th Annual Conference. Held at the Faculty of Philosophy - Skopje, Ss. Cyril and Methodius University, Republic of Macedonia (Plenary presentation topic: Social Policy in Post-socialist Macedonia: Developments and Challenges).<br>- "Social Work Education in Europe: towards 2025". 29.06-02.07.2015. Milan. Italy. International Conference. Organised by the European Association of Schools of Social Work - EASSW. (Pre-conference symposium "Social Work Leadership in the Academy". Plenary presentation: Women in Higher Education in Macedonia). | 6 |
| 13. | СЕКЦИСКИ ПРЕДАВАЊА НА НАУЧЕН/СТРУЧЕН СОБИР СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО (7)<br><br>- "BAICE 2012 Conference – Education, mobility and Migration". 08-10.09.2012. International Conference organised by the British Association for International and Comparative Education. Churchill College. Cambridge. UK. (Presentation topic: Education and Return Migration: the Challenges of Educational Reintegration of Returning Migrants in Macedonia).<br>- "3rd International conference on Human and Social Sciences". 20-22.09.2013. International Conference organised by MCSER – Mediterranean Center of social and Educational Research. Rome. Italy (Parallel session presentation: Reforms of the Social Protection System in Macedonia).<br>- "Democracy and University in a Turbulent World". 13-15.10.2013. Sarajevo. Bosnia and Hercegovina. International Conference. Organised by AUDEM – Alliance of Universities for Democracy, USA, at the University of Sarajevo, Faculty of Political Science (University Ss Cyril and Methodius and the Faculty of Philosophy – Skopje in a 21st Century). | 14 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | - “Global Crisis and Countries in Transition”. 19-22.06.2014. Sarajevo. Bosnia and Hercegovina. International Conference. Organised by Faculty of Business Administration. International University of Sarajevo. (Presentation topic: Income Security in Old Age in Macedonia: Social Benefits Outlook).<br>- “Achievements and Perspectives of Social Work and Social Policy. 27.11.2014”. International Conference held at the Faculty of Philosophy – Skopje. (Parallel session presentation: Implementation of Licencing in Social Protection: Regional Achievements and Challenges).<br>- “Social Work Education in Europe: towards 2025”. 29.06-02.07.2015. Milan. Italy. International Conference. Organised by the European Association of Schools of Social Work - EASSW. (Paralel session presentation topic: Ethical Dilemmas in Social Work Research: Sensitivity to Research Ethics and Awareness of Potential Errors in Reasoning and Inquiry).<br>- Annual Program Meeting (APM) of the Council on Social Work Education (CSWE), October 15-18, 2015, in Denver, Colorado, USA. (Parallel session presentation topic: Social development in post-communist Macedonia). | |
| | **Вкупно** | 106,77 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | СТРУЧНА МОНОГРАФИЈА (4)<br>- Борнарова, С., Богоевска., Н. (2012). Анализа на општинските капацитети и потреби за развој на социјални услуги за ранливи групи во Ресен, Скопје: УНДП<br>- Борнарова, С., Богоевска., Н. (2012). Анализа на општинските капацитети и потреби за развој на социјални услуги за ранливи групи во Гостивар, Скопје: УНДП<br>- Борнарова, С., Богоевска., Н. (2012). Анализа на општинските капацитети и потреби за развој на социјални услуги за ранливи групи во Кочани, Скопје: УНДП<br>- Борнарова, С., Богоевска., Н. (2012). Анализа на општинските капацитети и потреби за развој на социјални услуги за ранливи групи во Петровец, Скопје: УНДП | 28.8 |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| 2. | ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈА (учесник)<br><br>- Bogoevska, N., Bornarova, S. *“Analysis of the Social Conditions of Children without Parents or at Risk of losing Parental Care in the City of Skopje”,* Feasibility Study, (in Macedonian and English), SOS Children’s Villages, Skopje, 2013. | 1 |
| | **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | |
| 1. | ЧЛЕН НА УРЕДУВАЧКИ ОДБОР НА МЕЃУНАРОДНО НАУЧНО/СТРУЧНО СПИСАНИЕ (2)<br><br>- СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА. Часопис за теорија и практика на социјална политика и социјална работа. Институт за политички студии. Белград. Србија<br>- РЕВИЈА ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА. Филозофски факултет. Скопје. | 2 |
| 2. | ЧЛЕН НА ОРГАНИЗАЦИОНЕН ИЛИ ПРОГРАМСКИ ОДБОР НА МЕЃУНАРОДЕН НАУЧЕН/СТРУЧЕН СОБИР<br><br>- “Democracy and the University in the 21st Century: Assessing the Path Forward” 19-21 October 2014. Alliance of Universitites for Democracy 25th Annual Conference. Held at the Faculty of Philosophy - Skopje, Ss. Cyril and Methodius University, Republic of Macedonia.<br>- “Achievements and Perspectives of Social Work and Social Policy. 27.11.2014”. International Conference held at the Faculty of Philosophy – Skopje. | 2 |
| 3. | УЧЕСТВО ВО КОМИСИИ И ТЕЛА НА ДРЖАВНИ И ДРУГИ ОРГАНИ<br><br>- Меѓу-министерска работна група за социјална заштита, Министерство за труд и социјална политика, УНИЦЕФ и Светска банка, 2014-2015<br>- Координативно тело за имплементација на Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021, Министерство за труд и социјална политика, 2011- | 2 |
| | **Вкупно** | 35,8 |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 127,6 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 106,77 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 35,8 |
| **Вкупно** | 270,17 |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Дивна Лакинска (ср)**

**Проф. д-р Мариа Доневска (ср)**

**Проф. д-р Маја Геровска-Митев (ср)**

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК (ВО СИТЕ ЗВАЊА) ЗА СЛЕДНИВЕ НАУЧНИ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): МЕТОДИ НА СОЦИЈАЛНАТА РАБОТА, СИСТЕМИ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ТЕОРИЈА НА СОЦИЈАЛНА РАБОТА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје објавен во дневниот весник „Нова Македонија" на 3.6.2016 година за избор на еден наставник (во сите звања) за следниве научни области (дисциплини): системи на социјална заштита, методи на социјална работа и теорија на социјална работа, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, бр.04-764/6, донесена на 19.6.2016 година, на XXI редовна седница одржана на 16.6.2016 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Дивна Лакинска, редовен професор (во пензија) на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Јован Пејковски, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје и професор д-р Гордана Бужаревска, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднсуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс за избор на еден наставник (во сите звања) за следниве научни области (дисциплини): системи на социјална заштита, методи на социјална работа и теорија на социјална работа, во предвидениот рок се јавил само еден кандидат, и тоа д-р Сунчица Димитријоска, редовен професор на Институтот за социјална работа и социјална политика при Филозофскиот факултет во Скопје.

### 1. Биографски податоци и образование

Кандидатката д-р Димитријоска Сунчица е родена на 25.4.1957 година. Основно училиште и Педагошка академија завршила во Врање. На Вишата школа за социјална работа дипломирала на 14.12.1979 со највисока средна оценка 9,20 и од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје е прогласена за најдобар дипломиран студент со решение бр.17-1324 од 30.6.1980 година.

Високото образование го продолжила со вонредно студирање на Институтот за социјална работа и социјална политика во учебната 1987/88 година. Дипломирала на 7.11.1989 година, со просечен успех 8,63.

Кандидатката активно се служи со францускиот јазик.

Во учебната 1998/90 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје. На 14.6.1996 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Потребите на старите лица за социјална заштита,* а потоа завршила магистерски студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, насока: казнено право, со просек 9,50, уверение бр. 09-5/155мм и одбранила магистерски труд на тема: *Постапување на центарот за социјална работа со деца во судир со законот.*

Докторската теза на тема: „*Системски пристап во социјална работа со стари лица" ја пријавила* на 9.1.1997 година на Институтот за социјална работа и социјална политика на Филозофскиот факултет, а на 14.2.2002 година ја одбранила пред Комисија во состав: проф. д-р Дивна Лакинска, проф. д-р Мариа Доневска, проф. д-р Верица Стаменкова Трајкова, проф. д-р Димитар Трајковски и проф. д-р Нано Ружин. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област социјална работа и социјална политика.

Во текот на 1984 година се вработила во Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на општините во град Скопје, каде што работела до 1990 година на работни задачи од областа на непосредната социјална заштита, како и на задачи од областа на старателството (сместување во згрижувачко семејство и посвојување).

На 23.5.1990 година, со Одлука бр.04-1763, избрана е во звањето помлад асистент на Институтот за социјална работа и социјална политика, а со работа започнала на 1.12.1990 година како помлад асистент и била ангажирана во изведувањето на вежби по предметите социјална работа со поединец и социјална заштита.

Согласно со извештајот на Рецензентската комисија објавен во Билтен број 675/264 од 3.2.1997 година, избрана е за асистент по предметите: социјална работа со поединец и социјална заштита. Согласно со извештајот на Рецензентската комисија објавен во Билтен бр.753/45 од 15.3.2000 година се преизбира во звањето асистент по предметите социјална работа со поединец и

современи системи на социјална заштита сметано од 23.5.2000 година. Д-р Димитријоска согласно со извештајот на Рецензентската комисија објавен во Билтен бр.805125 од 31.5.2002 година, се избира во звање доцент по предметите социјална работа со поединец, социјална работа во социјална заштита и социјална заштита на лица со пречки во развој. Согласно со извештајот на Рецензентската комисија објавен во Билтен бр.916/152 од 2.4.2007 година, избрана е во звањето вонреден професор за научните области: системи на социјална заштита, социјална работа, геронтологија, методика на социјална работа, социјален менаџмент и социјална политика. Врз основа на членовите 63, 134, 133 и 134 од Законот за високото образование, последен е извештајот на Рецензентската комисија објавен во Билтен бр.1020/61 од 1.12.2011 година, согласно со кој кандидатката проф. д-р Димитријоска е избрана во звањето редовен професор за научните дисциплини: методи на социјална работа, системи на социјална заштита и теорија на социјална работа.

Во моментот е редовен професор на Институтот за социјална работа и социјална политика при Филозофскиот факултет во Скопје.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1020/61, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-обрзовната дејност на УКИМ; Филозофски факултет, кандидатката д-р Сунчица Димитријоска наставната дејност ја започнала на 1.9. 1990 година со вработување како помлад асистент на Институтот за социјална работа и социјална политика, каде што била ангажирана во изведувањето на вежби по предметите: социјална работа со поединец и социјална заштита. По изборот во доцент во учебната 2002/2003 година и во звање вонреден професор во 2007 година изведувала настава по предметите: социјална работа со поединец, социјална работа во социјална заштита, методи на социјална работа, социјална работа со малолетници сторители на кривични дела, социјална геронтологија, системски пристап во социјална работа, менаџмент на случај, супервизија и евалуација во социјална работа, социјална заштита, тимска работа и социјална работа со стари лица.

Наставата по предметот социјална заштита од 2002 година ја изведува на Институтот за дефектологија, а од учебната 2006/2007 година и на Институтот за психологија.

Во учебната 2006/2007 година била ангажирана како визитинг-професор на Филозофскиот факултет во Ниш за изведување на наставата по предметот социјална работа со поединец и по предметот методи и техники во социјалната работа. Избрана е и за гостин професор на Филозофскиот факултет во Ниш и Нови Сад за изведување на настава на прв и втор степен во наредните пет години.

На 23.11.2011 година засновала редовен работен однос како редовен професор од областа на методи на социјална работа, системи на социјална заштита и теорија на социјална работа. Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Филозофски факултет, кандидатката д-р Сунчица Димитријоска изведува (настава, вежби, теренска настава итн.) социјална заштита, социјална работа со поединец, супервизија и евалуација во социјална работа, пенална и поспенална социјална работа и менаџмент на случај на првиот циклус студии. Настава изведува и на специјалистички студии социјална работа во здравството. Во рамките на втор циклус кандидатката изведува настава на четири програми, и тоа: социјален менаџмент, социјална работа и социјална политика, менаџмент на човекови ресурси во општествени дејности и малолетничка деликвенција, како и на третиот циклус студии социјална работа и социјална политика изведува настава во рамки на предметот аксиолошки и општествени домени на социјалната работа.

Кандидатката учествувала како член во комисија за оцена/или одбрана на 151 дипломски, ментор на 11 магистерски трудови и член на 15 магистерски труда, ментор на две докторски дисертации и член на четири докторски дисертации.

За наставните потреби, д-р Димитријоска подготвила пакет материјали за осум предмети за кои изведува настава од прв циклус и истиот број на пакет материјали за предмети кои изведува на втор и трет циклус. Автор е на позитивно рецензиран учебник „Социјална работа со малолетници сторители на кривични дела", во 2009 година и негово второ издание во 2012 година. За потребите на студентите на Филозофскиот факултет во Ниш и Нови Сад, истиот учебник е преведен на српски јазик и е во печатење.

Кандидатката била рецензент на четири универзитетски учебници како и на осум научни трудови на конференции и зборници и две монографии.

Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2.

Рецензенската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во последниот извештај на Рецензентската комисија (Билтен бр.1020/61 од 1.12.2011 година), како и вкупните научни, стручни, педагошки и други оствррувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавување, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

Во рамките на наставно-образовната дејност, кандидатката Димитријоска земала учество во бројни комисии за оцена и одбрана на докторски, магистерски, специјалистички и дипломски работи и одржала голем број консултации со студентити.

Паралелно со наставната работа со студентите, д-р Сунчица Димитријоска има учествувано на повеќе работилници. Од 2010 година, ментор е на студенти од Вишата школа за социјално хуманитарни дејности од Оломец-Чешка кои веќе 7 –ма година, практичната  настава ја изведуваат во Република Македонија, секоја година  по два студента во траење од 3 месеци во државни, приватни установи и здруженија на граѓани со континуирана поддршка  и менторство на кандидатката д-р Сунчица Димитријоска.

## 3. Научноистражувачка дејност

Кандидатката д-р Сунчица Димитријоска, како што може да се види од приложената биографија, има остварено импозантна научноистражувачка дејност.

Д-р Сунчица Димитријоска од последниот избор има објавено 20 научни труда од областите  2  со импакт-фактор  во  7 меѓународни списнија и  11 во зборници на  меѓународни научни конференции.

Д-р Сунчица Димитријоска учествувала во 8 национални и 1 меѓународен проект.

Таа се јавува како учесник во голем број проекти со истражувачки и апликативен карактер, фокусирајќи се на социјалната работа и социјалната заштита. Кандидатката изработила низа научни студии, како национален истражувач, носител на истражувањето. Како социјален работник по вокација, д-р Димитријоска беше насочена кон проучување на нови научни подрачја, што заслужува посебно признание и тоа во однос со управување/менцирање на случај, евалуацијата на проектните активности и значењето на супервизија во социјалната работа а особено системскиот пристап во работа со корисниците. При тоа, нејзината активност, освен кон теоретски, беше насочена и кон апликативни димензии на социјална работа, каде што особен придонес е во развој на менторство на студентите во рамки на практичната работа со корисниците особено со деца во судир со законот.

Го издаде универзитетски учебник *Социјална работа со малолетници сторители на кривични дела во 2012 година и испечетено е второ издание.*

Кандидатката има објавено и бројни трудови, меѓу кои ќе ги истакнеме:

Димитријоска С, (2012): *The effects of Mentoring programs for juveniles in conflict with the law,* Едукациско-рехабилитациски факултет во Тузла, Удружење за подршку и креативни развој деце и младих, Златибор, стр. 631-645. Во трудот кандидатката ги анализира ефектите од менторската програма од која самите ментори/студенти станале поодлучни, трпеливи, толерантни, посветени и амбициозни се стекнале со поголема доверба, а исто така научиле како да се приспособаат на тешки ситуации и да решаваат проблеми. Во текот на програмата студенти од хуманистички студии го зајакнале своето професионално знаење. Програмата им дала *ново гледиште за нивниот живот и работа*. Децата се стекнале со независност, самодоверба и нивните училишни постигнувања значително се подобриле. Програмата за менторство исто така имала позитивно влијание врз односите во семејството на деца во судир со законот. Децата ја сфатиле важноста на личниот развој, научиле како да се самокролираат, како да бидат точни и да ги почитуваат другите. Децата научија како да ги искористат ресурсите кои им биле покажани. Посетуваат курсеви за странски јазик и компјутери, а исто така почнале да одат на редовни лекарски прегледи. Сите тие продолжуваат со нивното образование и имаат прецизна идеја за тоа што сакаат да прават следната година, без повторно да вршат

кривични дела.

Dimitrijoska, S; Ilievski, V., (2016) Ethics and Value Dilemmas in Social Work. Social Work Review/Revista de Asistenta Sociala. 2016, Issue 1, p49-58., EBSCO EDS. Во трудот „Етика и вредносни дилеми во социјалната работа" се укажува на етиката како важен дел од социјалната работа која треба да се следи со цел се

обезбеди добробит на клиентот. Социјалните работници секојдневно доагаат во проблематични ситуаци во кои не е секогаш јасно како да се постапува. Кандидатката укажува на присутната потреба од проблематизација на етичките дилеми, со која се поттикнува свеста за важноста на одговорно постапување со клиентите и правилата на струката за дискусија и промовирање на оваа област и неможноста за произволно да одлучува за интересите на клиентите како за сопствени интереси, за што е потребно професионално усовршување, но и доволна самокритичност.

Анализата на трудовите на кандидатката д-р Сунчица Димитријоска ја покажува нејзината максимална продлабоченост и способност за темелна елаборација на секој истражувачки проблем со јасни белези на научниот пристап. Секоја од публикациите јасно потврдува дека кандидатката е врвен познавач на својот научноистражувачки проблем и научната област посочена во избор. Во своите исктражувања кандидатката ги анализира квалитативните и квантитативните податоци на стручна и научна основа укажувјќи на оригиналноста на самиот пристап.

Кандидатката земала учество во бројни научноистражувачки проекти во кои се јавува на значајни раководни позиции.

Д-р Димитријоска има учествувано на голем број домашни и меѓународни конференции, работилници и неформални обуки за збогатување на стручното и професионалното знаење. Започнувајќи од 1990 година, активно е вклучена во реализацијата на низа истражувачки и апликативни проекти организирани и финансиски поддржани од УНИЦЕФ, Британска амбасада, Светска банка, Министерство за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за правда, Фондација ,,Институт отворено 0пштество Македонија", ФАРЕ, КАРИТАС, ИОМ, ГТЗ и ОПСЕ.

По постапката за избор во наставно-научни звања на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје може да се констатира дека д-р Сунчица Димитријоска од облста на научноистражувачка дејност остварила вкупно 130,9 бода и со тоа го надминала минималниот број бодови потребни за реизбор во звањето редовен професор.

## 4. Стручно-апликативна дејност

Кандидатката д-р Сунчица Димитријоска реализирала значајни активности од областа на стручно-апликативната дејност во доменот на

социјалната работа и социјалната заштита, како на национално така и на меѓународно ниво.

Во 2013 година била автор на Национална студија ,,Социјални бенефиции во системот на социјална заштита во Република Македонија”. Спровела повеќе евалуации на национални проекти и меѓународни проекти, особено Национална стратегија и Национален акциски план за лица жртви на трговија со луѓе и илегална миграција во 2012 и во 2016 година.

Д-р Димитријоска е и претседател на Црвениот крст на општина Центар, како и член на управен одбор на Црвениот Крст на Република Македонија. Член е на управниот одбор на здружението ,,Надеж”. Кандидатката била ангажирана како консултант во изработката на законски и подзаконски акти, национални стратегии и акциски планови, Национална програма за социјална заштита на старите лица.

Кандидатката била ангажирана во изготвување на Програма за помош и поддршка при реинтеграција на жртви на трговија со луѓе. Како независен евалуатор, евалуирала активности во рамки на многу национални проекти.

Д-р Димитријоска е автор на три прирачници, и тоа: прирачник за работа со малолетници сторители на кривични дела, прирачник за менторска работа со малолетници сторители на кривични дела и прирачник за обука за менторска програма.

Се забележува дека кандидатката со ентузијазам и одговорноста ја спроведува практиката на социјалната работа и ја проучува теоријата на социјалната работа и социјалната заштита, со добра соработка со имплементаторите на социјалната работа. Таа е модел на социјален работник во својата посветеност, однесувањето поддржувањето и мотивирањето на студентите од хуманистички струки во развој на интересот и знаењето за професионален однос кон корисниците на услуги.

Рецензетската комисија заклучи врз основа на Правилникот за критериумите и постапка за избор во наставно научни, научни, наставно стручни и соработнички звања и асистенти - докторанти на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје дека д-р Сунчица Димитријоска од обласста на стручно-апликативната дејност остварила вкупно 35,5 бода и со тоа го надминала минималниот број бодови потребен за реизбор во звањето редовен професор.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Сунчица Димитријоска добила две позитивни оценки од анонимно спроведената анкета на студентите на Филозофскиот факултет во Скопје.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Сунчица Димитријоска. Кандидатката д-р Сунчица Димитријоска има остварено импозантно научно и стручно творештво, за што потврда се бројните домашни и меѓународни ангажмани во кои кандидатката на мошне успешен начин ги поврзува теоретските и апликативните знаења и дава личен придонес во градењето на системите и политиките од нејзините стручни области.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Сунчица Димитријоска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде реизбрана во звањето редовен професор во научните области: теорија на социјална работа, методики на социјална работа (поединец, група и локална заедница) и системи на социјална заштита.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Сунчица Димитријоска да биде реизбрана во звањето **редовен професор** во научните области: теорија на социјална работа, методики на социјална работа (поединец, група и локална заедница) и системи на социјална заштита.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**Проф. д-р Дивна Лакинска с.р.**

**Проф. д-р Јован Пејковски с.р**

**Проф. д-р Гордана Бужаровска с.р**

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

Кандидат: **д-р Димитријоска Витомир Сунчица**

(име, татково име и презиме)

Институција: **Филозофски факултет/Институт за социјална работа и социјална политика**

(назив на факултетот/институтот)

Научна област: **теорија на социјална работа, методики на социјална работа (поединец, група и локална заедница) и системи на социјална заштита**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | **Назив на активноста: Одржување на предавања и вежби од прв циклус студии** | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Социјална работа со поединец (3+2), летен семестар 2011/2012 | 1,8 |
| 2. | Пенална и поспенална социјална работа (3+2), летен семестар 2011/2012 | 1,8 |
| 3. | Социјална заштита (3+2), зимски семестар 2012/2013 | 1,8 |
| 4. | Супервизија и евалуација во социјалн работа (3+2) зимски семестар 2012/2013 | 1,8 |
| 5. | Социјална заштита (2+0), зимски семестар 2012/2013 | 1,2 |
| 6. | Тимска работа (3+2), зимски семестар 2012/2013 | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Менаџмен на случај (3+2), зимски семестар 2012/2013 | 1,8 |
| 8. | Социјална заштита (4+2), зимски семестар 2012/2013 | 2,4 |
| 9. | Социјална работа со семејство со лице со посебни потреби (3+1), зимски семестар 2012/2013 | 1,8 |
| 10. | Социјална работа со поединец (4+2), летен семестар 2012/2013 | 2,4 |
| 11. | Супервизија и евалуација во социјална работа (3+2), летен семестар 2012/2013 | 1,8 |
| 12. | Пенална и поспенална социјална работа (2+2), летен семестар 2012/20123 | 1,2 |
| 13. | Социјална заштита (4+2), зимски семестар 2013/2014 | 2,4 |
| 14. | Социјална заштита (2+0), зимски семестар 2013/2014 | 1,2 |
| 15. | Социјална заштита (3+2), зимски семестар 2013/2014 | 1,8 |
| 16. | Тимска работа (3+2), зимски семестар 2013/2014 | 1,8 |
| 17. | Менаџмент на случај (3+2), зимски семестар 2013/2014 | 1,8 |
| 18. | Супервизија и евалуација во социјална работа (3+2), зимски семестар 2013/2014 | 1,8 |
| 19. | Социјална работа со семејство со лице со посебни потреби (3+1), зимски семестар 2013/2014 | 1,8 |
| 20. | Социјална работа со стари лица (3+1), летен семестар 2013/2014 | 1,8 |
| 21. | Социјална работа со поединец (4+2), летен семестар 2013/2014 | 2,4 |
| 22. | Пенална и постпенална социјална работа (2+2), летен семестар 2013/2014 | 1,8 |
| 23. | Социјална заштита (4+2), летен семестар 2013/2014 | 2,4 |
| 24. | Социјална заштита (2+0), зимски семестар 2014/2015 | 1,2 |
| 25. | Социјална заштита (3+2), зимски семестар 2014/2015 | 1,8 |
| 26. | Социјална работа со семејство со лице со посебни потреби (3+2), зимски семестар 2014/2015 | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| 27. | Менаџмен на случај (3+2), зимски семестар 2014/2015 | 1,8 |
| 28. | Супервизија и евалуација во социјална работа (3+2), зимски семестар 2014/2015 | 1.8 |
| 29. | Пенална и поспенална социјална работа (2+2) зимски 2014/2015 | 1,2 |
| 30. | Социјална работа со поединец (4+2), летен семестар 2014/2015 | 2,4 |
| 31. | Пенална и постпенална социјална работа (3+2), летен семестар 2014/2015 | 1,8 |
| 32. | Социјална заштита (4+2), летен семестар 2014/2015 | 2,4 |
| 33. | Менаџмент на случај (3+2), зимски семестар 2015/2016 | 1,8 |
| 34. | Социјална заштита (4+2), зимски семестар 2015/2016 | 2,4 |
| 35. | Супервизија и евалуација во социјална работа (3+2), зимски семестар 2015/2016 | 1,8 |
| 36. | Социјална работа со поединец (4+2), летен семестар 2015/2016 | 2,4 |
| 37. | Пенална и постпенална социјална работа (3+2), летен семестар 2015/2016 | 1,8 |
| 38. | Социјална заштита (4+2), летен семестар 2015/2016 | 2,4 |
| 39. | Социјална заштита (2+0), летен семестар 2015/2016 | 1,2 |
| 40. | Социјална заштита (4+2), летен семестар 2015/2016 | 2,4 |
| 41. | Супервизија и евалуација во социјална работа (2+2), летен семестар 2015/2016 | 1,2 |
| | **Вкупно** | **76,2** |

**Одржување на настава од втор циклус студии**

| | | |
|---|---|---|
| 42. | Менаџмент на човечки ресурси во јавна администрација - 2012,2013, 2014,2015,2016 | 1,25 |
| 43. | Пристапи во социјална работа- 2012,2013 | 1,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 44. | Мрежна социјална работа -2012,2013,2014,2015,2016 | 2,5 |
| 45. | Социјална заштита и добро управување- 2015,2016 | 1,2 |
| 46. | Клинички менаџмент на случај - 2013-2016 | 1 |
| 47. | Политиките на ЕУ во социјалниот сектор и невладините организации- 2015, 2016 | 1,25 |
| 48. | Современи тенденции во третман на малолетните престапници- 2015, 2016 | 0,5 |
| 49. | Клинистички истражувачки методи и евалуација - 2013,2016 | 1 |
| | **Вкупно** | **10,2** |

**Настава во работилници**

| | | |
|---|---|---|
| 50. | Раководител на работилница: *Старeење и старост-квалитет живота,* Рисан, Црна Гора, 1-2 октомври 2013 | 1,5 |
| 51. | Раководител/едукатор на работилници: Обука на ментори за работа со деца во судир со законот, УНИЦЕФ, Скопје, 2012, 2013 | 1,5 |
| 52. | Учесник/едукатор на работилница: Поддршка на старите лица, јануари-декември 2014, Скопје | 1,5 |
| 53. | Учесник/едукатор на работилница: Менторска програма, јануари-декември 2014, Скопје, Куманово, Велес | 1,5 |
| 54. | Раководител на работилница: Заедничка проценка на потребите, Црвен крст, Куманово, јуни 2015 | 1,5 |
| 55. | Учесник на работилница: Идентификација на ресурси и планирање интервенција, Форум на социјални работници, Власинско Езеро, 2015 29-30 октомври, Србија | 1,5 |
| 56. | Учесник во регионален проект и работилница: „Предземање акција за социјална инклузија на старите лица”, Струга, 1-3 јуни 2016 | 1,5 |
| **57.** | Dimitrijoska S., Gacevsli LJ., (2016) *Socijalne usluge stranim maloletnicim bez pratnje*, Jagodina Megunarodna konferencija, Udruzenje socijalnih radnika Srbije,19.maj 2016. | **1,5** |
| | **Вкупно** | **12** |

**Одржување на вежби**

| | | |
|---|---|---|
| 58. | Одржување на клиничка пракса, практична настава, 1 месец, годишно, 2012-2016, студент по завршена учебна година (800 студенти, во летен семестар ), сите учебни години | 38 |
| 59. | Одржување на теренска настава, социјална работа со поединец, 2012-2016, 5 год. X 15 недели, 2 часа неделно студенти втора година. | **4,5** |

**Консултации со студент**

| | | |
|---|---|---|
| 60. | Консултации со студенти, 2011-2012 (800 студенти) | 1,6 |
| 61. | Консултации со студенти, 2012-2013 (700 студенти) | 1,4 |
| 62. | Консултации со студенти, 2013-2014 (800 студенти) | 1,6 |
| 63. | Консултации со студенти, 2014-2015 (700 студенти)<br><br>Консултации со студенти, 2015-2016 (800 студенти) | 1,4<br><br>1,6 |
| 64. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (39) | 3,9 |
| 65. | Ментор на дипломски работи (112) | 22,4 |
| 66. | **Ментор на магистерски тези**<br><br>1. Биљана Вуксанова, 2013<br>2. Христина Димишковска 2013<br>3. Маја Варошлија, 2014<br>4. Шенај Далип, 2014<br>5. Емилија Димитријоска, 2014<br>6. Александра Спасовска, 2015<br>7. Сашо Ангелковски, 2015<br>8. Анкица Ивановска, 2015<br>9. Татјана Огненов, 2015<br>10. Биљана Дамчевска Наумовска, 2016 | **11** |

| | | |
|---|---|---|
| | 11. Сахит Тахири, 2016 | |
| 67. | **Член на комисија на докторска теза**<br><br>1. Хатиџе Исмаили 2013<br>2. Хава Реџепи, 2014<br>3. Ѕала Бојковска, 2014<br>4. Билјана Нацковска Вељковиќ, 2016<br><br>**Ментор на докторска теза**<br><br>1.Жаклина Атанасова 2012<br><br>2.Даниел Павловски 2013 | **2**<br><br>**6** |
| 68. | **Член на комисија на магистерска теза**<br><br>1. Наташа Димеска, 2013<br><br>2. Сања Козлетин, 2013<br><br>3. Елена Георгиевска, 2013<br><br>3. Флорија Даути Незири, 2014<br><br>4. Андон Дамовски, 2014<br><br>5. Иван Јованов, 2014<br><br>6. Владимир Вукелиќ, 2014<br><br>7. Викторија Папарова, 2014<br><br>8. Емилија Раткова, 2014<br><br>9. Стојна Атанасовска Димишковска, 2014<br><br>10. Марија Тодоровска, 2014<br><br>11.Флорија Незири Даути,2014 | **4,5** |

| | | |
|---|---|---|
| | 11. Катерина Јовановска, 2015<br>12. Урим Каба, 2015<br>13. Фросина Тасевска, 2015<br>14. Данче Савовска, 2015<br>15. Билјана Кралевска, 2016 | |
| | **Вкупно** | **57,4** |

**Пакет материјали за одреден предмет од прв циклус**

| | | |
|---|---|---|
| 69. | Социјална заштита | 1 |
| 70. | Пенална и поспенална социјална работа | 1 |
| 71. | Супервизија и евалуација во социјална работа | 1 |
| 72. | Социјална работа со семејство со лице со инвалидност | 1 |
| 73. | Тимска работа | 1 |
| 74. | Менаџмен на случај | 1 |
| 75. | Социјална работа со поединец | 1 |
| 76. | Социјална работа со стари лица | 1 |
| | **Вкупно** | **8** |

**Пакет материјали за одреден предмет од втор и трет циклус**

| | | |
|---|---|---|
| 77. | Социјална заштита и добро управување | 1 |
| 78. | Мрежна социјална работа | 1 |
| 79. | Менаџмент на човекови ресурси во јавна администрација | 1 |
| 80. | Клинички истражувачки методи и евалуација | 1 |
| 81. | Клинички менаџмент на случај | 1 |
| 82. | Современи тенденции во третманот на малолетни престапници | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 83. | Политиките на ЕУ во социјалниот сектор и невладините организации- 2015, 2016 | 1 |
| 84. | Аксиолошки и општествени домени во социјалната работа | 1 |
| | **Вкупно** | **8** |

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупно** | **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **214,3** |

## НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

### Раководител на национални научни проекти

| | | |
|---|---|---|
| 1. | *Техничка помош на Центарот за социјална работа во работата со деца под ризик и деца во конфликт со законот* (2010-2012), УНИЦЕФ | 6 |
| 2. | *Активно вклучување на учениците Роми во вонистититуционални активности во средните училишта на град Скопје*, 2012, Сумнал | 3 |
| 3. | Димитријоска С., Димишковска (2012): *Од сигурно сместување до социјална интеграција на жртвите од трговија со луѓе*, Здружение на граѓани „Отворена порта“, ГИЗ | 3 |
| 4. | *Менторска програма со деца во судир со законот*”, 2012-2013, Скопје УНИЦЕФ | 6 |
| 5. | Менторска програма за деца во конфликт со законот (2013-2014), Скопје, Велес. Куамново, УНИЦЕФ | 6 |
| 6. | Национални бенефиции во системот на социјална заштита ГИЗ, www.segrizime.gov.mk | 6 |
| 7. | Димитријоска С. Јовановска В., (2014) *Мапирање на стручните органи кои даваат наод и мислење за видот и степенот на попреченоста во физичкиот или психичкиот развој и оценка на специфичните потреби*, УНИЦЕФ | 6 |
| 8. | Бужаровска Г, Димитријоска С. (2015): *Ризик фактори за повторништво кај децата заради подобра превенција на детското престапништво*, Министерство за правда | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | Учесник/истражувач во меѓународен научен проект: „*Предземање акција за социјална инклузија на старите лица, мај,* 2016 година, поддржан од Европска унија | **6** |
| | **Вкупно** | **45** |

**Трудови со оргинални научни резултати, објавени во референтно научно стручно списание со меѓународен уредувачки одбор**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | **Dimitrijoska** S.Trbojecic S.Ilievski V, (2015) Demographic aging of population and the social protection system in the Republic of Macedonia. Стр. 385-39 Euser European Center For Science Education And Research First Published 2015 European Journal Of Social Sciences Education And Research September - December 2015, Volume 5, Nr. IMPACT FACTOR GSCIF 0.894 EJSER now has received its impact factor status. | 4,8 |
| 2. | Bogoevska N, Ilievski V, **Dimitrijoska S.** Protection of children at risk in the system of justice for children in the Republic of Macedonia, 63-70 Euser European Center For Science Education And Research First Published 2015 European Journal Of Social IMPACT FACTOR GSCIF 0.894 EJSER now has received its impact factor status. | 4,8 |
| | **Вкупно** | **9,6** |

**Трудови со оргинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание**

| | | |
|---|---|---|
| 3. | Gerovska M., **Dimitrijoska** S.,(2013) Social politicy in the economic crisis times in the Republic of Macedonia, Ljetopis Socijalnog rada, str 171-186. *SCOPUS, EBSCO* | 3,2 |
| 4. | **Dimitrijoska** S, Ilievski V(2015) *Interdisciplinary Approach for Peace Students,* Filozofski fakultet, Institut za bezbednost odbrana i mir. str 427-443. Security Dialoges Vol 1, Namber 2-1 2015 EBSCO, HOST | 3,2 |
| 5. | **Dimitrijoska** S,.(2015) Supervision as Model of Personal and Professional Development of Social Workers, Jurmal of Social policy, Faculty of Philosophy, p (65-79). | 4 |
| 6. | *Saltirovska Z,* ***Dimitrijoska*** *S (2015): Родовата димензија на семејното насилство во Република Македонија* International Scientific Journal Of The Ministry | 3,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Of Defence Of The Republic Of Macedonia Vol. 15, No. 29, December 2015, st 69-83, EBSCO, HOST | |
| 7. | **Dimitrijoska**, S; Ilievski, V., (2016) Ethics and Value Dilemmas in Social Work. Social Work Review / Revista de Asistenta Sociala . 2016, Issue 1, p49-58..EBSCO EDS | 3,2 |
| 8. | **Dimitrijoska** S., Trbojevik S.,Bogoevska N. Ilievski V.(2016) Provision of Health and Social Services for Drug Addicts in the Republic of Macedonia, European Journal of Multidiscipliary Studies April 2016 Nr.1 | 2,4 |
| 9. | **Dimitrijoska S.** Dimitrijević. D.S (2016) International and national standards for protection and treatment of unaccompanied<br><br>minors, Jurmal of Social policy, Faculty of Philosophy, p (83-117).(во печат) | 3,2 |
| | **Вкупно** | **22,4** |

**Трудови со оргинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научни стручни собири со меѓународен уредувачки одбор**

| | | |
|---|---|---|
| 10. | **Dimitrijoska** S, (2012) Procenka i planiranje na uslugi za starite lica, Magunarodna konferencija ,,Aktivno streenje i megugeneraciska solidarnost", Zbornik na naucni trudovi, st.97-112, Filozofski fakultet Skopje | 3 |
| 11. | Ilievski V. **Dimitrijoska** (2012) *The situation of socially vulnerable groups in the labor markrt in Macedonia,* The II Internacional Stentific Conference, Dynamic of European through Social Inclusion, Tirana 8-9 ostober, 2012, Puno Sociale dhe Politika, Sociale, Number. 6 Tirana, 2012 | 2,7 |
| 12. | **Димитријоска** С, (2012): *The effects of Mentoring programs for juveniles in conflict with the law,* Едукациско-рехабилитациски факултет у Тузла, Удружење за подршку и креативни развој деце и младих, Златибор, стр. 631-645. | 3 |
| 13. | **Димитријоска** С.,(2012) The effects of mentrig program for juveniles in conflict with the law, Unapredjenje zivot dece i maldih,23-24.06 2012 Zlatibor, Unapredjenje zivota djece i maldih, III megunarodna naucno strucna konferancija стр. 631-644. | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 14. | **Димитријоска** С, Batic D., (2013): Evaluation of the current situation in the center for social work Skopje, regarding the work with the children at risk and conflict with the law, Едукациско-рехабилитациски факултет у Тузла, Удружење за подршку и креативни развој деце и младих, Тузла, 2013, стр. 585-599. | 2,7 |
| 15. | Batic D, **Dimitrijoska** S., *(2013) Reakcija dece na razvod i ponovni brak roditelja* Едукациско-рехабилитациски факултет у Тузла, Удружење за подршку и креативни развој деце и младих, Тузла, 2013, стр. 183-197 | 2,7 |
| 16. | **Dimitrijoska** S, Gacevski Lj,Pavicevic N.(2014)*, Mentorig children in conflict with the law*, 21-22 juni 2014, Igalo, Unapredjenje kvaliteta zivota mladih i dece V Megunarodno-strucna konferencija, , str 289-295 | 2,4 |
| 17. | **Dimitrijoska** S, Tevdovska S.,(2014) *Adaptacion of children towards divorce of separation of parants*, 21-22 juni 2014 Igalo, Unapredjenje kvaliteta zivota mladihi dece V Megunarodno- strucna konferancija str. 155-162. | 2,7 |
| 18. | **Димитријоска** С.,(2014) *Sosial exclusion of oldrer persons in the Republic of Macedonia* Меѓународна научна конференција, 3-5 June, Охрид | 3 |
| 19. | **Dimitrijoska** S.(2015) *Supervision of students' practice for work with children in conflict with Law, INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE Researching Security: Approaches, Concepts and Policies Ohrid, Macedonia, 2-3 June 2015* | 3 |
| 20. | **Dimitrijoska** S., Ilievski V.,(2016) Involvement of Vulnerable People in the Health Care System" International Conference of Socio-economic Researchers Icrs, Serbia, 27 - 29 May 2016, Zlatibor Volume 5, Number 9, June 2016 | 2,7 |
| | **Вкупно** | **30,9** |

| | | |
|---|---|---|
| 21. | • Прирачник за обука за менторска програма за малолетници во конфликт со законот, Скопје: Филозофски факултет, 2012 (автор)<br><br>• Менторска програма, Скопје, Филозофски факултет, 2012 (прирачник автор) | 9 |

| | | |
|---|---|---|
| | • Прирачник за социјална работа со малолетници сторители на кривични дела, Скопје: Филозофски факултет, 2012 (автор) | |
| 22. | Прирачник за идентрификација и дирекна помош и поддршка на жртви на трговија со луѓе и ранливи групи, ГИЗ 2012 | 3 |
| 23. | **Dimitrijoska** S., (2013*) Institucije za zastitu starih ljudi u Republici Makedoniji,* Prva regionalna konferencija "Starenje i starost – kvalitet života" 1-2 oktomvri Risan | 1 |
| 24. | Универзитетски учебник, *Социјална рабоѿа со малолеѿници сѿориѿели на кривични дела*, Филозофски факултет, 2012, (второ издание) | 4 |
| 25. | ***Dimitrijoska S****., (2014) Evaluation of the Project Developing Home Care in Macedonia. Austrian Development Agency (ADA) and the Austrian Red Cross (ARC).* | 3 |
| *26.* | ***Dimitrijska S****, Pavlovski D., (2014) Improving the quality of life of elderly people Megunarodna naucna konferencija, Starenje i kvalitet zivota i evro integracija, Kosovska Mitrovica 24-25 oktomvri 2014 godina Filozofski fakultet Univerziteta vo Pristina.* <br><br> *Abstract* | *1* |
| 27. | Pavlovski D., **Dimitrijoska S**., (2014) Sistem socijalne zastite starih u Makedoniji, *Megunarodna naucna konferencija, Starenje i kvalitet zivota, tranzicija i evro integracija, Kosovska Mitrovica 24-25 oktomvri, 2014 godina Filozofski fakultet Univerziteta vo Pristina.* <br><br> *Abstract* | 1 |
| 28. | Megunarodna naucna konferencija ,,Criminalistic education, situation and perspectives - 20 years after Vodinelic", 24-25 October, 2014 Skopje | 1 |
| | **Вкупно** | **23** |

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупно** | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **130,9** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. Број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Евалуатор на Национална стратегија за трговија со луѓе и илегална миграција и Акциските планови 2012, ГИЗ | 1 |
| 2. | Евалуатор на проектот *„Социјална работа со деца на улица”*, Каритас (надворешен евалуатор, 2012). | 0,5 |
| 3. | Национални програми и бенефиции во рамките на системот на социјална заштита на РМ (2013) GIZ. www.segrizime.gov.mk | 3 |
| 4. | Експертски активности во изработка на Програма за ресоцијализација и реинтеграција на деца-жртви на трговија со луѓе, Министерство за труд и социјална политика, ГИЗ; 2014 | 2 |
| 5. | Експертски активности обука на перосналот во областа трудова инспекција, *Како да се справат со тешки луѓе,* Совет на Европа, 2015, Скопје, Битола, Охрид и Штип. | 2 |
| 6. | Едукаратор на обука „Како да се помогне на себеси и своето семејство”, Куманово, 2015, Влада на РМ | 2 |
| 7. | Едукатор на регионален проект „Преземање на акција за социјална инклузија на старите лица” , 1-3 јуни 2016, Струга | 1 |
| 8. | Евалуатор на Национална стратегија за трговија со луѓе и илегална миграција и Акциските планови 2016, ИОМ | 1 |
| 9. | **Рецензент на Монографија**<br>• Obrazovanje u oblasti socijalnog rada i socijalne politike za XX I vek(2015), Filizofski fakultet u Nisu<br>• Системи социјалне сигурности, 2016, Универзитет у Новом Саду и Филозофски факултет, Нови Сад<br>Рецензент на 6 научни труда за VII Međunarodne naučno-stručne konferencije<br>“Unapređenje kvalitete života djece i mladih”, 2016, Tuzla, Bosna i Heregovina | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Рецензент на 2 научни труда за Годишни борник на Филозофски факултет 2015 (Георгиевска С.,) 2016 (Симоновска С.,) | 3<br><br>1 |
| 10. | **Рецензент на универзитетски учебник**<br>• Зоран Киткањ, Престапничко однесување кај малолетни лица, Скопје: Филозофски факултет, 2013<br>• Јован Пејковски, Социјално претприемаштво, 2013 Скопје, Филозофски факултет<br>• Трајков Иван и Софија Георгиева, Вештини и техники во социјална работа, Скопје, Филозофски факултет, 2014<br>• Јован Пејковски, Системи на социјална сигурност, Скопје, Филозофски факултет, 2016 | 4 |
| 11. | **Член на комисија за избор во** звање (6)<br><br>Владимир Илиевски (2012), Софија Георгиевска (2013) Зоран Киткањ (2014),Иван Трајков, (2014), Наташа Богоевска (2015), Маја Геровска Митев (2015) | 1 |
| | **Вкупно** | 23,5 |

**Дејности од поширок интерес**

| | | |
|---|---|---|
| 12. | • Член на Извршно Собрание на ЦК на Република Македонија, 2010-2017<br>• Председател на ОО ЦК Општина Центар, 2012-2017 | 6 |
| 13. | Раководител на постдипломски студии на Институтот за социјална работа и социјална политикао 2010-2013 | 2 |
| 14. | Раководител на постдипломски студии на Социјален менаџмент- 2015, 2016 | 2 |
| 15. | • Член на редакциски одбор на часопис ,,Ревија за социјална политика", Филозофски факултет, 2016 | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | • Член на редакциски одбор на часопис ,,Социјалне теме”, Мостар, 2014<br><br>• Член на редакциски одбор на Годишниот зборник на Филозофски факултет во Скопје, 2016<br><br>• Член на комисија за полагање на приправнички испит за социјални работници во образование, Министерство за обрзование и наука - 2012, 2013, 2014 | 0,5 |
| | **Вкупно** | **12,5** |

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупно** | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **35,5** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 214,3 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 130,9 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 35.5 |
| **Вкупно** | **380,7** |

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

**Проф. д-р Дивна Лакинска**

**Проф. д-р Јован Пејковски**

**Проф. д-р Гордана Бужаровска**

# РЕЦЕНЗИЈА
# ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МОДЕЛИ НА КОНТРОЛА И НИВНАТА ПРИМЕНА ВО РАБОТАТА НА ПРИВАТНИОТ БЕЗБЕДНОСЕН СЕКТОР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ ПОДНЕСЕНА ОД М-Р ЖИВКО ГАЦОСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на XXV редовна седница одржана на 4.V.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Живко Гацоски со наслов: „Модели на контрола и нивната примена во работата на приватниот безбедносен сектор во Република Македонија“, во состав: проф. д-р Оливер Бакрески, проф.д-р Билјана Ванковска, проф.д-р Марина Митревска, проф.д-р Саше Герасимовски и доц.д-р Тања Милошевска.

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација на кандидатот м-р Живко Гацоски со наслов: „Модели на контрола и нивната примена во работата на приватниот безбедносен сектор во Република Македонија“, претставува анализа на една многу специфична област и разработува доста сериозно и комплексно прашање. Во докторскиот труд е направен обид за истакнување на природата на оваа проблематика, односно истакнати се моделите на контрола на приватниот безбедносен сектор во контекст на обезбедување на поголема транспарентност и отчетност во работењето. Тоа што го прави овој труд да биде специфичен се многубројните аспекти кои ја истакнуваат важноста на примената на соодветни модели на контрола, како и факторите кои успешно би продонеле за остварување на поголема контрола во работењето во дејноста приватна безбедност, како релативно нов феномен.

Во првиот дел од трудот е претставена рамката на дефинирање на поимот приватната безбедност. Овде се истакнати неколку осврти околу определувањето на поимот приватна безбедност, меѓутоа и неговите карактеристики кои произлегуваат од делумно сличните, но сепак различни дефинициски ставови.

Во вториот дел од трудот се претставени теориските концепти и модели на контрола на приватниот безбедносен сектор, односно е поставена теориската основа на приватната безбедност интегрално во сите нејзини димензии.

Во третата глава, преку кратка анализа на потеклото, причините и историската ретроспектива на приватната безбедност во целост се согледува нејзиниот развој. Во оваа глава, приватната безбедност се согледува во нејзиниот тоталитет низ една историска ретроспектива на бројни настани. Акцентот е ставен на еволутивниот развој на приватната безбедност. Значи, приватната безбедност има долга историја и како концепт, таа се појавува уште во древните цивилизации и врз нејзиниот развој влијаеле бројни фактори.

Во четвртата глава, се дадени терминолошките дивергенции околу поимот и употребата на приватниот безбедносен сектор. Тука се синтетизирани бројните размислување за тоа што е приватна безбедност како општоприфатлива дефиниција, но е понудено и кохерентно објаснување што е приватната безбедност.

Во петтата глава, истражувањето е фокусирано на регулирањето на приватната безбедност. Прашањето што се однесува за регулирање на приватната безбедност во национални и во меѓународни рамки создава бројни грижи. Во општата расправа, како што е наведено и во самиот труд, се нагласува дека особено е важно прашањето што прави една влада за да ја регулира оваа област и какво влијание има недостигот од меѓународна регулатива на ова прашање, особено ако се знае дека усогласување на регулативата на европско ниво ќе значи и високи стандарди на ова ниво.

Во шестата глава, разработката е ставена на менаџирањето со приватниот безбедносен сектор. Ова е исклучително важно прашање ако се земе предвид фактот дека доброто менаџирање придонесува за ефикасен приватен безбедносен сектор кој ќе биде во функција на осигурување на безбедноста наспроти тенденциите да биде надвор од контрола и во условно други преградки кои ќе направат да биде неговата положба мистифицирана и контрадикторна.

Во седмата глава, предмет на научен интерес на кандидатот била како е поставена приватната безбедност во дел од водечките држави членки на Европската унија, што послужија како референтни модели и за другите држави што се презентирани во трудот. Кај овие држави, врз основа на потребното ниво на споредување (терминолошки, систематски и суштински), се анализира приватната безбедност преку следниве параметри: поставенста, регулативата и соработката. Иако овие држави се изложени одвоено, сепак станува збор за испреплетени односи и врски меѓу нив.

Во осмата глава е анализирана приватната безбедност во Република Македонија низ призмата на нејзината регулатива. Утврдено е дека Република Македонија е многу понапред во однос на регулативата од одредени држави од регионот. Приватната безбедност, особено во остварување на визијата за приватно-јавното партнерство е потребен подолг временски период, со оглед на фактот дека единствената соработка која постои меѓу овие два сектора е претходното работно искуство во полицијата или војската, кое го имаат одредени вработени во агенциите за обезбедување во Македонија.

Во завршните разгледувања, м-р Живко Гацовски се обидува да даде сублимат на теоретските размислувања одделно за секое поглавје. Во голема мера тој успева да ги резимира своите истражувања, но во одредени делови Комисијата смета дека е потребно да се вложи дополнителен напор за да ја заокружи теориската рамка со продлабочени истражувања.

Оттука, Комисијата е на мислење дека во одредени делови на докторската дисертација постојат недообјаснати проблеми кои заслужуваат соодветно внимание и е потребна доработка за да се отстранат нејаснотиите во теориската разработка на тезата со што би се придонесло кон подобар квалитет на самата дисертација. Забелешките се насочени кон дообјаснување на конкретните

тематски целини, но и кон спроведување на истражување кое треба да ја даде реалната слика и перцепција за приватната безбедност во Република Македонија.

Врз основа на изнесеното, произлегува препораката од страна на Комисијата дека во докторската дисертација е потребно да се доработат тематските глави, да се дополни со конкретно истражување и да се дообјасни заклучокот, односно да се обрати повеќе внимание на примената на моделите на контрола во работата на приватниот безбедносен сектор во Република Македонија. По направените корекции, Комисијата ќе може адекватно да го вреднува трудот и да ги изнесе своите впечатоци и оценки во финалната рецензија.

Комисија

Проф. д-р Оливер Бакрески с.р.

Проф. д-р Билјана Ванковска с.р.

Проф.д-р Марина Митревска с.р.

Вонр.проф. Саше Герасимовски с.р.

Доц.д-р Тања Милошевска с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ОПТОВАРЕНОСТА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ“ ОД М-Р АНКИЦА АНТОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 82 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Медодиј“ во Скопје, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет“ во Скопје, на својата XXV редовна седница одржана на 4.5.2016 година, формира Комисија за изработка на извештај и давање оценка за докторската дисертација на кандидатката м-р Анкица Антовска со наслов: **Оптовареноста на учениците во основното образование** во состав: вонр. проф. Борче Костов, проф. Наташа Ангелоска Галевска, проф. Анета Баракоска, проф. Вера Стојановска и доц. Алма Тасевска.

Заблагодарувајќи му се на Наставно-научниот совет за укажаната доверба, го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација под наслов „Оптовареноста на учениците во основното образование“, поднесена од м-р Анкица Антовска, содржи 186 страници компјутерски обработен текст. Изложена во неколку дела: Теоретски основи на проблемот на истражувањето; Методологија на истражувањето, Анализа и интерпретација на добиените резултати од истражувањето; Резиме; Наместо Заклучок; Библиографија и Прилози.

Кандидатката ја започнува својата елаборација со оправданоста на истражувањето, при што истакнува дека бројноста на проблеми во воспитно-образовната работа во училиштата условени од контраверзите на денешното време и од опшествените, политичките, економските, идејните и други промени во земјата бараат напори од компетентните стручњаци и наставниците за изнаоѓање на најсоодветни решенија за она што го притиска образовниот систем како целина и на она што значи осовременување на наставната работа.

Од целината на овие проблеми го издвојува прашањето за тоа колку и како треба да бидат оптоварени учениците во основното образование со задолженија во наставата и за наставата.

Кандидатката посебно се задржува на прашањето на временската оптовареност и смета дека оптовареноста во нејзината целосност ги надминува границите на едно индивидуално истражување, а уште повеќе, на истражување кое на проблемот му приоѓа од еден аспект. М-р Анкица Антовска во овој дел насловен како: „Актуелност на проблемот“ истакнува дека комплексното истражување на проблемот на оптовареноста на учениците може и треба да го врши тим од стручњаци од повеќе профили.

Оправданоста на истражувањето кандидатката ја гледа во потребата оптовареноста на учениците во Република Македонија да се оптимализира во функција на подобрување на ефектите од образовниот процес и зачувување на менталното и физичкото здравје на учениците.

Во вториот дел кој се однесува на методологијата на истражувањето м-р Анкица Антовска ги објаснува: предметот, целта, задачите, хипотезите, варијаблите, карактерот на истражувањето, примерокот на истражувањето и статистичката обработка на податоците.

Предмет на истражувањето е оптовареноста на учениците од деветгодишното основно образование во Република Македонија.

Цел на истражувањето е да се согледа каква е и колкава е оптовареноста на учениците во деветгодишното основно образование во Република Македонија.

Од предметот и целта на истражувањето произлегуваат и 29 задачи на истражувањето.

По однос на хипотезите, поставени се главна хипотеза и повеќе помошни хипотези.

Главната хипотеза гласи:

Учениците од основното образование се преоптоварени со наставните програми.

Покрај главната, м-р Анкица Антовска поставува и 22 помошни хипотези.

Како варијабли на истражувањето кандидатката наведува повеќе независни и зависни варијабли.

Понатаму, м-р Антовска го објаснува карактерот на истражувањето при што нагласува дека истражувањето кое за предмет ја има оптовареноста на учениците од основното деветгодишно образование е квантитативно-квалитативно истражување. Во рамките на квантитативното истражување мерена е оптовареноста на учениците и испитувани се ставовите и мислењата на учениците, наставниците и родителите за оптовареноста на учениците во трите циклуци од основното деветгодишно образование. Добиените резултати се споредувани со цел да се утврди колкава е оптовареноста на учениците во основното образование.

Примерокот на истражувањето го сочинуваат учениците, наставниците и родителите од западниот, централниот и источниот регион во Република Македонија.

Најпрво, по случаен избор, избрани се три училишта од наведените региони во Р Македонија кои го сочинуваат примерокот на училишта. Од западниот регион на Р Македонија избрано е по едно основно училиште од градовите: Тетово, Гостивар и Кичево; по едно основно училиште од источниот регион од градовите: Штип, Струмица и Кочани и како централен регион земен е главниот град на Р Македонија, градот Скопје, од кој се одбрани три општини

со едно основно училиште. Значи, вкупниот примерок на основни училиште кои учествуваа во истражувањето изнесува- девет.

Од сите три циклуси на деветгодишното образование од деветте училишта кои учествуваа во примерокот на истражувањето, по случаен избор избрани се 15 ученици од секој циклус, односно 45 ученици од секое училиште. Значи, во истражувањето учествуваа вкупно 405 ученици.

Во истражувањето се применети дескриптивната метода, анкетирањето и анализа на документација.

За таа цел наменски се изработени:

- структуриран дневник во кој учениците го запишувале времето поминато во различните активности во училиштето и надвор од него и тоа изразено во часови и минути;
- прашалници со кои се испитувани ставовите и мислењата на учениците, наставниците и родителите за оптовареноста на учениците;
- структурирано интервју со наставниците од првиот циклус од деветгодишното основно образование.

Статистичката обработка на податоците е квантитативна и квалитативна, табеларно и графички се претставени податоците, пресметани се фреквенции и проценти, а исто така, направена е и квалитативна анализа на податоците од структурираното интервју.

Во функција на дескрипција на варијаблите од структурираниот дневник, пресметана е аритметичка средина и стандардна девијација.

Заради тестирање на хипотезите по однос на степенот на значајноста на разликите пресметан е хи-квадрат тест.

За утврдување на степенот на поврзаност меѓу варијаблите користен е коефициентот на контингенција.

Во третиот дел од дисертацијата, м-р Анкица Антовска ги анализира и ги интерпретира добиените резултати во истражувањето.

Тоа го прави постапно и доста аналитички, покажувајќи притоа посебен сензибилитет во статистичката обработка на добиените податоци.

На крајот, м-р Антовска заклучува дека резултатите кои се добиени во анализата на сите поставени прашања упатуваат на тоа дека со сумирање на сите резултати и анализа на помошните хипотези кои се потврдени или одбиени, може да се констатира дека со голема веројатност се потврдува главната хипотеза според која:

Учениците од основното образование се преоптоварени со наставните програми.

**Заклучок**

Проблемот кој се истражува во докторската дисертација на м-р Анкица Антовска е едно од доста интересните и актуелни прашања кои денес се поставуваат во педагогијата.

Докторската дисертација има значење за теоријата и практиката на педагогијата.

Сепак, Комисијата смета дека во одредени сегменти на докторската дисертација има недоработени проблеми кои укажуваат на можност, но и потреба да бидат дополнети и коригирани од страна на кандидатката.

Комисијата, главно, ги издвојува следниве **забелешки**:

1. дел од хипотезите немаат соодветна формулација;
2. дел од хипотезите се однесуваат на варијабли што воопшто не се мерени и следени во истражувањето;
3. изворите што се цитираат и користат се од прилично стар датум;
4. основна слабост на трудот е што проблемот е проучуван прилично површно. Прашањата, интерпретацијата и заклучоците се однесуваат генерално за сите учебници, наставници и наставни програми, без да се анализираат и споредуваат разликите меѓу нив. За да може да се извлечат повалидни заклучоци и трудот да има некаков конкретен научен придонес, потребно е да се испитаат разликите во оптовареноста меѓу одделни предмети или програмски подрачја, на различна возраст од учениците (различни циклуси на образование), како и според различни карактеристики на наставниците, организација на наставата или други варијабли.

Од горенаведеното произлегува препораката од страна на Комисијата дека докторскиот труд на м-р Анкица Антовска треба да се доработи со цел Комисијата да може адекватно да го вреднува.

К О М И С И ЈА

Вонр. проф. Борче Костов, ср.

Проф. Наташа Ангелоска Галевска, ср.

Проф. Анета Баракоска, ср.

Проф. Вера Стојановска, ср.

Доц. Алма Тасевска, ср.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ: „ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ФОРМАТИВНОТО ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ВАЛДЕТА ЗЕНУНИ ИДРИЗИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXVII редовна седница одржана на 16.VI 2016 година, донесе Одлука за формирање на Комисија за оцена на докторската дисертација под наслов: *Имплементација на формативното оценување на постигањата на учениците во основното училиште*, поднесена од м-р Валдета Зенуни Идризи.

Со Одлука број 09-624/14 од 21.6.2016 година, за членови на Комисијата се избрани: проф. д-р Наташа Ангелоска-Галевска (претседател), проф. д-р Вера Стојановска (ментор), проф. д-р Снежана Адамческа (член), проф. д-р Сузана Никодиновска Банчотовска (член) и проф. д-р Фадби Османи (член).

По разгледувањето на докторската дисертација, Комисијата има чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да му го достави следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Валдета Зенуни Идризи, со наслов: *Имплементација на формативното оценување на постигањата на учениците во основното училиште*, содржи 328 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, 175 референци, меѓу нив научни трудови, статии, книги, документи, програми и интернет-ресурси.

Основниот текст на докторската дисертација е глобално структуриран во пет посебни дела, со следниов редослед: Теоретски согледувања на проблемот на истражување, Методологија на истражувањето, Анализа и интерпретација на резултатите од анкетирањето на наставници и ученици, Анализа и интерпретација на резултатите од опсервацијата на наставни часови и Заклучни сознанија и констатации. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во докторската дисертација. Во прилог кон основниот текст се дадени примероци од инструментите кои се користени за потребите на истражувањето.

Во **воведниот** дел на трудот се образложени значењето и актуелноста на истражуваниот проблем. Овде кандидатката го потенцира фактот дека во современиот развој на воспитно-образовната теорија и практика особено значење му се придава на оценувањето на постигањата на учениците, со цел да се промовира и да се подобрува учењето и да се обезбеди подобар квалитет во образованието. Во тој контекст говори дека

проверувањето и оценувањето на учениците е мошне важен составен дел на воспитно-образовниот процес, како и тоа дека оценувањето претставува неопходен и незаменлив начин на добивање податоци кои обезбедуваат да се согледа колку навистина се остварени оние воспитно-образовни цели што се предвидени да се реализираат во текот на наставата. Тоа е, всушност, свесна, намерна и планирана активност со која се проверуваат, евидентираат и вреднуваат постигањата на учениците во некоја област, според однапред планирани цели, односно се определува колку од планираното е остварено и како е тоа остварено.

**Првиот дел** од трудот, *Теоретски основи на проблемот на истражување*, претставува сериозна теоретска елаборација на проблемот што го разгледува, подготвена врз основа на теоретска анализа на голем број научни студии и релевантни истражувања, анализа на педагошка документација, како и закони и посебни нормативни акти (правилници, упатства, норми, стандарди, критериуми) со кои се регулира начинот на изведување и постапката на оценувањето на постигањата на учениците во основното училиште. Во овој дел од трудот, кандидатката најнапред ги дефинира основните поими содржани во предметот на истражувањето и изнесува значајни теоретско-емпириски истражувања и искуства во врска со проблемот на истражувањето. Посебно вредни сознанија се изнесени во поглавјето *Оценувањето на постигањата на учениците како интегрален дел на наставниот процес*, каде што кандидатката го образложува значењето и целта на оценувањето и укажува дека оценувањето на постигањата на учениците во основното образование треба да биде интегрален дел од планот за целокупно ефикасно и ефективно функционирање на работењето на училиштето, односно дека оценувањето на учениците неминовно треба да биде планирано во развојната и годишната програма за работа на училиштето, плановите за работа на стручните активи и стручната служба во училиштата, како и во годишните, тематските и дневните планови за работа на наставниците. Исто така, кандидатката тука ги третира и прашањата во врска со спроведувањето на процесот на оценувањето, како многу важна компонента од наставниот процес, и формирањето на оценка. Следствено потоа, говори за потребата од информирање, споделување на информациите за податоците од оценувањето како со учениците, наставниците, така и со стручните лица кои непосредно се задолжени за прибирање на податоци за оценувањето и известување на родителите за напредокот на ученикот, како и за начините на кои се бележат, евидентираат информациите од оценувањето. Во овој дел од трудот, кандидатката ги елаборира современите тенденции во оценувањето на постигањата на учениците, односно се осврнува на тенденциите на трансформирање на традиционалниот во современ систем на оценување, согласно со светските трендови во образованието. Исто така, во посебен наслов кандидатката се осврнува на видовите на проверување и оценување на постигањата на учениците, кои ги разгледува од аспект на целта и времето на спроведување на оценувањето, содржината (предметот) што се проверува, според тоа кој го изведува и на кој начин тоа се остварува.

Централен дел во теоретската елаборација на трудот е поглавјето *Формативното оценување на постигањата на учениците*. Фокусот на разгледување на ова прашања е ставен на прикажување и анализирање на карактеристиките на формативното оценување, како и на основните принципи на формативното оценување кои треба да се почитуваат при неговата реализација. Овде се разработени клучните карактеристики на формативното оценување: споделување на целите на учењето со учениците, користење на ефективните техники на поставување прашања, значење и карактеристики на повратните информации и заемното оценување (меѓусебно оценување) и самооценување на учениците, каде што одделно секоја од нив, во повеќе засебни поднаслови, мошне опсежно се разработени и елаборирани. Во тој контекст се разгледувани: карактеристиките на ефективното испрашување, поставувањето на прашања и следење на работата на учениците од страна на наставникот, начините и текот

на испрашувањето и стратегиите на испрашување кои се во функција на оценувањето на напредокот на учениците.

Покрај тоа, во овој дел од дисертацијата е отстапен простор за елаборација на оценувањето на учениците како процес кој го остварува наставникот, разгледуван од аспект на стручно-педагошките компетенции на наставниците и нивната етичка одговорност во однос на оценувањето на учениците.

**Вториот дел** од докторската дисертација се однесува на методолошките аспекти на истражувањето. Во овој дел се обработени во посебни поглавја: предметот на истражувањето, целта и карактерот на истражувањето, задачите, хипотезите и варијаблите на истражувањето, а потоа методите, техниките и инструментите, примерокот на истражувањето, статистичката обработка на податоците и организацијата и текот на истражувањето.

Основната цел на истражувањето е да се согледа актуелната состојба во училишната практика во поглед на спроведувањето на формативното проверување и оценување на постигањата на учениците во наставниот процес. Со оглед на поставената цел на истражувањето, како посебни задачи кандидатката ги има поставено следниве: Да се испита дали наставниците го планираат формативното оценување на постигањата на учениците во плановите за наставна работа; Да се испита мислењето на наставниците во врска со зачестеноста на примената на формативното оценување на постигањата на учениците; Да се испита мислењето на учениците во врска со зачестеноста на примената на формативното оценување на нивните постигања; Да се согледа дали наставниците се реални и транспарентни и дали постапуваат праведно со сите ученици при проверувањето и оценувањето на постигањата на учениците; Да се испита дали наставниците им помагаат на учениците да разберат што направиле добро и кои аспекти на учењето треба да ги подобрат, односно дали им даваат на учениците објаснувања и насоки за натамошната работа; Да се утврди дали наставниците им даваат на учениците повратна информација во вистинско време во текот на самиот процес на учење; Да се утврди зачестеноста на употребата на разновидните методи и постапки при формативното оценување на постигањата на учениците; Да се согледа дали постојат разлики меѓу одделенските и предметните наставници во врска со зачестеноста на употребата на разновидните методи и постапки при формативното оценување на постигањата на учениците; Да се согледа дали постојат разлики меѓу наставниците и учениците во врска со зачестеноста на употребата на разновидните методи и постапки при формативното оценување на постигањата на учениците; Да се испита дали наставниците даваат точни, детални (описни) и фокусирани повратни информации поврзани со конкретната активност на учениците; Да се утврди дали наставниците даваат индивидуализирани повратни информации и со позитивна насоченост кон личноста на ученикот; Да се испита дали наставниците повеќе прават ненасочено, општо следење, при кое со брз поглед се констатира дали учениците се ангажирани и ја реализираат задачата, или повеќе прават насочено следење, при кое одблиску се следат активностите на некој ученик или група ученици; Да се согледа дали постојат разлики меѓу одделенските и предметните наставници во врска со можносите што им ги даваат на учениците за оценување на работата на своите соученици; Да се согледа дали постојат разлики меѓу наставниците и учениците во врска со тоа колку наставниците им даваат можност на учениците да ја оценуваат работата на своите соученици; Да се согледа дали постојат разлики во ставовите на одделенските и на предметните наставници во врска со тоа колку тие им даваат можност на учениците да се вклучуваат во анализата и оценувањето на сопствената работа – да се самооценуваат; Да се согледа дали постојат разлики меѓу наставниците и учениците во врска со тоа колку наставниците им даваат можност на учениците да се вклучуваат во анализата и оценувањето на сопствената работа – да се самооценуваат; Да се согледа дали наставниците водат портофолио за секој ученик во функција на формативното оценување на постигањата на учениците; Да се согледа дали наставниците бараат од учениците стекнатите знаења да ги применат во практика.

За емпириска верификација на целта, како и на поставените задачи, кои се операционализирани во 18 посебни хипотези, кандидатката ги користела следниве техники: техниката на анализа на документација, техниката на анкетирање и скалирање и техниката на систематско набљудување. Истражувањето е извршено со примена на оригинално конструирани инструменти од страна на кандидатката, компатибилни за проучување на поставениот проблем. Имено, за потребите на истражувањето се користени следните инструменти: прашалник за наставници; прашалник за ученици и протокол за следење на наставен час. Во истражувањето е користен примерок што го сочинуваат три категории на субјекти: одделенски и предметни наставници и ученици од VII и VIII одделение од основни училишта од подрачјата на општините Тетово, Гостивар и Кичево.

Во **третиот дел** од трудот се презентирани и интерпретирани добиените резултати од анкетирањето на наставниците и на учениците. Тие се средени во повеќе табели и графикони и по пат на квантитативна и квалитативна анализа темелно се обработени и систематизирани во неколку поднаслови, презентирани според редоследот на поставените хипотези. Добиените резултати од истражувањето се интерпретирани во функција на верификација на поставените хипотези.

Додека, пак, во **четвртиот дел** од трудот се презентирани и промислено се анализирани добиените резултати од систематското набљудување на наставните часови со цел да се провери, односно да се процени каква е веродостојноста на поставените хипотези. Во овој дел се забележува дека кандидатката успева подлабоко да навлезе и да ги анализира добиените резултати, да ги компарира, диференцира и врз основа на тоа да изведе повеќе значајни констатации и да донесе соодветни заклучоци. Генерално, со истражувањето е добиен богат емпириски фонд на податоци кој претставува солидна основа за аргументирано разгледување на темата на докторската дисертација.

**Петтиот дел** со наслов *Заклучни сознанија и констатации*, содржи сумарен приказ на заклучоци и констатации кои се изведени врз основа на добиените резултати од истражувањето. Во него, врз основа на изнесените теоретски сознанија и добиените емпириски наоди, кандидатката дава и одредени препораки и сугестии кои се во функција на поуспешно и поефикасно извршување на професионалната дејност на наставниците во врска со примената на формативното оценување на постигањата на учениците во наставниот процес.

Оригиналност на овој дел претставува функционалното поврзување на детектираните состојби со давањето препораки и можни решенија. Секоја хипотеза е поткрепена со релевантни емпириски наоди кои се добиени со извршеното истражување.

### Предмет на истражување

Предметот на истражување на оваа докторска дисертација е имплементацијата на формативното оценување од страна на наставниците во наставниот процес, разгледуван низ призма на актуелната педагошка практика во основните училишта, од аспект на клучните карактеристики на формативното оценување, и тоа: споделување на целите на учењето со учениците, користење на ефективни техники на поставување прашања, значење и карактеристики на повратните информации и заемно оценување и самооценување на учениците.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Изборот на темата на оваа докторска дисертација спаѓа во доменот на педагошката наука. Се работи за тема која не е доволно систематски истражувана и која е актуелна заради динамичноста на промените што се имплементираат во сферата на воспитно-образовниот процес во основното образование, во наши услови.

Основниот мотив од кој е појдено во ова истражување е во рамките на иновативните реформски зафати кои се спроведуваат во основното образование и кои се поврзани со оценувањето на постигањата на учениците, а с è со цел подобрување на квалитетот на воспитно- образовната работа во училиштата. Станува збор за избор на една мошне актуелна тема, каде што акцентот е ставен на потребите од подобрување на состојбите во однос на примената на формативното оценување на постигањата на учениците во основното образование.

**Краток опис на применетите методи**

Основен метод кој е користен во истражувањето е теоретско-аналитичкиот метод, со следниве варијанти:

- аналитичко-експликативната варијанта – со цел да се анализира, да се објасни и да се прикаже теоретската основа на проблемот кој е истражуван, односно формативното оценување на постигањата на учениците;
- аналитичко-дескриптивната варијанта – со цел да се проучи, јасно да се отслика, да се опише и да се анализира актуелната, реалната состојба во однос на примената на формативното оценување на постигањата на учениците во наставната практика во основните училишта.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Со истражувањето е добиен богат фонд на релевантни емпириски податоци за согледување на актуелната состојба во врска со примената на формативното оценување на постигањата на учениците, односно за тоа дали наставниците во својата секојдневна работа ги проверуваат, оценуваат и евидентираат редовно постигањата на учениците и се трудат да се придржуваат кон клучните карактеристики на формативното оценување. Кандидатката добиените резултати ги презентира и ги анализира во однос на поставените хипотези, резултатите ги компарира и врз основа на тоа извлекува заклучоци, ги потврдува или ги отфрла помошните хипотези на истражувањето.

Општ заклучок врз основа на вкупно добиените податоци е дека наставниците од основните училишта главно го применуваат во наставната работа формативното проверување и оценување на учениците, но со одредени слабости. А, од повеќето емпириски наоди што се изнесени во трудот, ги издвојуваме следниве: наставниците го планираат формативното оценување на постигањата на учениците во годишните и во тематските планови за работа, но нешто помал процент од наставниците тоа го прават во дневните подготовки за наставна работа; наставниците и учениците имаат позитивен став за потребата од примена на формативното оценување на постигањата на учениците во текот на наставниот процес и сметаат дека е потребно почесто тоа да се применува во текот на наставниот процес, отколку што тоа досега било приманувано; поголем дел од

анкетираните наставниците се реални и транспарентни и се трудат да постапуваат праведно со сите ученици при проверувањето и оценувањето на постигањата на учениците; поголемиот број од наставниците често им помагаат на учениците да разберат што направиле добро и кои аспекти на учењето треба да ги подобрат, односно често им даваат на учениците објаснување и насока за натамошна работа; поголемиот број од наставниците им даваат на учениците повратна информација, во вистинско време во текот на самиот процес на учење; наставниците употребуваат разновидни методи и постапки при формативното оценување на постигањата на учениците, при што доминантен или секогаш практикуван начин на проверување на постигањата на учениците е усното проверување во форма на разговор или испрашување, а потоа дискусијата со/и меѓу ученици и усното излагање – презентацијата од страна на учениицproperties, додека нешто поретко се користат другите форми како: писмено проверување од есејски тип, контролни задачи со куси прашања од отворен тип, тестови на знаења со прашања од двочлен или од повеќе член избор, а само понекогаш: писмени задачи кои бараат интегрирање на знаење од повеќе содржини, проектни задачи, есеи изработени надвор од часот, портофолио, заедничко проверување и самопроверување или самооценување на учениците; не постои разлика во мислењето меѓу одделенските и предметните наставници, како и меѓу наставниците и учениците во врска со зачестеноста на употребата на разновидните методи и постапки при формативното оценување на постигањата на учениците; поголем број од наставниците даваат точни, детални (описни) и фокусирани повратни информации, поврзани со конкретната активност на учениците; поголем број од наставниците даваат индивидуализирани повратни информации и со позитивна насоченост кон личноста на ученикот; наставниците при формативното оценување на постигањата на учениците поретко го користат ненасоченото, општото следење, отколку насоченото следење при кое одблиску се следат активностите на секој ученик или група ученици; поголем процент од учениците за разлика од наставниците сметаат дека наставниците не им даваат можност на учениците да ја оценуваат работата на своите соученици; најголем процент од наставниците понекогаш или ретко им даваат можност на учениците да се вклучуваат во анализата и оценувањето на работата на своите соученици во наставниот процес; поголем процент од учениците за разлика од наставниците сметаат дека наставниците не им даваат можност на учениците да се вклучуваат во анализа и оценување на сопствената работа – да се самооценуваат; поголем број од наставниците водат портофолио за секој ученик за податоците што се добиени при формативното оценување на постигањата на учениците; наставниците ретко бараат од учениците да ги применат стекнатите знаења во практика.

Анализата на целокупната содржина на докторската дисертација покажува дека кандидатката вложила голем труд, проблемот на истражувањето да го истражува од повеќе аспекти и да даде издржани препораки. Заклучоците и препораките од ова истражување може да бидат искористени во насока на преземање на идни активности за поквалитетно имплементирање на формативното оценување на постигањата на учениците во наставниот процес.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Валдета Зенуни Идризи, со наслов: *Имплементација на формативното оценување на постигањата на учениците*

*во основнот̄о училишт̄е*, е теоретско-емпириски труд од општествените науки од областа на педагогијата, кој е во функција на збогатувањето на знаењата во педагошката наука и унапредувањето на педагошката практика. Таа претставува вреден и оригинален научен труд, не само со оглед на теоретските сознанија што се изведени врз основа на проучување на бројни, релевантни и современи извори, туку и според користената методологија на истражувањето, систематичноста и начинот на презентирање и анализирање на емпириските податоци.

Комисијата смета дека изнесените научни сознанија и емпириски наоди во оваа докторска дисертација претставуваат драгоцен извор и мошне солидна база за идни проучувања во насока за унапредување на формативното оценување на постигањата на учениците во наставната практика и воопшто, за вреднувањето на постигањата на учениците во основното образование.

## ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила како прв автор, во меѓународни научни списанија, следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Зенуни-Идризи, В. (2015). *Меѓусебнот̄о (заемнот̄о) оценување на учениците во основнит̄е училишт̄а*. Просветно дело - Списание за теорија и практика на образованието, бр.3, Скопје: Здружение за теорија и практика на образованието „Образовни рефлексии", стр. 43-56; UDK: 37, ISSN 0350-6711.

[2]. Зенуни-Идризи, В. , Рушани-Ајдари, Р. (2016): *Самооценувањет̄о на учениците во основнит̄е училишт̄а*. Просветно дело - Списание за теорија и практика на образованието, бр.1, Скопје: Здружение за теорија и практика на образованието „Образовни рефлексии", стр. 36-49; UDK: 37, ISSN 0350-6711.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација *Имӣлементација на формат̄ивнот̄о оценување на ӣост̄иѓањат̄а на учениците во основнот̄о училишт̄е*, поднесена од м-р Валдета Зенуни Идризи, претставува мошне квалитетен научен труд кој во целост ги задоволува научните стандарди во однос на методолошкиот пристап, студиозноста и аналитичноста на добиените резултати, како и нивната систематичност. Во трудот се презентирани научно вредни информации за низа прашања во врска со состојбите на имплементацијата на формативното оценување на постигањата на учениците во основното училиште.

Оваа докторска дисертација има свое теоретско, но и практично-апликативно значење. Теоретското значење се согледува во фактот што таа содржи значајни наоди и вредни научни сознанија за нашата педагошка теорија и практика. Додека, пак, практичното значење се состои во тоа што добиените резултати и сознанија од истражувањето можат да послужат како појдовна основа за изнаоѓање на повеќе значајни решенија во функција на поуспешно и поефикасно извршување на формативното оценување на постигањата на учениците во наставниот процес.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Валдета Зенуни Идризи со наслов: *Имӣлементација на формат̄ивнот̄о оценување на ӣост̄иѓањат̄а на учениците во основнот̄о училишт̄е*.

К О М И С И Ј А

Проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска,

претседател, с.р.

Проф. д-р Вера Стојановска, ментор, с.р.

Проф. д-р Снежана Адамческа, член, с.р.

Проф. д-р Сузана Никодиновска Банчотовска,

член, с.р.

Проф. д-р Фадби Османи, член, с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МЕМОРИЈА, НАРАЦИЈА СУБЈЕКТ: ПРИМО ЛЕВИ И ЛИТЕРАТУРАТА НА ХОЛОКАУСТОТ“ ОД М-Р ИРИНА ТАЛЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на својата 67. редовна седница одржана на 29.6.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Ирина Талевска со наслов „Меморија, нарација, субјект: Примо Леви и литературата на холокаустот“, во состав: д-р Анастасија Ѓурчинова, редовен професор, д-р Славица Србиновска, редовен професор, д-р Маја Бојаџиевска, редовен професор, д-р Елизабета Шелева, редовен професор и д-р Марија Ѓорѓиева-Димова, вонреден професор.

Комисијата во наведениот состав со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ирина Талевска, со наслов „Меморија, нарација, субјект: Примо Леви и литературата на холокаустот“, содржи 206 страници компјутерски обработен текст, во фонт Arial, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 185 фусноти и 97 библиографски единици, меѓу кои научни трудови, статии, книги и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во три глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатката укажува дека трудот донесува анализа на четири дела од италијанскиот писател Примо Леви, кои се занимаваат со проблематиката на концентрационите логори за време на нацистичка Германија. Трудот си поставува две основни цели: најнапред, да го превредни и да го разбере значењето на меморијата за холокаустот, која денес како да го има загубено своето вистинско место во општествениот контекст, а потоа и да го постави прашањето за хуманистиката и „хуманистичкиот активизам“, кој би излегол од комотните академски сфери и би го повратил своето директно влијание во општеството. Кандидатката во таа смисла укажува дека во истражувањето ќе направи пресек помеѓу книжевноста и политичката филозофија, т.е. ќе понуди можност преку еден поинаков прочит на литературата да се дојде до најгорливите прашања и на современите општества.

**Првата глава** од докторската дисертација е насловена „Антиномииите на еден политички субјект“. Таа е поделена на неколку поднаслови во кои исцрпно се разработува поставениот проблем, кои гласат: Антиномииите на еден политички субјект, Феноменологија на антисемитизмот - аферата Драјфус, Империјализам – романтизам – расизам, Тоталитаризам –потеклото на логорот, како и Концепти на анализа: субјект, губерменталност, односи на моќ.

Во првиот дел се анализираат прашањата за еврејскиот народ како „политички субјект“, како и корените за појавата на антисемитизмот, кои се лоцирани во низа социјални и економски чинители, а датираат главно од 19 век. Повикувајќи се, главно, на

ставовите на познатиот филозоф и теоретичар на политиката, Хана Арент, во делото *Изворите на тоталитаризмот*, кандидатката забележува дека „не толку политичката димензија на Евреите, туку самиот новонастанат поим 'еврејство' ќе биде клучот преку којшто ќе дејствува националсоцијалистичкото зло.“

Во вториот дел, навраќајќи се на „аферата Драјфус“, како симбол за секоја неправедна осуда и страдање на невиниот (Евреинот), се разгледува феноменологијата на антисемитизмот. Притоа, кандидатката укажува дека антисемитите, кои себеси се нарекувале патриоти, вовеле нов вид национално чувство, кое се состои во прв ред од потполна рехабилитација на сопствениот народ и широка осуда на сите други. Понатаму, во овој дел, таа ја разгледува и опасната врска и спрега помеѓу национализмот и империјализмот, како и погубното вклучување на „толпата“ во империјалистичките експанзионистички политики.

Во третиот дел се разгледува зачетокот и појавата на расизмот во Европа, особено во Франција и во Германија, при што се забележува дека во францускиот случај, главно, доминира изедначувањето на поимите класа и раса. Во својата борба за општествена надмоќ, завртена против подемот на буржоазијата, француската аристократија себеси се смета за „привилегирана раса“, барајќи притоа сојузници од „наднационален“ карактер. Поинаку е согледана ситуацијата во Германија, кадешто според кандидатката расизмот има друго извориште, а тоа е политичкиот романтизам, кој ја раѓа познатата идеја за „индивидуалниот гениј“. Овој концепт го продлабочува дискриминаторскиот јаз, ги омаловажува другите и го подготвува полето за антисемитизмот како политичко оружје. Како што вели кандидатката, „романтичарскиот концепт за вродениот гениј го трасира патот за теоријата на расата во Германија од која понатаму ќе се развие идејата за натчовекот, чија судбина е да владее со светот.“

Во четвртиот дел се наведуваат елементите кои во рамките на тоталитарните режими доведуваат до појавата на концентрационите логори, со посебна нагласка на „теориите на заговор“, т.е. манипулативните инструменти на структурите на власт, настанати поради стравот од Евреите кои божем се закануваат дека ќе го завладеат светот. Кандидатката укажува на трите алатки со кои се служат тоталитарните режими за вовлекување на масите: пропагандата, индоктринацијата и теророт, посебно нагласувајќи, повторно поткрепена од Хана Арент, дека „тоталитаризмот на власт го употребува државниот апарат за својата долгорочна цел  - освојување на светот (...) и најпосле, тој подигнува концентрациони логори како посебни лаборатории во кои го изведува експериментот на тотална доминација.“ Во овој контекст се разгледува и позицијата на Евреите во тоталитарната држава на германскиот националсоцијализам, кои ја имаат улогата на „објективен непријател“, т.е. не се индивидуалци непријателски настроени кон државата, туку „носители на опасни тенденции, константна внатретлеечка опасност, која со текот на времето станува легитимно да се отстрани.“

Од особено значење за трудот се концептите поставени во петтиот дел од оваа глава, кадешто по претходниот историско-херменевтички вовед се преминува на издвојување и терминолошко прецизирање на основните концепти со кои ќе се оперира понатаму во анализата, а тоа се субјектот, гуверменталноста и односите на моќта. Субјектот е централниот поим околу кој се движи наратолошката анализа на кандидатката, посветена на делата на Примо Леви, но и промислувањето за односот на единката и општеството во рамките на политичко-филозофската проблематика. М-р Талевска го разгледува овој поим тргнувајќи од концептот за субјектот на Мишел Фуко (промислување на субјектот преку неговата објективизација, т.е. како објект којшто е историски конструиран и детерминиран), кого потоа го збогатува и го доофрмува со концептите на Џорџо Агамбен (особено „слепата точка“, т.е. пресекот помеѓу техниките на сепството и и техниките на моќта). Исчекорот од теоријата на Фуко низ елаборацијата на

Агамбен е согледан преку поимот *homo sacer*, светиот човек, „оној кој смее да се убие а не смее да се жртвува", како клуч на кој се темели модерната западна политика. Голиот живот на оваа „нечиста" категорија луѓе се спротивставува на „чистотата" на крвта и расата во националсоцијализмот, за да доживее екстремна реализација во моделот на концентрациониот логор. Особено внимание е посветено на јазикот или дискурзивноста, како една од ретките можности за отпор, која можеби единствено го има капацитетот да ги превреднува основните човекови права. Во таа смисла, субјектот во рамките на коцентрациониот логор е согледан како „биополитичко тело", конструирано и моделирано од надворешните стратегии, т.е. од управувачките сили на моќта. Гуверменталноста, начинот на управување со единката, најчесто од страна на власта или од тоталитарниот режим, е исто така преземена од филозофскиот систем на Мишел Фуко. Таа има потреба од тесна поврзаност со популацијата, т.е. со масите, за да може да стаса и до тоталитарното владеење, кое во крајна инстанца е производ на гуверменталноста на партијата. Понатаму се елаборира поконкретно идејата на Фуко за „биополитиката", која го истражува степенот во кој моќта конкретно и директно влијае на субјектот и на неговиот начин на живот. Оваа идеја е дополнета со ставовите на Агамбен, кој заклучува дека „местата во кои биополитиката го распојасува својот апсолут се концентрационите логори и големите тоталитарни држави во 20 век." Што се однесува, пак, до односите на моќта, кандидатката нив ги елаборира во контекст на делото на Примо Леви, како двојна спрега на субјектот со моќта: од една страна тој е сведен на речиси целосна немоќ и импотенција, а од друга – преку меморијата и сведочењето - немоќниот субјект се трансформира во противник на истата таа моќ која се обидува да го потчини.

**Втората глава,** под наслов „Субјект/меморија", го претставува првиот аналитички дел од трудот и опфаќа две од четирите анализирани дела од Примо Леви: *Дали е ова човек* (1947) и *Потонатите и неизбавените* (1986), напишани едното непосредно по излегувањето од логорот, а другото пред авторовата смрт. Критериумот којшто ги поврзува за заедничка анализа е отсуството на секаква литерарна интенција кај нивниот автор. Оваа глава е поделена на осум помали делови, кои обработуваат поконкретни прашања за основната тема.

Првиот дел, под наслов „Логорот и како јуридичка празнина", ја елаборира идејата за нацистичките техники на гуверменталност, кои се согледуваат преку тријадната оска на Хана Арент: уништување на правната, потоа на моралната личност и конечно – уништување на идентитетот. Првата од овие три е експлицитно покажана преку цитати од делото на Леви, во кои заробениците во логорот сведочат дека се нашле на „другата страна", т.е. дека се подготвуваат за влез во „јуридичката празнина" кадешто се укинати сите правни и етички вредности. Губењето, пак, на идентитетот е постигнато во т.н. сива зона, преку лажното чувство на полезност при извршувањето на одредени функции во логорскиот систем. Сепак, дури и во случаите на соработка со властите, вината секогаш е видена во системот, т.е. во структурата на самата тоталитарна држава.

Вториот дел, „Логорот и телото", ги истражува начините на кои моќта влијае врз субјектот преку дејствување врз неговото тело. Токму преку инскрипција на моќта врз телото логорот станува простор на исклученост во кој се остварува тотална доминација на субјектот кој се конструира како абјект. Одземањето на облеката, чевлите, стрижењето на косата, се иницијациски постапки кои го деконструираат идентитетот, го обезличуваат телото и духот, дејствувајќи крајно понижувачки врз субјектот. Во душевната болка се слеваат технологиите на душата и технологиите на телото, преку т.н. анатомополитичка стратегија. Телото, кое е корисна сила само кога е продуктивно и потчинето, станува средиште кон кое се насочени техниките на моќта, честопати изразени и преку монструозните медицински експерименти на нацистите. Преку целосната контрола врз телата и медицината станува техника на политичка интервенција со специфични ефекти

на моќ. Така, во името на „науката“ се доаѓа до апсолутната објективизација на субјектот кој, лишен од неговите човекови својства, станува *homo sacer*.

Во третиот дел, „Логорот и казната: етологија на расизмот“, кандидатката укажува дека биомоќта е таа која го впишува расизмот во механизмите на државата. Таа го разгледува расизмот како начин на прочистување на „чистата“ раса, кој според Фуко се води од логиката: „колку поинфериорни раси изумрат, јас ќе бидам посилен и поенергичен.“ Расизмот, како една од технологиите на моќта, го овозможува и правото да се убие, та затоа преку него државата ја остварува својата суверена моќ. Како таков, расизмот е присутен и во логорот, иако кандидатката го наведува и благиот оптимизам на Примо Леви, кој тврди дека „не е веројатно ваквата тоталитарна состојба, чија парадигма е логорот, целосно да се оствари и да истрае во времето“.

Четвртиот дел, „Политичка антропологија“, ги разгледува поставените прашања од поинаков аспект, имајќи предвид дека групирањето на одредена категорија луѓе кои сметаат дека ги обединува заеднички афинитет (расата) станува прашање на антропологијата. Кандидатката укажува дека логорот е антрополошки и политички експеримент на употреба на гуверменталните и биополитички стратегии кои го имаат за цел екстремното насилство, т.е. „елементарното зло“. Едно од основните прашања кои притоа се поставуваат, имајќи ги предвид новите жаришта на расна омраза, е и она за неможноста за реконструирање на логорот во современи услови.

Во петтиот дел, „Насилството“, се разгледува реакцијата на доживеаното насилство од страна на жртвата преку феноменот на самоубиството. Тоа не било својствено за време на престојот во логорот, во услови на „гол живот“ и инстинкт за преживување, но станало актуелно подоцна, како последица на срамот, кога и меморијата станала еден вид „темпирана бомба“.

Шестиот дел го разработува „Случајот Ханс Маер (Жан Амери)“, кому Примо Леви му посветува цело поглавје во *Потонатите и избавените,* осврнувајќи се посебно на неговото самоубиство во 1978 година како рационален и своеволен чин. Ханс Маер, Евреин, претходно целосно асимилиран во АвстроУнгарската Империја, пораснат исцело во духот на христијанските традиции, се осознал себеси како Евреин дури во логорот Моновиц. Неговиот идентитет се реконструира во специфичниот историски контекст, но како интелектуалец тој се доживува себеси *in between*, т.е. во идентитетска неопределеност, која ќе го вовлече во пеколот. Самоубиството на Ханс Маер може да се согледа како практика која го отвора дискурсот на отпорот, иако е тој од поинаков карактер споредено со оној на Леви.

Седмиот дел, „Дискурсот на отпорот“, ги разгледува сите методи за кршење на отпорот во рамките на логорот, понекогаш и преку екстремно насилство. Хипотезата на кандидатката е дека токму преку техниките на сепството, субјектот го изнедрува од себе отпорот против стратегиите на моќта. Во овој дел се толкуваат и двете категории во делото на Леви: потонатите (оние кај кои стратегиите на моќта успеале да доведат до целосно уништување) и избавените (на кои им ја должиме меморијата за незамисливо деструктивната моќ на човекот). Дел од вториве се во т.н. сива зона на постоењето, кои за да добијат полагодна позиција оствариле соработка со SS - командите, но тие се двојно изложени на смртта: онаа на нивните сожители и нивната сопствена. Отпорот, пак, е согледан главно преку дискурзивните практики, со што се навлегува во доменот на меморијата. Дискурсот на отпорот произлегува од самиот систем на принуда и не може да функционира надвор од него. Специфичниот дискурс кој го гради Леви е резултат на неговата потреба меморијата да ја преточи во пишување. Мемоарската нарација на Леви го оформува дискурсот кој претставува локус на отпор против суверената моќ. Ваквиот отпор му дава смисла и на самото преживување.

Во осмиот дел, „Epimeleia heautou“, кандидатката, повикувајќи се на ставовите на Мишел Фуко, се осврнува на старогрчкиот концепт кој означува „грижа за себеси“, а се остварува преку низа целисходни активности насочени кон усвојување на вистината. Тие се остваруваат преку три методи: слушање (опсервација), пишување (бележење) и авторефлексија, при што тежиштето се става на дискурзивната практика. Кандидатката укажува дека една од основните форми на насилство во логорот е онаа остварена преку јазикот.

**Третата глава,** под наслов „Проблемот на книжевната нарација во литературата на холокаустот“, е составена од шест помали делови. Во неа се елаборира патот, т.е. преминот на меморијата, од реално проживеаното искуство во нарација, т.е. во книжевно-уметнички текст со естетски и етички конотации. Според кандидатката, чинот на селекција на проживеаните настани и нивното хронолошко и смисловно подредување во рамките на јазикот е веќе чин на книжевна нарација.

Во првиот дел, „Наративната парадигма на холокаустот како *aletheia*“, по трагите на Мартин Хајдегер, се разгледува прашањето за „вистинитоста“ на овие нарации базирани врз проживеани искуства и нивното можно жанровско ситуирање во рамките на книжевниот систем. Особено внимателно е разгледан односот помеѓу реалното и фикциското во нарацијата. Кандидатката укажува на стремежот на Примо Леви своето писмо да го прикаже како документарно, како „магнетна лента“ на која е врежана меморијата. Исто така, забележано е кај овој автор преплетување и на автобиографијата со теоретското аргументирање, што е протолкувано како резултат на стимулот за објективно, научно промислување на Леви, кој е хемичар по професија.

Вториот дел, „Автентичност, субјективност/интерсубјективност“, ги разгледува прашањата за автентичност и референцијалност на нарацијата, било да е таа усна (интервјуи, искажувања) или писмена (книги). Повикувајќи се на италијанската историчарка Луиза Пасерини, кандидатката особено ја истакнува улогата на субјективноста, како појдовна точка во пренесување на меморијата, заклучувајќи дека кај Примо Леви се присутни двата облика на субјективност (рефлексивната и нерефлексивната), иако преовладува свесната наративна субјективност, како и интерсубјективноста, во смисла на интерпретација на нарациите за холокаустот.

Третиот дел, „Меморијата/нарацијата за холокаустот: паралакса на цивилизациските вредности“, се осврнува на суштинското прашање до кој степен меморијата и нарацијата зависат од изменетата позиција на набљудувачот. Тука кандидатката се осврнува особено на делото на Леви *Примирје* (1963), во кое се отсликува состојбата во поствоената Европа, а кое таа го согледува како делумно поразлично од првенецот *Дали е ова човек*. Иако втората книга на Леви претендира да биде „покнижевна“ од првата, таа сите негови дела ги именува како еден единствен „макротекст“ (според определбата на критичарот Марко Белполити), обединети во единствената цел – протест против злосторствата и неправдите. Опасноста ја гледа единствено во сакрализацијата и банализацијата на меморијата за холокаустот (Тодоров), т.е. во нејзиното „редундантно“ толкување.

Краткиот дел „Нарацијата за холокаустот и дискурсите на моќта“ ги дискутира тезите на Хабермас и Алтисер, за да ја прифати идејата на Фуко дека вистината не е однапред зададена, туку е производ на дискурсот на моќта. Нарацијата е видена како отпор кон хетерогената моќ и претставува можност за „општествена авторефлексија“.

Во петтиот дел, „Нарацијата како скриптотерапија. Херменевтика на меморијата“, се разгледува психоаналитичкиот, т.е. терапевтски карактер на мемориската нарација, како и потребата меморијата, согласно со идеите на Цветан Тодоров, да послужи за одредена цел, а не само за репродуцирање на минатото. Раскажувањето на меморијата

е согледано во двојна херменевтичка спрега: тоа го толкува минатото, но и самото е подложно на толкување.

Шестиот и последен дел од ова стожерно поглавје, под наслов „Помеѓу историја, меморија и фикција. *Ако не сега, кога?*“, се осврнува на последното книжевно дело на Леви (1982), единственото жанровски дефинирано како „роман“. Кандидатката се обидува да ја протолкува неговата недоволно успешна рецепција токму според разликата во жанрот, т.е. заклучувајќи дека вистинскиот творец кај Леви се крие во студената и објективна нарација присутна во неговите први книги, додека фикцискиот роман се оддалечува од неговата автентична креативна матрица. Сепак, таа укажува дека квалитативно и овој роман заслужува да биде позитивно вреднуван заради темата на „отпорот“ на Евреите, која преовладува во нарацијата, а која ја немаше во претходните дела, како и според клучната идеја во делото дека „војната не е завршена“, т.е. дека траумата е инхерентен дел на сите општества, што на делото му дава универзална, хуманистичка димензија.

Во **заклучните согледувања**, кандидатката концизно и прецизно ги сумира и ги резимира своите основни тези, укажувајќи дека според резултатите на истражувањето таа го определува творештвото на Примо Леви на крстопатот помеѓу автобиографија, епистола и историски роман. Според неа ова творештво прави пресек помеѓу индивидуалното и колективното искуство, додека во нарацијата доминира етичкиот аспект, во кој е успешно испреплетен и естетскиот. Делото на Леви таа го согледува како огромен придонес за севкупната литература на холокаустот, но и како поттик за сè понеопходното промислување на современиот човек како политички субјект. По заклучните согледби, на крајот од трудот е поместена соодветна Библиографија, која е поделена во два дела: латинична и кирилична, како и список на делата кои го сочинуваат Корпусот за анализа во трудот.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ирина Талевска, со наслов „Меморија, нарација, субјект: Примо Леви и литературата на холокаустот“, претставува темелна студија напишана врз основа на аргументирано и исцрпно истражување во областа на хуманистичките науки, науката за литературата и италијанистиката. Таа е оригинално структурирана, исцрпна и детална, солидно образложена и напишана со прецизен и проникнлив јазик, својствен на научноистражувачката работа.

Базирајќи се на корпусот од четири книжевни дела на италијанскиот писател Примо Леви, сите посветени на проблематиката за холокаустот, кандидатката минуциозно ја истражува темата која е предмет на нејзиниот интерес, а тоа е специфичниот соодност помеѓу меморијата, субјектот и нарацијата. М-р Талевска во своето истражување со леснотија се движи низ повеќе разнородни дисциплини, како книжевната теорија, историјата, комуникологијата, психологијата, социологијата, антропологијата, политичката теорија и филозофијата, успевајќи соодветно да ги примени во својот труд. Извршените анализи таа ги поткрепува, главно, со ставовите на некои од најрелевантните теоретичари и критичари од дадените области, како што се: Хана Арент, Мишел Фуко, Џорџо Агамбен, Цветан Тодоров, Зигмунт Бауман, Етјен Балибар, Норберто Бобио, Марко Белполити и др.

Користејќи ги постојните сознанија од споменатите дисциплини, кандидатката успеала да реализира сосема оригинално истражување, кое не само што ја анализира во ново руво комплексната литература за холокаустот, туку поставува основи за поинакво промислување на односите на моќта, како и на положбата на субјектот во општеството. Во таа смисла, докторската дисертација на м-р Ирина Талевска претставува особен придонес за збогатувањето на научните сознанија во неколку области, како што се критиката на современата италијанска книжевност, книжевната теорија, а во одреден степен и политичката филозофија и социологија.

Овој труд, преку специфичниот модел на расчитување на книжевното творештво на италијанскиот писател Примо Леви, посветено на темата на холокаустот, слободно може да послужи како основа за понатамошни истражувања на полето на биополитиката, во насока на промислување на кревката граница помеѓу демократиите и тоталитарните општества во современиот свет, како и на хуманистичкиот активизам воопшто.

Со оглед на претходно наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје да ја прифати позитивната оценка за овој труд и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Ирина Талевска** со наслов **Меморија, нарација, субјект: Примо Леви и литературата на холокаустот.**

КОМИСИЈА

1. Д-р Анастасија Ѓурчинова, редовен професор, с.р.
2. Д-р Славица Србиновска, редовен професор, с.р.
3. Д-р Маја Бојаџиевска, редовен професор, с.р.
4. Д-р Елизабета Шелева, редовен професор, с.р.
5. Д-р Марија Ѓорѓиева-Димова, вонреден професор, с.р.

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАУЧЕН СОРАБОТНИК ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПЛОДНОСТ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ФЕРТИЛИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Земјоделски институт – Скопје, објавен во весниците „Утрински весник" и „Коха" од 5.8.2016 година, за избор на **научен соработник** во научната област плодност на земјиштето и фертилизација, и врз основа на Одлуката на Научниот совет, бр. 02-586/2, донесена на 18.8.2016 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Душко Мукаетов, редовен професор Земјоделски институт во Скопје, д-р Валентина Пеливаноска, редовен професор Научен институт за тутун во Прилеп и д-р Кирил Филипоски, редовен професор (во пензија) Научен институт за тутун во Прилеп.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на **научен соработник** во научната област **плодност на земјиштето и фертилизација**, во предвидениот рок се пријави кандидатката д-р Христина Попоска.

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Христина Попоска е родена на 17.7.1981 година, во Скопје. Средно образование завршила во Скопје во 2000 година, по што се здобила со стручен назив-земјоделски техничар. Со високо образование се стекнала на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во 2005 година, на насоката поледелство, здобивајќи се со стручен назив-земјоделски инженер-агроном, со просечен успех 8,28.

Во учебната 2005/2006 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на насоката агрохемија. Студиите ги завршила во 2010 година, со просечен успех 9,43. На 31.10.2011 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Влијание на фолијарното ѓубрење врз приносот и квалитетот кај пченката во скопскиот реон", и се стекнала со академскиот степен магистер на земјоделски науки.

Во декември 2011 год., на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, пријавила тема за докторска дисертација под наслов „Влијание на фолијарното ѓубрење врз приносот и квалитетот кај сортите винова лоза кардинал и афус али''. Докторската дисертација ја одбранила на 20.5.2016 година, пред Комисија во состав: д-р Марина Стојанова, редовен професор, проф. д-р Мирјана Херак Ќустиќ, редовен професор, проф. д-р Силвана Манасиевска Симиќ, вонреден професор, проф. д-р Звонимир Божиновиќ, редовен професор и проф. д-р Петар Христов, редовен професор, при што се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област плодност на земјиштето и фертилизација.

Од 2006 год. кандидатката започнала да волонтира во Одделението за педологија и агрохемија, при УКИМ-Земјоделски институт - Скопје, како помлад стручен соработник.

На 7.12.2011, од страна на Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје, е избрана во звањето помлад асистент, а на 25.9.2014 е избрана во звањето асистент, од научната област плодност на земјиштето и фертилизација, во Одделението за педологија и агрохемија.

Во моментот е асистент на УКИМ, Земјоделски институт–Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр.1080 од 1.7.2014 година.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик и со повеќе апликативни компјутерски програми.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 1019 и 1080, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНИ, НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје, кандидатката д-р Христина Попоска како надворешен соработник изведува вежби и теренска настава на прв циклус студии на предметот ботаника од 2009/2010 до 2012/2013 година.

Во учебните 2009/2010 и 2010/2011 година, за време на летниот семестар одржувала вежби и теренска настава на студиските програми: агроекономика, квалитет и безбедност на храна, овоштарство и лозарство, преработка на земјоделски производи, анимална биотехнолигија, лозарство и винарство, градинарство и цвеќарство, поледелство и фитомедицина. За време на летниот семестар во учебната 2011/2012, одржувала вежби на студиските програми: квалитет и безбедност на храна, овоштарство и лозарство, преработка на растителни производи, лозарство и винарство, анимална биотехнолигија, фитомедицина, екоземјоделство, поледелство и агроекономика. Во 2012/2013 година, вежбите по предметот ботаника ги одржала на студиските програми: квалитет и безбедност на храна, преработка на растителни производи, фитомедицина и овоштарство и лозарство.

**Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот, се наведени во образецот кон извештајот (Анекс 2 од Правилникот за избор), со датуми и други релевантни податоци.**

### Научноистражувачка дејност

Д-р Христина Попоска има објавено вкупно 22 (дваесет и два) научни труда од областа на плодноста на земјиштето и фертилизацијата. Од нив има објавено 3 (три)

научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 7 (седум) труда во научни списанија и 12 (дванесет) труда во зборници од научни собири.

Д-р Христина Попоска има учествувано на 5 научни/стручни собири со реферат - усна презентација и на 10 научни/стручни собири со постерски презентации.

Учествувала и како соработник во 4 национални научни проекти и 4 меѓународни научни проекти.

**Други активности кои припаѓаат во научно-истражувачката дејност, релевантни за изборот, се наведени во образецот кон извештајот (Анекс 2 од Правилникот за избор), со датуми и други релевантни податоци.**

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Христина Попоска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Земјоделскиот институт во Скопје. Кандидатката активно учествува во спроведувањето на повеќегодишната програма на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за перманентна контрола на плодноста на почвата преку лабораториски анализи на почвите и изработка на соодветни елеборати и извештаи. За потребите на фармерите во изминатиот период изготвила експертизи за подигање на многугодишни овошни и лозови насади. Кандидатката активно учествувала и во спроведувањето на програмата за мониторинг на вештачки ѓубрива, во 2014 година, од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р Македонија.

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој во Израел, Србија, Турција, Албанија и Бугарија, преку учество на обуки од обласста на педологијата и агрохемијата.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес.

Активно е вклучена во работата на Стручниот совет за Законот за квалитет и безбедност на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, 2015-2017, при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р Македонија.

Кандидатката во 2014 година учествувала во уредувачкиот одбор на научната конференција на Земјоделскиот институт во Скопје – "Challenges in modern agricultural production".

Во изборниот период, д-р Христина Попоска учествувала во изготвување и пријавување на 3 (три) меѓународни научни проекти.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Христина Попоска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Христина Попоска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето научен соработник во научната област плодност на земјиштето и фертилизација.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје, д-р Христина Попоска да биде избрана во звањето **научен соработник** во научната област плодност на земјиштето и фертилизација.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**1.Проф. д-р Душко Мукаетов, с.р.**

**2.Проф. д-р Валентина Пеливаноска, с.р.**

**3.Проф. д-р Кирил Филипоски, с.р.**

**АНЕКС 2**

## ОБРАЗЕЦ

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** ____Христина Гоце Попоска_________

(име, татково име и празиме)

**Институција:** _______Земјоделски институт_______

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** _плодност на земјиштето и фертилизација _______

## НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| **Одржување на вежби** | | |
| | Ботаника (3+2), АЕ, КБХ, ОЛ, ПЗП, АБ, ЛВ, ГЦ, П, летен семестар 2009/2010 (ФЗНХ - Скопје) | 7,2 |
| | Ботаника (3+2), АЕ, КБХ, ОЛ, ПЗП, АБ, ЛВ, ГЦ, П,ФМ, летен семестар 2010/2011 (ФЗНХ - Скопје) | 8,1 |
| | Ботаника (3+2), КБХ, ОЛ, ПРП, ЛВ, АБ, ГЦ, ФМ, ЕКО-З, П, АЕ, летен семестар 2011/2012 (ФЗНХ - Скопје) | 9,0 |
| | Ботаника (4+3), КБХ, ПРП, ФМ, ОЛ, летен семестар 2012/2013 (ФЗНХ - Скопје) | 5,4 |
| **Одржување на теренска настава** | | |
| | Ботаника (3+2), АЕ, КБХ, ОЛ, ПЗП, АБ, ЛВ, ГЦ, П, летен семестар 2009/2010 (ФЗНХ - Скопје) | 9,6 |
| | Ботаника (3+2), АЕ, КБХ,ОЛ, ПЗП, АБ, ЛВ, ГЦ, П,ФМ, летен семестар 2010/2011 (ФЗНХ - Скопје) | 10,8 |
| | Ботаника (3+2), КБХ, ОЛ, ПРП, ЛВ, АБ, ГЦ, ФМ, ЕКО-З, П, АЕ, летен семестар 2011/2012 (ФЗНХ - Скопје) | 12,0 |
| | Ботаника (4+3), КБХ, ПРП, ФМ, ОЛ, летен семестар 2012/2013 (ФЗНХ - Скопје) | 7,2 |
| **Консултации со студенти** | | |
| | Консултации со студенти по предметот ботаника | 1,1 |
| **Настава во школи и работилници (учесник)** | | |

| | | |
|---|---|---|
| | Примена на агроеколошки мерки (работилници) | 1,0 |
| | **Вкупно:** | **71,4** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| **Учесник во национален научен проект** | | |
| | Изработка на национална Програмска стратегија за Оперативна фаза 6 2014-2018 за ГЕФ, проект SGP GRANTS Project-MKD/SGP/OP6/Y1/CORE/CD-CPS/15/01. | 3,0 |
| | Интродукција на нови странски сорти ориз во оризопроизводството на Р Македонија, 2014-2015. Земјоделски институт, Универзитет „Св Кирил и Методиј”, Скопје. | 3,0 |
| | Влијание на климатските промени врз земјоделството во Република Македонија и мерки за адаптација, 2013-2014. Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје. | 3,0 |
| | Ефекти од тероарот врз технолошките карактеристики на сортата вранец, 2011. Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје. | 3,0 |
| **Учесник во меѓународен научен проект** | | |
| | Основање на македонски почвен информативен систем (MASIS), FAO. 2013-2015. | 5,0 |
| | Adaptation measures in Agriculture to Climate Changes, 2012-2016. Rural Development Network, Skopje and USAID. | 5,0 |
| | Interdisciplinary assessment of water resources management in two transboundary lakes in South Eastern Europe (DRIMON). 2006-2009. Norway Government; | 5,0 |
| | Germplasm characterization of wheat mutant population concerning wheat quality by using molecular markers. 2004-2006. International atomic energy agency (IAEA),Vienna, Austria. | 5,0 |
| **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | | |
| | Marina T. Stojanova, **Hristina Poposka** and Monika Stojanova (2016). The effect of foliar fertilizing on yield and the chemical composition of kernels of texas almond cultivar grown in Valanadovo. International Journal of Current Research, Vol. 8, Issue, 04, pp. 29118-29122, SJ IF: 6.226 | 11,02 |
| | **Poposka H**, Manasievska Simikj S, Stojanova M, Mukaetov D. (2015). Influence of foliar fertilizing on | 5,36 |

| | | |
|---|---|---|
| | stomata parameters in maize leaf (Zea Mays L.).International Journal of Agronomy and Agricultural Research (IJAAR). Volume 7, Number 4, October 2015 – IJAAR. pp.68-74. IF 1.759 | |
| | M. Menkinoska, I.Gjorgoski, S.Manasievska-Simic, V.Pavlova, Z.Popeska, V.Stanoev, T. Blazevska, **H.Poposka**, N. Gjorgovska, V. Levkov (2014): The Influence of Fe-chelates Fertilizers on the Soft Wheat`s Quality. International Journal of Emerging Technology & Advanced Engineering (ISSN 2250-2459, ISO 9001:2008 Certified Journal), Volume 4, Issue 9, September, 2014. IF 2.324 | 5,92 |
| | **Hristina Poposka**, Marina Stojanova, Dusko Mukaetov, Marjan Andreevski, Dime Petkovski (2013): Influence of foliar fertilization on distribution of some elements in maize leafs. Zemljiste i biljka, Vol. 62, No.3, ( 99-110), Beograd. | 3,6 |
| | Petkovski D., Poposka H. (2012). Genesis and properties of the district rankers (umbrisols) in North-Eastern Macedonia. Zemljisteibiljka, Vol. 61, No.2, (57-67), Beograd. | 5,4 |
| **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание** | | |
| | Andreevski M., Cvetkovic J., Mukaetov D., **Poposka H.** (2012) Content of some heavy metals in Colluvial soils in the area of Kocansko Pole. Plant protection, Skopje. Vol. XXIII (129-135). | 2,4 |
| | M. Andreevski, Julijana Cvetković, D. Mukaetov, **Hristina Poposka** (2011). Content of some heavy metals in rigosols in the area of Kocani. Plant protection, Vol. XXII, Skopje (pp.81-86). | 2,4 |
| | Марјан Андреевски, Славчо Христовски, **Христина Попоска**, Душко Мукаетов (2010). Содржина на вкупни форми тешки метали во почви образувани врз лапорци. Екол. зашт. живот. сред. Том 13, број 1-2, стр. 13-21, Скопје. | 2,4 |
| | Andreevski M., Mukaetov D., Cvetković Julijana, **Poposka Hristina**, Sekuloska Tijana (2010): Content of total forms heavy metals in some soil typies in the area of Resen. Plant protection, Vol. XXI, (page 67-72), Skopje. | 2,4 |
| | Andreevski M., Cvetković Julijana, Mukaetov D., **Poposka Hristina**, Sekuloska Tijana, Petkovski D. (2009): Content of some heavy metals in vertisols in the area of Negotino. Plant protection, Vol. XX, (page 133-136), Skopje. | 2,4 |

| Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор | | |
|---|---|---|
| | **Poposka H**, Stojanova M., Mukaetov D., Andreevski M., Manevska-Kolevski M. (2015). Effect of foliar fertilization on corn grain quality. 2th International Symposium For Agriculture And Food (ISAF 2015). Symposium proceedings, pp.929-936. | 1,8 |
| | **Hristina Poposka**, Marina Stojanova, Dusko Mukaetov, Silvana Manasievska Simik, Marjan Andreevski, Tijana S. Simonovikj (2014). Effects of foliar fertilization on microelements in maize leaf. Scientific Conference, Challenges in modern agricultural production. Institute of Agriculture. December 11, 2014, Skopje. | 1,8 |
| | Mukaetov Dusko, Andreevski Marjan, **Poposka Hristina** (2013): Cation exchange capacity of hydromorphic black soils in pelagonija. The 1st International Congress on Soil Science, XIII National Congress in Soil Science. Soil Science Society of Serbia, September 23 – 26th, 2013 Belgrade (page 580-589), Serbia. | 2,4 |
| | Andreevski Marjan, Mukaetov Duško, Hristovski Slavčo, **Poposka Hristina** (2013): Content of heavy metals in soils formed on limestone and dolomites on Jablanica mountain. The 1st International Congress on Soil Science, XIII National Congress in Soil Science. Soil Science Society of Serbia, September 23 – 26th, 2013 Belgrade (page 383-391), Serbia. | 1,8 |
| | D. Mukaetov, M. Andreevski, T. Sekuloska, **H. Poposka** , I. Mincev (2012):Modeling of Soil Run-off in Golema River Catchment.BALWOIS 2012 - Ohrid, Republic of Macedonia - 28 May, 2 June 2012. | 1,8 |
| | D. Mukaetov, Silvana Stevkova, Suzana Alcinova Monevska, Aleksandra Atanasovska, **Hristina Poposka** (2012). Use of ISAREG Model as Approach for Optimization of Irrigation Scheduling of Maize. BALWOIS 2012 - Ohrid, Republic of Macedonia - 28 May, 2 June 2012. | 1,8 |
| **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** | | |
| | **Poposka H.**, Nikolovski M., Stanoev V., Petkovski D., Andreevski M. (2012). Influence of foliar fertilizing on yield and quality of corn grain, hybrid ZP 677. Yearbook of the Institute of Agriculture, Skopje. Scientific Forum „Rice and other crops in the region of Kochani-current situation | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | and future perspectives,, Kochani. Vol. XXVIII/XXIX (91-106). | |
| | Andreevski M., Andreevska D., Mukaetov D., **Poposka H**., Markoski M. (2012). Heavy metals concentrations in the soils from Kocansko Pole. Yearbook of the Institute of Agriculture, Skopje. Scientific Forum „Rice and other crops in the region of Kochani-current situation and future perspectives,, Kochani. Vol. XXVIII/XXIX (63-75). | 1,2 |
| | Марјан Андреевски, Душко Мукаетов, **Христина Попоска** (2012). Содржина на тешки метали во почви од Неготинско. Proceedings of the 4th Congress of Ecologists of Macedonia with International Participation Ohrid, Macedonian Ecological Society, str. 103-109. | 1,6 |
| | Marjan Andreevski, Dusko Mukaetov, Julijana Cvetković, Aleksandar Trendafilov, Ordan Cukaliev, **Hristina Poposka**, Tijana Sekuloska (2011). Remediation of flotation of copper mine „Bucim" Radovis. Soil protection activities and soil quality monitoring in South Eastern Europe. Sarajevo, Bosna and Herzegovina. | 1,2 |
| | Petkovski D., **Poposka Hristina** (2008/2009), Genezis and properties of vertisola from the area of Slavisko Pole. Anniversary yearbook of the Institute of agriculture – Skopje. vol.XXVI/XXVII (page 197-207). | 1,8 |
| | Andreevski M., Cvetković Julijana, **Poposka Hristina**, Mukaetov D., Petkovski D., Vasilevski K. (2008): Content of heavy metals (Fe, Cr and Ni) of rigosols distributed in the area of metalwork FENI. III Congress of Ecologists of the Republic of Macedonia, with International Participation, Struga, 06-09. 10 2007. Macedonian Ecological Society, (page 375-380), Skopje. | 1,2 |
| **Учество на научен/стручен собир со реферат (УСНА ПРЕЗ./ПОСТЕР)** | | |
| | **Poposka H**, Stojanova M., Mukaetov D., Andreevski M., Manevska-Kolevski M. (2015). Effect of foliar fertilization on corn grain quality. 2th International Symposium For Agriculture And Food (ISAF 2015). Symposium proceedings, pp.929-936. (постер) | 0,5 |
| | Mukaetov Dusko, **Poposka Hristina**, Andreevski Marjan(2014). Influence of absorbed salts on physical characteristics and water/air regime mollic vertic glaysoils in pelagonija valley. ECOST-MEETING-FA0901-090414-038154, 8-10 April, 2014, Porto, Portugal. (постер) | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Julijana Cvetkovic, Trajce Stafilov, Katerina Baceva, Danica Andreevska, Dobre Andov, **Hristina Poposka**, Slobodan Bandzo (2014). Genetic diversity of trace elements distribution in rice (Oryza sativa L.). Balcan agriculture Congress, 08-11 september 2014, Edrine, Turkey. (постер) | 0,5 |
| | **Hristina Poposka**, Marina Stojanova, Dusko Mukaetov, Silvana Manasievska Simik, Marjan Andreevski, Tijana S. Simonovikj (2014). Effects of foliar fertilization on microelements in maize leaf (Scientific Conference, Challenges in modern production). Institute of Agriculture. December 11, 2014, Skopje. (постер) | 0,5 |
| | Mukateov Dusko, Andreevski Marjan, **Poposka Hristina** (2013): Cation exchange capacity of hydromorphic black soils in Pelagonija. The 1st International Congress on Soil Science, XIII National Congress in Soil Science. Soil Science Society of Serbia, September 23 – 26th, 2013 Belgrade (page 580-589), Serbia. (постер) | 0,5 |
| | Andreevski Marjan, Mukaetov Duško, Hristovski Slavčo, **Poposka Hristina** (2013): Content of heavy metals in soils formed on limestone and dolomites on Jablanica mountain. The 1st International Congress on Soil Science, XIII National Congress in Soil Science. Soil Science Society of Serbia, September 23 – 26th, 2013 Belgrade (page 383-391), Serbia. (постер) | 0,5 |
| | **Poposka H.**, Nikolovski M., Stanoev V., Petkovski D., Andreevski M. (2012). Influence of foliar fertilizing on yield and quality of corn grain, hybrid ZP 677. Yearbook of the Institute of Agriculture, Skopje. Scientific Forum ,,Rice and other crops in the region of Kochani-currebt situation and future perspectives,, Kochani. Vol. XXVIII/XXIX (91-106). (усна презентација) | 1,0 |
| | Андреевски М., Мукаетов Д., Христовски С. **Попоска Христина** (2012). Содржина на тешки метали во мочурлово глејни почви од Ресенско Поле. XXXVII традиционално советување за заштита на растенијата на Р.Македонија, Охрид, 20-21.XII 2012. (усна презентација) | 1,0 |
| | Андреевски М., Андреевска Даница, Мукатов Д., **Попоска Христина**, Маркоски М. (2012). Содржина на тешки метали во почви од Кочанско ПОле. Научна трибина, Оризот и другите земјоделски култури во | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | кочанскиот регион-сегашна состојба и перспектива, Кочани, 9.11.2012. (усна презентација) | |
| | Андреевски М., Мукаетов Д., **Попоска Христина** (2012). Содржина на тешки метали во почви од Неготинско.4th Congress of the ecologist of Macedonia, with International participation, Ohrid 12-15 october 2012. (усна презентација) | 1,0 |
| | Mukaetov D., Andreevski M., Sekuloska Tijana., **Poposka Hristina**., Mincev I. Modeling of Soil Run-off in Golema River Catchment. BALWOIS 2012 - Ohrid, Republic of Macedonia - 28 May, 2 June 2012. (постер) | 0,5 |
| | D. Mukaetov, Silvana Stevkova, Suzana Alcinova Monevska, Aleksandra Atanasovska, **Hristina Poposka** (2012). Use of ISAREG Model as Approach for Optimization of Irrigation Scheduling of Maize. BALWOIS 2012 - Ohrid, Republic of Macedonia - 28 May, 2 June 2012 (постер) | 0,5 |
| | Андреевски М., Цветковиќ Јулијана, Мукаетов Д., **Попоска Христина**. Содржина на некои тешки метали во колувијални почви од Кочанско Поле. XXXVI традиционално советување за заштита на растенијата на Република Македонија, Охрид, 6-9 12.2011. (постер) | 0,5 |
| | Андреевски М., Цветковиќ Јулијана, Мукаетов Д., **Попоска Христина**. Содржина на некои тешки метали во ригосоли од Кочанско. XXXV традиционално советување за заштита на растенијата на Република Македонија, Охрид, 23-26. XI 2010. (постер) | 0,5 |
| | Marjan Andreevski, Dusko Mukaetov, Julijana Cvetković, Aleksandar Trendafilov, Ordan Cukaliev, **Hristina Poposka**, Tijana Sekuloska (2009). Remediation of flotation of copper mine „Bucim" Radovis. Soil protection activities and soil quality monitoring in South Eastern Europe. Sarajevo, Bosna and Herzegovina. (усна презентација) | 1,0 |
| **Апстракт објавен во зборник на конференција МЕЃУНАРОДНА/НАЦИОНАЛНА** | | |
| | Julijana Cvetkovic, Trajce Stafilov, Katerina Baceva, Danica Andreevska, Dobre Andov, **Hristina Poposka**, Slobodan Bandzo (2014). Genetic diversity of trace elements distribution in rice (Oryza sativa L.). Balcan | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | agriculture Congress, 08-11 september 2014, Edrine, Turkey. | |
| | **Вкупно:** | **105,9** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| **Експертски активности** | | |
| | Извештаи од агрохемиска анализа на почва за остварување на субвенции за 2011 година | 1,0 |
| | Извештаи од агрохемиска анализа на почва за остварување на субвенции за 2012 година | 1,0 |
| | Извештаи од агрохемиска анализа на почва за остварување на субвенции за 2013 година | 1,0 |
| | Извештаи од агрохемиска анализа на почва за остварување на субвенции за 2014 година | 1,0 |
| | Извештаи од агрохемиска анализа на почва за остварување на субвенции за 2015 година | 1,0 |
| | Извештаи од агрохемиска анализа на почва за остварување на субвенции за 2016 година | 1,0 |
| | Извештаи од хемиска анализа на ѓубрива во рамките на програмата за мониторинг на вештачки ѓубрива 2014 година | 1,0 |
| | Извештај од лабораториски анализи во рамки на проектот „Тешки метали во животната средина како последица на поранешни рударски и металуршки активности'' (2007). Земјоделски институт и JICA | 1,0 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** | | |
| | Член на уредувачки одбор на научната конференција на УКИМ, Земјоделски институт – Скопје – "Challenges in modern agricultural production", Скопје, декември 2014 година | 1,0 |
| **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | | |
| | Член на Стручниот совет за Законот за квалитет и безбедност на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, 2015-2017 при МЗШВ, Р Македонија | 1,0 |
| **Студиски престој во странство** | | |
| | Training Program on "Intensive Horticulture" MASHAV – CINADCO - The Center for International Agricultural Development Cooperation, Israel, 2013. | 0,5 |
| | Training Program at Soil and Agroecology Laboratory, Institute of Field and Vegetable Crops, November 2012. Novi Sad, R. of Serbia. | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | 3th International Course on Sustainable Management of Soil and Water Resources UTAEM, 2012. Izmir, Turkey. | 0,5 |
| | International Student Course on Integrated Water Resources Management (IWRM). The DRIMON Project – Interdisciplinary assessment of water resources management in two transboundary lakes in South Eastern Europe, 2009. Durus, Albania. | 0,5 |
| | Regional Training Course on Cytogenetics and in-vitro Techniques in Mutagenesis of Crop Plants and radiation-mediated Reconstruction of Plant Genome. International atomic energy agency (IAEA), 2009. Sofia, Bulgaria. | 0,5 |
| **Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект** | | |
| | Water for Food and Bioenergy. COST Association, Belgium. 2015 (соработник) | 1,0 |
| | Common plant protection strategies for sustainable management of water and soil. Interreg-IPA CBC. 2015 (соработник) | 1,0 |
| | Sustaining soil organic matter and topsoil from erosion risk aiming to efficient use of available resources and climate change resilience. BalkanMed. 2015 (соработник) | 1,0 |
| | **Вкупно:** | **15,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **71,4** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **105,9** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **15,5** |
| Вкупно | **192,8** |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**Проф. д-р Душко Мукаетов, с.р.**

**Проф. д-р Валентина Пеливаноска, с.р.**

**Проф. д-р Кирил Филипоски, с.р.**

РЕФЕРАТ

ЗА ПРЕДВРЕМЕН ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК/ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ВО ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Со Ваша одлука бр.02-202/3 именувани сме за рецензентска комисија за предвремен избор во звањето виш научен соработник/вонреден професор на доц. д-р Димитар Љоровски во состав: проф. д-р Марија Пандевска, проф. д-р Македонка Митрова и проф. д-р Наташа Котлар - Трајкова. По прегледувањето на доставената документација имаме чест до Советот на ИНИ да го поднесеме следниов

ИЗВЕШТАЈ

Доц. д-р Димитар Љоровски од 15 февруари 2009 година е редовно вработен во ЈНУ Институт за национална историја во Одделението за историјата на Балканот и на Македонија (1800–1914), каде што од целокупната негова приложена документација (во сите избори за соработничко и научни звања) може да се констира дека тој прераснува во субспецијалист за односите меѓу Кралството Грција и османлиска Македонија. Оваа основна историска база на сознанија, во одделни прилики, тој ја користи во своите пишувања и анализи во однос на современите релации меѓу Република Македонија и Република Грција. Бројните објавени статии на доц. д-р Д. Љоровски главно се базираат на ново изворно градиво и литература од грчка провениенција, но тие се вклопени во текстови кои се амалгам меѓу неговите анализи и досегашните сознанија на македонската историографија. Со овој пристап кон своето научно усовршување, доц. д-р Д. Љоровски вешто ги совладува и модерните теории за формирањето на нациите и национализмот. Оваа позиција му овозможува во своите анализи тој да може да дава еден концизен одговор на дел од комплексното прашање за суштината на значењето и потеклото на грчкиот и македонскиот национален идентитет следејќи ги неговите промени и варијабили меѓу религијата, јазикот и територијалноста. Така, доц. д-р Димитар Љоровски, во периодот од стекнувањето на звањето научен соработник/доцент до конкурирањето за стекнување на следното научно звање виш научен соработник/вонреден професор има објавено статии во историските списанија и научни зборници кои се секогаш во блиска конекција со областа од историјата на која тој веќе ја врши својата субспецијализација: македонско-грчките односи во периодот од

формирањето на грчката национална држава, па сè до денешницата. Објавените нови статии во овој период се: „Реформите на грчката образовна политика во османлиска Македонија“, *Историја*, бр.1, Скопје, 2013, 153-176; „Грчката мегали идеја и османлиска Македонија: појава, дилеми и флуктации“, *ГИНИ*, бр.1-2, Скопје, 2012, 71-88 (испечатен 2013 година); „Greek-Macedonian Struggle: The Reasons for its Occurrence“, *Macedonian Historical Review*, 3, 2012, 117-132 (објавено 2013 година); „The Naming of Macedonians by the Greek State (1946-1949): Options and Dilemmas“, *The Name issue revisited*, MIC, Skopje, 2012. (испечатено 2013 година); „Подготовките за започнување на грчката вооружена дејност во Македонија (1904-1908): разузнавачки мисии“, *Македоника*, Скопје, 2013, 96-103; „The Kingdom of Greece and the First Balkan War: Aspirations and Achievemenst“, *Security Dialogues*, Skopje, 2013, 59-71. (коавторство со д-р Страшко Стојановски).; „Грчката политика кон османлиска Македонија (1900-1903): Период на реорганизација и дуализам“, *Историја,* Скопје, 2014, 200-2018; „Создавање на грчката нација-држава: градење на нациолниот мит“, *ГИНИ,* Скопје, 2014, 105-120; „Раѓањето на македонската нација: етно-лингвистички и територијално-политички основи на македонскиот идентитет“, *Годишен зборник,* Универзитет „Гоце Делчев“, Правен факултет, Штип, 2014 (коавторство со д-р Страшко Стојановски); „Почетната дејност на митрополитот Каравангелис во Костурско и реакцијата на Македонската револуционерна организација“, *Македоника*, Скопје, 2015, 91-101; „Спорот за името меѓу Македонија и Грција: Македонскиот идентитет и употребата на терминот „Македонец“ во делот на Македонија под Грција“, *Општествените промени во глобалниот свет*, Зборник на трудови од Втората меѓународна научна конференција, Штип, 2015, 1005-1024 (коавторство со д-р Страшко Стојановски и Магдалена Николова); „Османлиска Македонија низ призмата на грчката политка“, *Македонски политолошки форум*, е-зборник на трудови, г.2, бр.5, септември 2015, 26-61 (коавторство со д-р Марјан Ивановски); „Загоричани: 25 март 1905 (по повод 110 години од андартскиот напад на селото)“, *ГИНИ*, Скопје, 2015, 109-122; „Еден документ за доселувањето на муслиманското население во Косово и Метохија, Црна Гора, Санџак и Босна и Херцеговина во Народна Република Македонија (1951-1956)“, *Зборник на трудови*, Битола, 2015, стр. 211-220 (коавторство со д-р Марјан Ивановски). Стилот на пишување на д-р Д. Љоровски е убаво писмено изразување со концизи реченици, и кога се работи за анализа и кога се работи за историски наратив.

Фактографијата и анализите се испреплетуваат во една убаво срочена целина, поткрепена со богата библиографија. Изворното градиво тој го користи аналитички и во корелација на целата достапна документација и литература.

Во периодот кој е предмет на нашата рецензија, доц. д-р Д. Љоровски ја има објавено и научно-публицистичката монографија насловена како: *Политичката реалност и изумирањето на митот за Давид и Голијат: Македонија и Грција на Балканот* (Скопје, 2014). Текстовите во овој труд опфаќаат поголем историски период, почнувајќи од првата половина на 19 век, па сé до актуелните состојби на грчко македонските-односи: период во кој двете нации поминале низ дијаметрално различни таректории на сопствениот национален развиток. Во овие текстови низ анализите на авторот всушност се проследуваат токму споредбениите разлики на овие национални траектории и судирот на различните политички концепции.

Доц. д-р Д. Љоровски со свои реферати настапувал на четири научни симпозиуми како од домашен, така од меѓународен карактер: Меѓународна научна конференција *Балканот: луѓе, војна и мир* (ИНИ, 4-5 ноември 2013 г.); Шестиот меѓународен собир во организација на Конзулатот на Р Србија во Македонија-Битола: *Афирмација, продлабочување и проширување на вековните културни врски меѓу Р Македонија и Р Србија* (Битола, 30-31 октомври 2015г.; Втора меѓународна научна конференција *Општествените промени во глобалниот свет*, (ГДУ – Штип и Државен универзитет во Воронеж, Штип, 3-4 септември 2015 г.) и *Илинден во историскиот континуитет и создавањето на македонската држава*, Научно-културни средби „Десет дена Крушевска република“, 3 август 2015 г., Крушево.

Она што во библиографијата на доц. д-р Д. Љоровски исто така привлекува внимание е долгогодишната плодна публицистичка дејност која тој ја работи и која е во врска со поширока дисеменација на историјата како наука пред пошироката и разновидна читателска публика. Имено, тој во периодот 2015–2016 година има објавено 30 свои написи во неделникот „Република“. Во сите овие написи, покрај историски теми, тој обработува и актуелни теми, одново од проблематката на македонско-грчките релации. Од останатата апликативна дејност може да се констатира дека доц. д-р Љоровски активно учествува во постдипломските и докторските студии на ИНИ преку одржување на настава, консултации, работа на акредитација на програми и како ментор

на магистерскиот труд на кандидатот Филип Вачков: „Артур Смит како извор за дејноста на ВМОРО“.

Доц. д-р Д. Љоровски учествувал во: „Проект за евидентирање, фотографирање, снимање и архивирање на видео материјали и разговори со Македонците протерани од Егејскиот дел на Македонија во XX век“, а како соработник се појавува и во индивидуалниот проект на проф. д-р Лилјана Гушевска: „Македонските лекарственици во XIX век“. Тој учествувал во Организациониот одбор на Меѓународниот летен семинар на ISHA одржан во Скопје од 6 до 12 јули 2015 година, на тема „History od the Screen: Historical Movies, Documentaries and TV Shows”. Доц. д-р Д. Љоровски бил научен секретар во редакацијата на научниот зборник „Руския императорски конзулат во Битола 1861-1915)“, Свети Николе, 2015. Кон неговата апликативна дејност се надодава и членувањето во Одборот за 2015 година за научноистражувачка работа при Советот на научно-културните средби „Десет дена Крушевска република“. Тој е активен член на Здружението на историчари на Република Македонија (ЗИРМ), а свои интервјуа дал за Интервју во МРТВ (2 август 2015) и Интервју за порталот Телграф (1 август 2014).

Од сето погоре изнесено станува јасно дека во случајот со доц. д-р Димитар Љоровски се работи за научен кадар кој своето научно усовршување го има сфатено како сеопфатност на комплетната дејност и како научен кадар и како интелектуалец на своето време. Од сите овие причини ни претставува чест и задоволство на Научниот совет на ЈНУ-ИНИ да му предложиме доц. д-р Димитар Љоровски да биде избран во звањето на виш научен соработник/вонреден професор.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Марија Пандевска с.р.

Проф. д-р Македонка Митрова с.р.

Проф. д-р Наташа Котлар – Трајкова с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# ПРИЛОГ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

Кандидат: **ДИМИТАР РИСТО ЉОРОВСКИ**
Институција: **ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА СКОПЈЕ**

| Реден број | Научноистражувачка (НИ), наставнонаучна (НН) и стручноапликативна дејност (СА) | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство |
| 1 | Монографија или научна книга | 6 | |
| 2 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание опфатено во СЦИ/ЦА/останати | 66 | |
| 3 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир | 14,6 | |
| 4 | Учество на научен собир со реферат | 4,7 | |
| 5 | Учесник во научен проект | 4 | |
| 6 | Член на редакциски одбор | 2 | |
| 7 | Член на комисија за оцена на подобност на тема и оспособеност на кандидат | 0,5 | |
| 8 | Учество во комисии и тела на државни и други органи | 2 | |
| 9 | Секретар/координатор на научен семинар/летна школа | 3 | |
| 10 | Настапи на радио/ТВ-емисии и други јавни настапи | 2 | |
| 11 | Колумни во медиуми | 15 | |
| 12 | Ментор на магистерски труд | 3 | |
| **МЕЃУЗБИР: 122.8** | **ВКУПНО : 122,8 поени** | | |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р Марија Пандевска, научен советник, с.р.
2. Проф. д-р Македонка Митрова научен советник, с.р.
3. Проф. д-р Наташа Котлар- Трајкова, научен советник, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК / ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ВО ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА - СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на ЈНУ Институт за национална историја - Скопје, објавен во весниците „Коха“ и „Утрински весник“ од 7 јули 2016, за предвремен избор во научно звање и врз основа на Одлуката на Советот на ЈНУ Институт за национална историја – Скопје, донесена на 57. редовна седница одржана на 22.7. 2016 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Никола Жежов, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје, проф. д-р Вера Гошева, редовен професор при ЈНУ Институт за национална историја - Скопје и проф. д-р Ленина Жила, редовен професор при ЈНУ Институт за национална историја - Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на виш научен соработник/вонреден професор при ЈНУ Институт за национална историја во предвидениот рок се пријави, како единствен кандидат, д-р Теон Џинго, научен соработник -доцент при Институтот за национална историја во Скопје.

### <u>**Биографски податоци и образование**</u>

Кандидатот д-р Теон Џинго е роден на 9 12 1981 година, во Скопје. Средно образование завршил во гимназијата „Орце Николов“ во Скопје во 2000 година. Дипломирал на Филозофскиот факултет во Скопје, при Институтот за историја во 2005 година, со просечен успех 8, 64.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик, а пасивно со германскиот јазик.

Во учебната 2005/2006 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Институтот за историја при Филозофскиот факултет во Скопје. Студиите ги завршил во 2008 година, со просечен успех 10,00. На 25 .12. 2008 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Идејата на Велика Британија за создавање на Балкански пакт (1938-1941 г.)* и се здобил со академскиот степен магистер по историски науки.

Докторска дисертација пријавил во 2009 година во ЈНУ Институт за национална историја - Скопје. Дисертацијата на тема: *Балканот во политиката на Велика*

*Британија во периодот помеѓу двете светски војни* ја одбранил на 28. 5.2013 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Тодор Чепреганов, проф. д-р Надежда Цветковска, проф. д-р Васил Јотевски, проф. д-р Ѓорѓи Чакарјаневски и проф. д-р Наташа Котлар - Трајкова. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област историски науки.

На 29 11 2013 година е избран во звањето доцент при ЈНУ Институт за национална историја - Скопје.

Во моментот работи како научен соработник - доцент при ЈНУ Институтот за национална историја - Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр.1064 од 1 11 2013 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата во 2009 година кога се вработил како асистент при ЈНУ Институт за национална историја - Скопје, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата**

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, на ЈНУ Институт за национална историја - Скопје, кандидатот д-р Теон Џинго е вклучен во наставата на вториот и третиот циклус студии на Институтот за национална историја (постдипломски и докторски) за учебната 2016/2017 година.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Теон Џинго, во рамките на научно истражувачката дејност во периодот од 2013 до 2016 година, има објавено вкупно 5 научни трудови од македонската и балканската историја, од кои 2 монографии и 2 научни статии во зборници од научни собири и 1 статија во зборник на трудови. Учествувал и на пет меѓународни научни конференции, од кои две во странство и три во Република Македонија.

*Наум Томалевски -Лоенгрин, Скопје, 2014,* претставува монографски труд кој е уникатен според контекстот бидејќи во целост е посветен на животот и делото на истакнатиот македонски револуционер и задграничен претставник на ВМРО. Трудот е

базиран врз необјавени историски документи, пред сè од архивите во Република Бугарија, но и неколку документи кои се наоѓаат во Државниот архив на Велика Британија. Преку критички однос кон изворите, но и цитираната бројна литература, д-р Теон Џинго дава детален биографски опис на овој македонски интелектуалец кој подолг временски период беше неправилно ставан на маргините на историографијата. Преку ликот и делото на Наум Томалевски, ги пренесува состојбите во македонската историја во периодот меѓу двете светски војни, но и состојбите во македонската историографија кога личностите од македонското минато неправилно беа поделени на подобни и неподобни. Монографскиот труд е прва книга објавена во националната и регионалната историографија која го обработува животниот пат и револуционерната дејност на Наум Томалевски. Книгата е дел од едицијата „Македонски дејци" во издание на Филозофскиот факултет во Скопје, а со поддршка на Министерството за образование и наука на Република Македонија.

*Велика Британија и Балканот (1919-1941), Скопје, 2016,* претставува комплексен историографски труд кој според својата содржина претставува спој на политичката, воената и дипломатската историја на балканските држави низ призмата на политиката на Велика Британија во меѓувоениот период. Монографијата изобилува со богат необјавен архивски материјал кој се наоѓа депониран во Државниот архив на Велика Британија, а богатиот архивски фонд е надополнет со монографии и зборници на документи објавени во државите на Балканскиот Полуостров, како и мноштво мемоари на директните учесници во тие процеси. Особено е значаен делот кој се однесува на Македонија и македонското прашање во политиката на Велика Британија и преку следење на историските процеси авторот направил паралела како се развивале тие односи, односно како Велика Британија и британската дипломатска и политичка елита, соочувајќи се со реалната слика на теренот, постепено го менувале својот однос кон Македонија и македонскиот народ.

Д-р Теон Џинго учествувал на следните научни конференции:

- Меѓународна конференција „Балканот: Луѓе, војни и мир“, Скопје, Македонија, 4-5 ноември 2013 г. ;
- Меѓународна конференција “Ethno-political Conflicts between the Adriatic and the Aegean in the 1940s“, Виена, Австрија, 2-3 јули 2014 г. ;
- Меѓународна конференција “*Guilt and Punishment. Societies Towards Settlement of the Crimes Committed by Totalitarian Regimes in the Years 1939-1956*“, Варшава, Полска, 2-3 октомври 2014 г. ;
- Меѓународна конференција „Евреите од Македонија: Историја, традиција, култура, јазик и религија“, Скопје, Македонија, 18-19 декември 2014 г. ;

- Меѓународна конференција „Дипломатските игри и депортацијата на Евреите од Македонија“, Скопје, Македонија, јануари 2015 г. .

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Теон Џинго активно е вклучен во стручно-апликативната работа и како резултат на тоа, во временскиот период од 2013 до 2016 година е автор или коавтор на 2 книги од стручна област и автор или коавтор на 5 делови од книги и поглавја . Голем дел од стручните книги на авторот се дел од едицијата „Македонски искушенија“.

*Велика Британија и Македонија, Грчкојугословенската федерација (1941-1942) – документи, избор, превод и редакција: д-р Тодор Чепреганов, д-р Теон Џинго, м-р Ирена Авировиќ, м-р Соња Николова и м-р Зоран Нечев,* претставува зборник на документи кои се однесуваат на преговорите помеѓу Грција и Југославија за создавање на заемна федерација со поддршка на Велика Британија во периодот пред пренесувањето на Втората светска војна на Балканскиот Полуостров до првите две години од вклучувањето на овој регион во глобалниот конфликт.

*Енциклопедија ВМРО (1893- 1934), главен редактор: Никола Жежов, редактори: Мирјана Нинчовска, Теон Џинго, Скопје, 2015,* е книга во која д-р Теон Џинго, заедно со останатите редактори по азбучен ред составил одредници кои ги објаснуваат сите најважни сегменти од историјатот на ВМРО: раководни личности, војводи, комити, конгресите на Организацијата, аферите, востанијата и псевдонимите. Под секоја одредница се наоѓаат посочени извори и литература што е драгоцено за секој историчар- истражувач, што од своја страна и дава уште поголема научна вредност и тежина на Енциклопедијата.

Особена активност д-р Теон Џинго покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручни комисии и работни групи при Министерството за образование и наука на Република Македонија и Министерството за култура на Република Македонија:

- член на Одборот за доделување на државната награда „11 Октомври“ при Министерството за култура;
- Комисија за нострификација на дипломи од полето на хуманистичките науки при Министерството за образование и наука.

Во периодот кој е предмет на анализа на овој извештај, д-р Теон Џинго одржал и низа предавања во Република Македонија и во странство, од кои особено се значајни следниве:

- предавања на бинационалните докторски студии на Универзитетот во Лајпциг, Германија , под наслов: "Republic of Macedonia and Greece - The name dispute“, април 2014 г.;
- предавање во Матица Хрватска под наслов: „Nekompatibilni saveznici: Unutrasnja makedonska revolucionerna organizacija i Hrvatska seljacka stranka“, 17 март 2016 г.

Д-р Теон Џинго е делегат на Република Македонија во научниот комитет при International Holocaust Remembrance Alliance, а учествувал во 4 национални и 2 меѓународни проекти:

- проект „Евидентирање, фотографирање, снимање и архивирање на видео материјали и разговори со Македонци протерани од Егејска Македонија во XX век“, Институт за национална историја и Кинотека на Македонија, 2010-2015 г.;

- проект „Македонија во странскиот печат“, Државен архив на Република Македонија, 2016-2020 г. ;

- проект „Врвови во светската филозофија, историја и психологија со психоанализа“, 2014-2018 г. ;

- проект „Превод на 1000 стручни книги и учебници, 2015-2017 г. ;

- Меѓународен проект „Дипломатските игри и депортацијата на Евреите од Македонија“, International Holocaust Remembrance Alliance и Дипломатски клуб од Скопје, 2014-2015 г. ;

- меѓународен проект "Oral history interviews of the Former Yugoslavia Witnesses Documentation Project in Macedonia“, United States Holocaust Memorial Museum - Washington, 2012-2015 г.

Д-р Теон Џинго учествувал во објавувањето на неколку преводи на стручна литература во улога на преведувач или стручен редактор:

- Група автори, *Црна книīа на комунизмоѿ,* превод и стручна редакција: доц. д-р Теон Џинго, Скопје, 2016 г. ;

- Питер Бурк, *Француска исѿориска револуција – Школаѿа Анали*, стручна редакција: доц. д-р Теон Џинго, Скопје, 2016 г.;

- Сабрина П. Рамет, *Балкански Вавилон*, стручна редакција доц. д-р Теон Џинго, Скопје, 2015 г.;

- Рој Медведев, *Сите луѓе на Сталин*, стручна редакција: доц. д-р Теон Џинго, Скопје, 2015 г. ;

- Е. Џ. Хобсбаум, *Нациите и национализмот од 1780*, стручна редакција: доц. д-р Теон Џинго, Скопје, 2015 г. ;

- Ернест Дамианопулос, *Македонците – нивното минато и сегашност,* превод и стручна редакција: доц. д-р Теон Џинго, Скопје, 2014 г.

Тој, заедно со проф. д-р Виолета Ачкоска, е еден од авторите на концептот, текстот и уредувањето на *Спомен- куќата на Татарчеви* која беше отворена во април 2016 година во Ресен.

Комисијата констатира дека д-р Теон Џинго остварил вкупно 103 поени по основ на научноистражувачка и стручноапликативна дејност и со тоа го надминал минималниот број на поени кој е неопходен за избор во звањето – виш научен соработник/ вонреден професор.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека д-р Теон Џинго во целост ги исполнува условите за предвремен избор во научното звање **виш научен соработник/вонреден професор** кои се пропишани со Правилникот за начинот и постапката за избор во повисоко научно звање, Правилникот за постапката и поблиските критериуми за предвремен избор во научни звања (Сл.весник на РМ бр.82/09) и Правилникот за утврдување на дополнителни критериуми за избор во повисоко научно звање и за предвремен избор во научно звање на ЈНУ Институт за национална историја.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на ЈНУ Институт за национална историја - Скопје, д-р Теон Џинго да биде избран во звањето **виш научен соработник/вонреден професор.**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Никола Жежов с.р.

Проф. д-р Вера Гошева с.р.

Проф.д-р Ленина Жила с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Теон Милан Џинго
(име, татково име и презиме)
Институција: ЈНУ Институт за национална историја
(назив на факултетот/институтот)

Научна област (дисциплина):
Историја

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. Број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Монографии:<br><br>1. Теон Џинго, Наум Томалевски - Лоенгрин, Скопје, 2014.<br><br>2. Теон Џинго, Велика Британија и Балканот, Скопје, 2016. | 16 |
| 2. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор<br><br>1. Teon Dzingo, "Goli Otok – Wyspa Smierci", во "WIna i Kara, Spoleczenstwa wobec rozlicen zbroddni popelnionych przez rezimy totalitarne w latach 1939-1956", Instytut Pamieci Narodowej, Warszawa, 2015 г., стр. 415-423. | 3 |
| 3. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир (автор):<br><br>2. Теон Џинго, „Македонската католичка лига“ во „Балканот: Луѓе, војни и мир – Материјали од | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | меѓународната научна конференција по повод 65 години од основањето на Институтот за национална историја, Скопје, 2015 г., стр. 463-473 | |
| 4. | Дел од монографија објавен во странство:<br><br>1. Teon Djingo, "Metodija Gogov" во "Religious persecution during communism", Ed. Thomas Bremer; University of Munster, Germany, 2014 г. | 6 |
| 5. | Учество на научен стручен собир со реферат/усна презентација<br><br>1. Меѓународна конференција „Дипломатските игри и депортацијата на Евреите од Македонија", Скопје, Македонија, јануари 2015 г.<br>2. Меѓународна конференција „Евреите од Македонија: Историја, традиција, култура, јазик и религија", Скопје, Македонија, 18-19 декември 2014 г.<br>3. Меѓународна конференција "Guilt and Punishment. Societies Towards Settlement of the Crimes Committed by Totalitarian Regimes in the Years 1939-1956", Варшава, Полска, 2-3 октомври 2014 г.<br>4. Меѓународна конференција "Ethno-political Conflicts between the Adriatic and the Aegean in the 1940s", Виена, Австрија, 2-3 јули 2014 г.<br>5. Меѓународна конференција „Балканот: Луѓе, војни и мир", Скопје, Македонија, 4-5 ноември 2013 г. | 5 |
| 6. | Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет | 3 |
| 7. | Одржано предавање на семинар | 5 |
| 8. | Раководител на национален научен проект | 6 |
| 9. | Учесник во национален научен проект | 12 |
| 10. | Учесник во меѓународен научен проект | 10 |
| | Вкупно | 68 |

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Книга од стручна област (коавтор): | 7 |

| | | |
|---|---|---|
| | 1. Велика Британија и Македонија, Грчкојугословенската федерација (1941-1942) – документи, избор, превод и редакција д-р Тодор Чепреганов, д-р Теон Џинго, м-р Ирена Авировиќ, м-р Соња Николова и м-р Зоран Нечев, Скопје, 2013 г. | |
| 2. | Речник или стручна енциклопедија (автор):<br><br>2. Енциклопедија ВМРО (1893- 1934), главен редактор Никола Жежов, редактори: Мирјана Нинчовска и Теон Џинго, Скопје, 2015. | 6 |
| 3. | Поглавје во книга (автор):<br><br>1. Теон Џинго, „Предавствата во македонското револуционерно дело (1893-1903)", Едиција „Македонски искушенија", во печат.<br>2. Теон Џинго, „Најзначајните личности од Егејскиот дел на Македонија", Едиција „Македонски искушенија", во печат.<br>3. Теон Џинго, „Македонија се сеќава", Едиција „Македонски искушенија", во печат. | 9 |
| 4. | Поглавје во книга (коавтор):<br>1. Теон Џинго, Мирјана Нинчовска, „Предавствата во македонското револуционерно дело (1903-1919)", Едиција „Македонски искушенија", во печат. | 2 |
| 5. | Превод на книга/учебник | 6 |
| Дејности од поширок интерес | | |
| 1. | Учество во комисии и тела на државни и други органи:<br><br>Член на комисија за нострификација на дипломи од полето на хуманистичките науки при МОН на РМ | 1 |
| 2. | Учество во комисии и тела на државни и други органи:<br><br>Член на Одборот за доделување на државната награда „11 Октомври" при Министерството за култура на РМ | 1 |
| 3. | Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | Изготвување и пријавување на научен национален проект | 1 |
| | Вкупно | 35 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 68 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 35 |
| Вкупно | 103 |

Членови на Комисијата

4. Проф.д-р Никола Жежов, претседател с.р.

5. Проф.д-р Вера Гошева, член с.р.

6. Проф.д-р Ленина Жила, член с.р.

# ПРЕГЛЕД

# НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

## ТРЕТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ-СТУДИСКА ПРОГРАМА *КУЛТУРНА ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА*

| Р.бр. | Име и презиме на кандидатот | Наслов на темата на македонски јазик | Наслов на темата на англиски јазик | Име и презиме на менторот | Датум и број на одлука на научниот совет за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | М-р Наташа Диденко | Развојот и дејноста на музичките културно-уметнички организации и манифестации во Македонија | The Development and Activity of the Musical Cultural-Artistic Organizations and Manifestations in Macedonia | Проф. д-р Билјана Ристовска-Јосифовска | 10-65/4 од 8.7.2016 |
| 2. | М-р Вортик Кналијан | Ерменците во Македонија (културно-историски аспекти) | Armenians in Macedonia (Historical and Cultural Aspects) | Проф. д-р Драги Ѓоргиев | 10-68/4 од 8.7.2016 |

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ОЦЕНА НА ДО КТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЗАВИСНОСТА ОД ГЛОБАЛНИТЕ МЕДИУМИ КАЈ НАДВОРЕШНОПОЛИТИЧКОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ВЕСНИЦИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА, СЛОВЕНИЈА И СРБИЈА (1983-1989-2013) " ОД М-Р БОЈАН БЛАЖЕВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО СКОПЈЕ

Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, на седницата одржана на 18.5.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Бојан Блажевски со наслов „Зависноста од глобалните медиуми кај надворешнополитичкото известување на весниците од Македонија, Словенија, и Србија (1983-1989-2013)", во состав: проф. д-р Мирјана Најчевска (претседател), проф. д-р Лидија Христова (ментор), проф. д-р Мирјана Малеска (надворешен член), проф. д-р Петар Атанасов (член) и вонр. проф. д-р Анета Цекиќ (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Бојан Блажевски, со наслов „Зависноста од глобалните медиуми кај надворешнополитичкото известување на весниците од Македонија, Словенија, и Србија (1983-1989-2013)", содржи 308 страници компјутерски обработен текст во фонт Georgia, со 1,5 проред и големина на букви 12, со бројни табели и графикони, со 162 библиографски единици користена литература, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси. На крајот, поместени се и прилози во кои табеларно се презентирани интегралните емпириски резултати од квантитативната анализа на содржина на весниците од примерокот, како и инструментите со помош на кои е реализирано истражувањето.

Трудот е поделен во два дела, теоретски и емпириски, а тие пак се структурирани во 8 глави, на кои им претходи вовед, а на крајот се презентирани заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, истражувачките прашања, методите на истражувањето, како и структурата на трудот. Проблематизирајќи го прашањето за надворешнополитичкото известување, кандидатот укажува на значајноста на изворите на информации, кои во медиумскиот материјал ја имаат улогата на посредник, кој преку селекцијата и врамувањето на настаните ги изразува своите вредности, интереси и идеологија. Отсуството на сопствен квалификуван (дописнички) кадар, кој притоа ги почитува новинарските стандарди, создава услови медиумските куќи да се потпрат на медиумите од странство, првенствено на глобалните медиуми, кои на тој начин прераснуваат во неприкосновени глобални центри на моќ, обликувајќи го јавното мислење и влијаејќи на јавните политики на поодделните актери на меѓународната сцена. Целта на овој истражувачки труд е да се осознае до кој степен дневните весници од Македонија, Словенија и од Србија се под влијание на странските медиумски куќи, пред сѐ глобалните медиуми, кога станува збор за меѓународните настани. Компаративното истражување има регионална и историска димензија, со цел да се утврди влијанието на различните општествени системи (социјализмот и демократијата) врз надворешнополитичкото известување, но и влијанието на

спецификите од социоекономски, културен и од медиумски аспект, кога станува збор за различните држави од нашиот примерок.

**Првата глава** од докторската дисертација е насловена „Историски развој на глобалните медиуми“. Во неа се анализирани комплексниот и противречен процес на глобализација и појавата и развојот на глобалните новински агенции од втората половина на XIX век до денес. Индиректно поврзани со своите влади, Оливер Бојд-Барет, Терхи Рантанен, Едвард Херман, Роберт Мекчесни, Анабел Среберни и Даја Кишан Тхусу тврдат дека агенциите го завладеале светот уште во текот на XIX век, а благодарение на нивната соработка во меѓународни рамки, формирана е медиумска хиерархиска пирамида, на чиј врв се наоѓаа исклучително мал број на медиуми. Притоа, тие го контролираа протокот на информации во целиот свет, воспоставувајќи клучно влијание над националните агенции. Импозатните бројки кои укажуваат на нивното функционирање (финансиски резултати, број на претплатници, организациона структура, број на новинари/соработници, го објаснува фактот зошто тие се неприкосновени во светот на информациите. Критиките кон глобалните новински агенции се тесно поврзани со длабоките поделби во меѓународни рамки (Источен и Западен блок и Движењето на неврзаните земји). Критиките се движат во насока дека постојниот проток на информации се карактеризира со сериозна неадекватност и неурамнотеженост, при што повеќето земји се наоѓаат во улога на пасивни приматели на информации. Поради ова, глобалните медиуми се перцепираат како остатоци од некогашното колонијално владеење на европските сили над остатокот од светот. Во последните децении на XX век, овие критички ставови се проширија кон укажување за широките политички импликации од ваквиот меѓународен проток на информации, поради што се бараше воспоставување на нов светски комуникациски и информациски поредок. Поради поларизираните ставови и интереси на политичките актери на меѓународната сцена, тој никогаш не беше воспоставен.

**Втората глава** со наслов „Врската меѓу глобалните медиуми и надворешната политика на големите земји“ има за цел да ни ги презентира најзначајните теориски размислувања за односот меѓу глобалните медиуми и надворешната политика на големите земји. Најпрво се претставени размислувањата на радикалните критичари (главно припаѓаат на левицата), според кои медиумите се практично претворени во пропагандни машинерии на политичките и економските елити. Во овој корпус е претставен пропагандниот модел на Ноам Чомски и Едвард Херман. Веднаш по неа, докторандот Бојан Блажевски ја посочува индексирачката теорија на Ленс Бенет, кој посочува дека континуираните интеракции меѓу новинарите и политичарите се нормални појави во едно демократско општество, кадешто самите политичари се избрани претставници на граѓаните во државната власт. Бенет развива неколку состојби во кои може да се најде меѓународното известување, нагласувајќи дека медиумите се стремат да го поддржат консензусот во ситуација на општа согласност на владејачките елити за одредена тема.

Наспроти принципите на пропагандниот модел и на индексирачката теорија, кои го потенцираат влијанието на политиката и капиталот врз медиумите, во поново време вниманието на научната јавност го привлече една нова теорија (теоријата за Си-ен-ен ефектот), чии застапници (Пјер Робинсон, Џозеф Нај, Стивен Ливингстон) укажуваат на решавачкото влијание на медиумското известување врз донесувањето на надворешнополитичките одлуки на државите. Теоретичарите го поставуваат прашањето за професионализмот на новинарите и за нивната самосвест за општествената мисија како решавачки фактори кои ја овозможуваат релативната автономност на медиумите при известувањето. Моќта на новинарот е изразито зголемена во услови на покривање на глобални настани во реално време, со помош на напредните комуникациски технологии.

Во секој случај, при евалуирањето на односот медиуми – надворешна политика, аналитичарите треба да ја земат предвид комплексноста на општествените односи, но и комплексноста на технологијата на продуцирање на информацијата, заклучува Блажевски, доколку се сака да се избегне еднострaноста во заклучувањето.

Во текстот се презентирани бројни примери од литературата за крајно неизбалансирано, пропагадно дејствување/известување на глобалните медиуми, поврзано со големите меѓународни конфликти (Заливската војна, инвазијата на Ирак, Авганистан, Косовската криза итн.), со што се илустрира создавањето на медиумската реалност во функција на стратешките интереси на големите сили во светот, првенствено на Соединетите Американски Држави. На крајот од втората глава, разработени се новинарските алатки што се користат при спроведувањето на поддршката или доведувањето под знак прашање на надворешната политика од страна на меѓународното известување (гејткипинг, агенда-сетинг, теорија за врамување).

**Третата глава** од дисертацијата носи наслов „Надворешната политика на подрачјето на некогашната СФР Југославија". Блажевски најпрво ги презентира основните приоритети на надворешната политика на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, што се дефинирала на сојузно ниво и била заедничка за сите единици на федерацијата под влијание на процесите и односите на меѓународната сцена (судирот на Сталин и Информбирото, создавањето на нови и независни држави како резултат на процесот на деколонизацијата, процесите на економско, а потоа и политичко обединување на Европа, и се разбира, остратa поларизација помеѓу Источниот и Западниот блок, како константа на меѓународните односи во втората половина од XX век). Анализата на документите, говорите на политичарите, но и на литературата која се однесува на надворешната политика на СФРЈ укажуваат дека една од константите во нејзината надворешна политика била одржувањето на еден балансиран однос (и дистанца) кон двата спротивставени блока, што ќе и овозможи на државата да го задржи својот социјалистички/комунистички карактер, но и да развие бројни облици на економска, политичка и културна соработка со земјите ширум светот, вклучувајќи ги и оние од развиениот Запад. Во ова светло треба да се набљудуваат и напорите што ги правела СФРЈ за основање и развивање на Движењето на неврзаните земји, чијшто активен член била од неговото основање.

Со распаѓањето на заедничката држава на почетокот од 90-тите години на XX век, секоја од новонастанатите држави формулирала своја надворешна политика. Освен глобалните процеси, на таквите политики влијаеле внатрешните процеси на демократска консолидација, позиционирањето на државите во однос на европските интеграции, како и позиционирањето во однос на случувањата во регионот. Во таа смисла, помеѓу надворешните политики на Македонија, Словенија и Србија постојат сличности, но и значајни разлики.

Во споредба со останатите републики што произлегоа од СФРЈ, Република Словенија прва го започна процесот на европска и евроатлантска интеграција, како нејзин стратешки интерес јасно и недвосмислено формулиран уште во почетокот на 90-тите. Насочувајќи ги своите напори во тој правец и истовремено дистанцирајќи се од случувањата на Балканот во 90-тите години, Словенија станува полноправна членка на НАТО и на Европската унија во пролетта 2004 година. Со зачленувањето во овие меѓународни организации, словенечката надворешна политика станува интегративен дел на Заедничката европска надворешна и безбедносна политика на ЕУ и на обврските што оваа земја ги презеде со Вашингтонскиот договор. Во поново време, таа прави нов исчекор во својата надворешна политика, констатира Блажевски, враќајќи се на соработката со земјите од Балканот, но и насочувајќи ги своите напори за соработка, особено на економски план, со брзорастечките економии во светот.

За разлика од Словенија, Република Македонија се соочи со проблемите во своето меѓународно признавање и зачленување во регионалните и меѓународните организации и здруженија. Причината за тоа беше познатиот спор со нејзиниот јужен сосед околу името на државата. Тој спор што не се разреши повеќе од две децении беше и една од основните причини (другите беа поврзани со внатрешното консолидирање на демократијата) што го попречуваше нејзиното интегрирање во европските и

евроатлантските структури, кои што Македонија ги прогласи како стратешки интереси и приоритети во нејзината надворешна политика уште од своето осамостојување.

Според актуелните документи на Министерството за надворешни работи на РМ, четирите надворешнополитички приоритети остануваат членството во НАТО, добивањето на датум за полноправни преговори за членство во Европската унија, надминувањето на прашањето за името на државата што Македонија го има со својот јужен сосед и засилување на економската и јавната дипломатија.

Кога станува збор за надворешната политика на Република Србија, нејзиниот развоен пат е специфичен првенствено поради изразитиот национализам во 90-тите години на XX век, кој ја втурна земјата во директна и индиректна вмешаност во крвавите конфликти во Босна и Херцеговина, Хрватска и Косово. За разлика од другите земји во регионот, Србија во тој период изгради блиски односи со Русија и Кина, а конфронтациите со ЕУ и НАТО кулминираа со бомбардирањето на Србија и Косово во 1999 година. По заминувањето на Слободан Милошевиќ од власта (2000 година), интегрирањето на земјата во ЕУ структурите стана еден од приоритетите на земјата, додека во однос на интегрирањето во НАТО постојат спротивставени мислења во јавноста.

**Четвртата глава** со наслов „Медиумските системи на подрачјето на некогашната СФР Југославија“ е посветена на анализирање на медиумските системи на земјите вклучени во истражувачкиот примерок. Кандидатот најнапред се задржува на медиумскиот систем на некогашна СФРЈ, кој според класификацијата на Зиберт, Питерсон и Шрам, би можел да се вклучи во советско-комунистичката доктрина на функционирање на медиумите, кој се карактеризира со монопол на партијата над државата и над сите сфери на општественото живеење. Сепак, југословенскиот самоуправен систем бил полиберален во однос на останатите комунистички системи што се одразило и на медиумскиот систем – тој бил децентрализиран, програмите се емитувале на секој од јазиците што се говореле во републиките, биле прикажувани програми произведени на Запад, а дел од финансиите доаѓал и од реклами. На сојузно ниво, единствено била организирана новинската агенција „Танјуг“. Покрај класичната поделба на медиумските системи, Блажевски ја посочува нивната актуелна анализа во европски рамки од страна на Даниел Халин и Паоло Манчини, кои вршат поделба на три главни модели – либерален, демократско корпоратистички и поларизиран плуралистички.

По осамостојувањето на Република Македонија, нејзиниот медиумски систем се развивал доста стихијно. Паралелно со приспособувањето на дотогашните државни медиуми со новонастанатите околности, на медиумскиот пазар се појавиле голем број на приватни медиуми, во услови на непостоење на соодветна регулатива и институционална инфраструктура што нив ќе ги контролира. Советот за радиодифузија бил основан дури во 1997 година, а регулативата донесена со задоцнување никогаш не била целосно испочитувана, констатира кандидатот. Овој своевиден бум на медиумскиот пазар не бил проследен со соодветно почитување на слободата на изразување и новинарски професионализам. Според рангирањето за медиумските слободи на „Репортери без граници“, Македонија се наоѓа на 116. место, додека „Фридом хаус“ ја сместува оваа земја на 123. место (податоците се однесуваат за 2013 година).

Развојот на медиумскиот систем во Словенија се одвивал во сосема друга насока. Според Славко Сплихал, тој бил цврсто раководен од пазарната економија, но и од самата држава која застанала зад идејата за негова регулација, што овозможило постепен, и во исто време, поорганизиран пристап во развојот. За разлика од Македонија, не се појавиле толку голем број на медиуми, но затоа пак развојот на професионалното новинарство, слободата на изразување и финансиското работење на медиумите се движеле во нагорна линија. Според рангирањето за медиумските слободи на „Репортери без граници“, Словенија се наоѓа на 35. место, додека „Фридом хаус“ ја сместува оваа земја на 43. место (податоците се однесуваат за 2013 година), оставајќи зад себе добар дел од европските земји.

Во развојот на медиумскиот систем на Србија има два периода – до 2000 година и по неа. Во првиот период, медиумите за време на владеењето на Слободан Милошевиќ биле строго контролирани од власта, имало забрани за работа и затворање на опозициски медиуми и убиства на новинари. По 2000 година, со промените во политичкиот систем настанале значајни промени и во медиумите. Од аспект на финансиското работење, започнал процес на приватизација и комерцијализација, процесот на либерализација станувал повидлив, но финансирањето на медиумите е нетранспарентно и натаму останува една од неговите слаби точки. Кога станува збор за медиумските слободи, Србија е рангирана на 63. место според „Репортери без граници“, а според „Фридом хаус“ таа се наоѓа на 76. место (податоци за 2013 година).

**Во петтата глава** е опширно елабориран методолошкиот период во изготвувањето на дисертацијата. Авторот најнапред го идентификува и го формулира проблемот на истражувањето, а потоа ги дефинира предметот и неговите цели. Покрај основната цел на трудот, а тоа е добивање на сознанија за зависноста од глобалните медиуми кај надворешнополитичкото известување на медиумите од Македонија, Словенија и Србија, кандидатот напоменува дека во рамките на трудот се поставени неколку научни, методолошки и практични цели. Една од научните цели е актуализирањето и своевидното тестирање на тврдењето во литературата за доминацијата на глобалните медиуми при известувањето за меѓународните настани кај медиумите на национално и локално ниво, кои поаѓаат од теоријата за еднонасочен проток на информации, што доведува до поделба на светот на комуникациски центар и комуникациска периферија. Потоа, со истражувањето треба да се потврдат или отфрлат присутните тврдења за поврзаноста на стратешките интереси и цели на надворешната политика на државите и меѓународното известување на медиумите, и тоа во случајот на некогашна СФР Југославија наспроти независните држави Македонија, Словенија и Србија.

Методолошката цел на истражувањето е натамошното развивање и афирмирање на познатите истражувачки техники – квантитативната анализа на содржина, полуструктурираното отворено интервју и критичката дискурзивна анализа, како и согледувањето на предностите од нивната комплементарна примена.

Кандидатот идентификува две практични цели на истражувањето. Првата е добивање на научни сознанија за зависноста од глобалните медиуми во случаите на надворешнополитичко известување, тема што е маргинализирана во политиколошката и комуниколошката мисла во Македонија, но и во регионот. Втората практична цел би се однесувала на употребата на сознанијата од истражувањето во насока на надминување на (евентуално) детектираните слабости во меѓународното известување, односно за градење на политики во медиумските куќи за поквалитетно информирање. Во продолжение, кандидатот ги дефинира поимно-категоријалниот апарат, хипотетската рамка на истражувањето, методите, како и примерокот и инструментите на истражувањето.

**Емпирискиот дел** од докторската дисертација е одвоен и поместен во три глави. **Во првата глава** со наслов „Квантитативна анализа на надворешнополитичкото известување на весниците од Македонија, Словенија и Србија (2013-1989-1983)“, поместена е анализата на зависноста од глобалните медиуми кај надворешнополитичкото известување од историска и од регионална перспектива. Заедно со оформените резултати од квантитативната анализа на содржина, во оваа глава се поставени клучните сознанија добиени од спроведените полуструктурирани отворени интервјуа со новинари кои работеле во медиумите, вклучени во квантитативниот примерок на истражување. Покрај со текст, емпириските резултати се претставени со табели и графикони кои подетално ја визуелизираат, опишуваат и следат пишаната содржина. Погледнато од овој аспект, во самиот текст најпрво следува историската споредба на податоците одделно за секој од весниците „Нова Македонија“, „Вечер“, „Дело“ и „Политика“, а потоа се врши регионална анализа на меѓународното известување на весниците за секој период одделно.

**Во втората глава** од емпирискиот дел со наслов „Анализа на надворешнополитичкото известување на „Нова Македонија“ и „Дневник“ за соборувањето од власт на египетскиот претседател Мохамед Морси“ се вклучени истражувачките резултати од спроведената критичка дискурзивна анализа на еден сегмент од македонскиот дневноинформативен печат за известувањето за конкретен меѓународен настан – соборувањето од власт на египетскиот претседател Мохамед Морси во јули 2013 година.

Добиените резултати од квантитативната анализа на содржина, критичката дискурзивна анализа и полуструктурираното отворено интервју овозможуваат **во третата глава** од емпирискиот дел да се поврзе и интерпретира теориската граѓа со она што е добиено како истражувачки резултати во рамките на дисертацијата. Укажаните врски меѓу глобалните медиуми и државните раководства во кои тие се основани беа докажани преку спроведеното истражување. Одредени емпириски сознанија добиени за македонските, словенечките и српските дневни весници се многу блиски до резултатите што пред неколку децении беа оформени во истражувањата на УНЕСКО за комуникациските проблеми во светот. Во оваа глава се укажува дека емпириските резултати, дури и од медиумите во овој дел на Европа, може да ги потврдат теориските согледувања на врвните научници. Во дискусијата се поместени тврдењата на Ник Дејвис, Елизабет Бирд и на Роберт Мекчесни во однос на актуелната ерозија на новинарството во развиените медиумски системи од земјите на западниот свет, чии тврдења се поклопуваат со истражувачките резултати од самиот докторат. Оформената емпириска анализа од регионална перспектива покажува дека структурната теорија на империјализмот на Јохан Галтунг со поделба на светот на центар и периферија има и понатаму длабока актуелност денес. Ваквата поделба во меѓународни рамки може да се исцрта и на подрачјето на некогашна Југославија, со Словенија и нејзините медиуми како припадници на комуникацискиот центар на светот. Плурализмот на темите што се покриваат, сеопфатното третирање на меѓународните настани од различни делови на светот и достапноста до многубројни извори на информации кај содржините на „Дело“ се квалитативен исчекор на позицијата „комуникациски центар“, наспроти периферијата во која е сместена Македонија во моментов. Конечно, со истражувањето се откри дека втемелените разлики во медиумските системи на европско ниво, според изнесените параметри на Даниел Халин и Паоло Манчини, оставаат длабоки последици врз секојдневното функционирање на меѓународното известување во весниците од Македонија, Словенија и од Србија. На едно резимирано ниво, надворешнополитичкото информирање претставува сегмент од медиумското работење за кое е неопходно одвојување на значителни финансиски средства и оформен професионален кадар, кои медиумите од Македонија, Србија и Словенија не се наоѓаат во позиција да си го овозможат на идентичен начин.

На крајот од докторската дисертација, поместени се **заклучни согледувања** во однос на истражуваната тема. На поставените четири хипотези во хипотетската рамка и на поставените истражувачки прашања се дава одговор со добиените емпириски резултати. Оформената методологија се покажа како добра основа за спроведување на целокупниот истражувачки процес, која доведе до можноста за историска и регионална споредба на податоците и до високо процент на докажување на поставените тврдења. Емпириските резултати речиси целосно ја докажаа првата хипотеза. Според м-р Бојан Блажевски, надворешнополитичките рубрики на весниците „Нова Македонија“, „Вечер“, „Политика“ и „Дело“ во изданијата од 2013 година имаат голема индиректна зависност од глобалните медиуми, што може да се согледа од мнозинското присуство на текстови што третираат теми од северните континенти и региони на Земјината топка, но и од мноштвото на текстови што покриваат негативни теми за земјите лоцирани на јужните континенти и региони од светот. Директната голема зависност од глобалните медиуми е докажана за објавениот фотографски материјал кај весниците „Дело“ и „Политика“, додека кај македонскиот дневноинформативен печат е невозможно да се определи ваквата зависност поради необјавувањето на изворите на информации од самите

редакции. Во делот на текстуалниот материјал, постои значително мала директна зависност од глобалните медиуми кај изданијата на сите весници во изданијата од 2013 година, што се должи на користењето на националните медиуми и сопствен редакциски кадар како извори на информации и на необјавувањето на медиумот од каде е преземен написот.

Во заклучокот од докторатот, се посочува дека е делумно потврдена втората хипотеза. Со истражувањето се потврди дека директната зависност од глобалните медиуми е мала кај текстуалниот и фотографскиот материјал од изданијата на весниците „Нова Македонија“, „Вечер“, „Политика“ и „Дело“ од 1983 и 1989 година. Кај словенечкиот весник „Дело“ се потврди дека постои мала индиректна зависност од глобалните медиуми и во двата периоди, поаѓајќи од резултатите кои покажуваат урамнотеженост во третманот на позитивните и негативните теми од јужните континенти и региони на Земјината топка, но значително поголема избалансираност во известувањето за земјите од северните делови на светот, наспроти земјите во развој и неразвиените земји од Југот на Земјината топка. Кај останатите весници „Нова Македонија“, „Вечер“ и „Политика“ е констатирана голема индиректна зависност од глобалните медиуми и во отпечатените броеви од 1983 и 1989 година.

Во делот на третата истражувачка хипотеза, со добиените емпириски резултати се покажа дека не може во целост да се докажат изнесените тврдења во хипотезата. Методот квантитативна анализа на содржина има недоволна моќ да ја определи причинско-последичната врска помеѓу промената на стратешките надворешнополитички приоритети на државите од некогашна Југославија и меѓународното известување на националните дневни весници од овие држави. Неопходно е самата хипотеза да се редефинира, и повторно да се постави како тврдење во некое наредно истражување во кое ќе се користат други методи на истражување.

Во делот на четвртата истражувачка хипотеза, целосно е докажано изнесеното тврдење. Кандидатот м-р Бојан Блажевски посочува дека зголемената и повеќестрана зависност од глобалните медиуми во надворешнополитичките рубрики на весниците „Нова Македонија“ и „Дневник“ во изданијата од 2013 година може да се согледа преку непрофесионалното, неизбалансираното и идеологизираното известување во објавените текстови за конкретен меѓународен настан – соборувањето од власт на египетскиот претседател Мохамед Морси. Во заклучокот од докторатот се поместени неколку препораки за натамошен развој на надворешнополитичкото известување кај дневните весници во Македонија и регионот, како и насоки за натамошно истражување на проучуваната тема.

## Предмет на истражување

Предмет на истражувањето е определување на зависноста од глобалните медиуми кај надворешнополитичкото известување на медиумите преку осознавање на изворите на информации на објавените медиумски содржини во дневноинформативниот печат, утврдувањето на континентите и регионите од каде што потекнуваат публикуваните текстови, нивната жанровска припадност и темите што се опфатени при информирањето за настаните од јужните континенти и региони. Компаративната анализа на медиумите е заснована на квантитативно емпириско истражување на две нивоа. Поаѓајќи од различниот степен на севкупен развој на земјите што произлегоа од поранешната СФР Југославија, во истражувањето беа вклучени медиумите од Словенија, Србија и од Македонија. Второто ниво на компарација во овој труд е историската димензија на надворешнополитичкото известување на дневните весници во два различни општествени система, кои се карактеризираат со големи спротивности во однос на воспоставените политички и економски системи, стратешките интереси и цели на надворешната политика и развојот на медиумскиот систем, вклучувајќи ја и функцијата на медиумите во општеството.

## Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Надворешнополитичкото известување на подрачјето на Република Македонија се појавува по Втората светска војна, со излегувањето од печат на дневниот весник „Нова Македонија“. Во децениите што следат од втората половина на XX век, овој весник заедно со изданијата на „Вечер“ претставуваа главниот начин за информирање на македонската јавност за случувањата надвор од подрачјето на СФР Југославија. По осамостојувањето на нашата земја, значително се зголеми бројот на изданија во доменот на дневноинформативниот печат, но и се постави клучното прашање за квалитетот на меѓународното известување во македонските печатени медиуми. За да се оформи пореална и целовита слика за медиумското покривање на меѓународните настани, беше значајно развојот на меѓународното истражување да се погледне од историски и од регионален аспект.

Истражувањето на врската на политиката и медиумите во Република Македонија е недоволно истражено подрачје, поаѓајќи првенствено од недоволниот развој на комуниколошките студии и непостоењето на подолготрајна научна традиција и соодветни услови за спроведување на медиумски студии. Поаѓајќи од ваквата актуелна состојба, не е за изненадување фактот дека не постои адекватна стручна литература и изготвени истражувачки трудови што ја третираат зависноста од глобалните медиуми врз надворешнополитичкото известување кај македонските медиуми. Постојат две клучни слабости на подрачјето во кое е работена докторската дисертација. Како прво, во Македонија не постои развиено академско искуство за спроведување на споредбени истражувања со други странски земји на одредена тема, но опстојува и неразвиеност во апликацијата на повеќе истражувачки методи при проучувувањето на зададената тема. Во таа смисла, оваа докторска дисертација се обидува да воведе новина во научното работење во нашата земја, посочувајќи на нужноста дека е неопходно спроведувањето на истражувања на медиумите да се издигне на меѓународно ниво, со напредно користење на истражувачките методи.

Во однос на темата на истражување, влијанието на глобалните медиумски куќи врз медиумите на национално и на локално ниво во Република Македонија е иницирано како истражувачки потфат од самиот автор Бојан Блажевски во изминативе неколку години. На пошироко регионално ниво, темата на истражување на овој докторат е веќе проучувана и сериозно истражена од страна на словенечки научници, особено во периодот на поранешна СФР Југославија. Во овие рамки, предничат трудовите на љубљанскиот универзитетски професор Славко Сплихал, кој бил и раководител на југословенскиот тим за истражување на влијанието на меѓународните новински агенции врз југословенските медиуми во една од публикуваните студии на УНЕСКО. За жал, во овој истражувачки труд работен пред неколку децении не се вклучени македонски медиуми во оформениот примерок на истражување. Од денешен агол, словенечките автори повторно доминираат во регионот во однос на истражувањето на темата за зависноста од глобалните медиуми. Тука треба да се нагласат авторите Илија Томаниќ Тривунџа и Жига Водовник, како научници и професори од Универзитетот во Љубљана кои во доволна мерка покриваат некои аспекти од подрачјето во кое е работена докторската дисертација.

## Краток опис на применетите методи

Во рамките на истражувањето се употребија општите научни методи анализа, синтеза, апстракција, конкретизација, генерализација, како и компаративниот метод за утврдувањето на разликите и сличностите во меѓународното известување на весниците од Македонија, Словенија и Србија и тоа во три временски периоди (1983-1989-2013).

Во истражувањето беа применети специфични методи и методски постапки и тоа, пред сè, квантитативната анализа на содржина, потоа критичката дискурзивна анализа и полуструктуираното отворено интервју. Во насока на определување на квалитетот на меѓународното известување и прикажување на зависноста од глобалните медиуми, квантитативната анализа на содржина се искористи за добивање на податоци во однос на објавените медиумски содржини во надворешнополитичките рубрики во весниците од нашиот примерок. За таа цел беа изработени посебни инструменти-шифрарници за собирање на податоците. Имајќи ја во предвид нејзината сознајна моќ, критичката дискурзивна анализа како квалитативен истражувачки метод беше применета на написите поврзани само со еден исклучително важен меѓународен настан со цел да се осознае неговото (евентуално) идеолошко искривоколчување или нецелосно и селективно прикажување во медиумите. За таа цел беа истражени структурната поставеност на секој од објавените текстови и неговата реторичка структура, обрасците на цитирање и содржинските зборови што се користат, односите што ги градат меѓусебно употребените зборови во функција на образување на значења, како и поврзаноста на овие оформени значења со стратешките интереси и цели на надворешната политика на големите држави.

Полуструктуираното отворено интервју, со кое беа опфатени определен број на новинари и уредници од медиумите во нашиот примерок, имаше за цел да ги надополни и продлабочи сознанијата, добиени пред сè со квантитативната анализа на содржина.

## Краток опис на резултатите од истражувањето

Согледувањето на емпириските резултати од историска перспектива укажува на намалување на значајноста на надворешнополитичкото известување кај денешните изданија на дневните весници од Македонија, Словенија и Србија. Без исклучок, кај секој од изданијата на весниците од 2013 година е забележано намалување на бројот на објавени текстови за меѓународните настани, опаѓање на бројот на страници одделени за надворешнополитичките рубрики, намалувањето на значајноста на оваа рубрика, како и намалувањето на бројот на новинари кои ги создаваат содржините за меѓународните настани. Во генерални рамки, функционирањето на надворешнополитичкото известување на весниците „Нова Македонија“, „Вечер“, „Дело“ и „Политика“ од поранешна СФР Југославија во 80-те години на XX век е неспоредливо поголемо од квантитативен аспект, нудејќи квалитет изнедрен во разновидност и многубројност на изворите на информации во рубриките, постоењето на развиен дописнички кадар од странство и давањето приоритет на меѓународните настани паралелно со актуелните внатрешни теми во Југославија.

Емпириските податоци доведоа до сознанија и за професионализмот на новинарскиот кадар. Со исклучок на српскиот весник „Политика“, надворешнополитичкото известување денес кај истражуваните медиуми се соочува со пораст на непочитувањето на основните правила за структурирање на еден професионален текст. Резултатите за изданијата од 2013 година покажуваат пораст на бројот на текстови, фотографии, графикони и мапи што се објавени без споменување на медиумот од каде што тие се преземени. Споредено со 80-те години на XX век, непрофесионализмот денес е најизразен кај фотографскиот материјал што ги визуелизира меѓународните настани за кои е објавен напис во надворешнополитичките рубрики. Меѓу самите весници, изразито негативна е состојбата со непочитување на ова новинарско правило кај македонскиот весник „Вечер“ во изданијата од 2013 година, кој има публикувано мнозинство текстови и фотографии без наведен извор на информации. Квантитативната анализа на содржина успеа да го отвори патот за осознавање на растечкиот непрофесионализам во надворешнополитичкото известување денес, кој со дополнителните сознанија од критичката дискурзивна анализа е длабински и детално прикажан.

Овие два правца од историското опаѓање на квалитетот на надворешнополитичкото известување неминовно имаат свои последици врз состојбата со зависноста од глобалните медиуми кај надворешнополитичкото известување. Споредувајќи ги податоците од историска перспектива, истражувањето откри дека најизразит степен на влијание од глобалните медиуми при известувањето за меѓународните настани се појавува кај изданијата од 2013 година. Емпириските резултати покажуваат голема директна зависност од глобалните медиуми кај фотографскиот материјал објавен во весниците „Дело“ и „Политика“, каде половина или повеќе од публикуваните фотографии се преземени од глобалните медиуми. Истражувањето не го докажа големото директно влијание од светските медиумски куќи врз објавениот текстуален материјал кај сите весници во секој од трите истражувачки периоди. Во некои весници, глобалните Ројтерс, Асошиејтед прес, Франс прес, Си-ен-ен, Би-би-си, Ал џазеира и Раша тудеј се користат во помала мера денес наспроти употребата на меѓународните новински агенции во изданијата од 80-тите години на XX век. Но, затоа, пак, индиректната голема зависност од глобалните медиуми кај текстовите е изразена со сличен интензитет како и големата директна зависност од овие медиуми во однос на објавените фотографии за меѓународните настани денес. Истражувачките резултати открија дека е зголемено користењето на домашните и странски национални медиуми како извори при известувањето за меѓународните настани, кои неретко претставуваат единствено канали за пренесување на содржините од глобалните медиуми. Истовремено, во отпечатените броеви од 2013 година е зголемен бројот на текстови без наведен извор на информации кај весниците од истражувачкиот примерок.

Меѓу истражувачките резултати, најважна е откриената изразито висока индиректна зависност од глобалните медиуми во надворешнополитичкото известување денес. Емпириските резултати покажаа дека значително високо мнозинство од текстовите се однесуваат за меѓународните настани од северните континенти и региони на Земјината топка, каде што се лоцирани развиените земји од светот во кои функционираат и самите глобални медиуми. При известувањето за неразвиениот Југ, дневните весници во текот на 2013 година известувале првенствено за негативни теми, најмногу за воено-политичките конфликти што се одвивале во Средна и Јужна Америка, Африка, Австралија, Океанија и Нов Зеланд. Единствен исклучок во овие емпириски резултати е словенечкиот весник „Дело“, кој прикажува урамнотежен пристап во надворешнополитичкиот поглед кон јужните делови на светот.

Од регионална перспектива, истражувачките сознанија открија дека македонските весници по правило известуваат многу помалку за меѓународни настани во однос на словенечките и српските медиуми во сите три периоди на истражување. Заедно со помалиот број на текстови и фотографии во надворешнополитичката рубрика, одат и резултатите за жанровската припадност на публикуваните написи. Во изданијата од 2013 година, забележливо е поголемото присуство на текстови од пократките и информативни новинарски жанрови во споредба со написите кои припаѓаат на посодржајните, коментаторски и белетристички жанрови. Паралелно со овие сознанија, денешните изданија на македонските весници имаат неколку пати помал редакциски кадар што го создава надворешнополитичкото известување во споредба со весниците „Дело“ и „Политика“. Сите овие показатели укажуваат на понизок степен на развој на известувањето за меѓународните збиднувања кај весниците „Нова Македонија“ и „Вечер“ (Македонија) во споредба со печатените медиуми од Словенија и Србија.

Во делот на професионализмот на актуелното надворешнополитичко известување кај весниците од трите земји, може да се констатира дека македонските весници во периодот септември-декември 2013 година имале највисоко ниво на непрофесионализам. Речиси сите фотографии за меѓународните настани се поместени во весниците „Нова Македонија“ и „Вечер“ без наведување на изворот на информации, што не е случај со медиумите од Словенија и Србија. Истовремено, квантумот на објавени текстови без назначен извор на информации е значително поголем кај македонските дневни весници. Ваквото непочитување на професионалните журналистички правила

влијае на зависноста од глобалните медиуми, но и предизвикува проблем во нејзиното целосно осознавање.

Од регионална перспектива, навидум директната зависност од глобалните медиуми денес е најмала кај македонските весници во текот на 2013 година. Но, тука треба повторно да се посочи дека голем дел од медиумскиот материјал е всушност објавен без наведување на изворот на информации. Емпириските резултати открија дека најголем интензитет на индиректната зависност од глобалните медиуми е присутна токму кај македонските весници. Диспропорциите во известувањето за северните наспроти јужните континенти и региони во светот и за информирањето за позитивните наспроти негативните теми од јужната периферија на планетата се најизразени кај весниците „Нова Македонија“ и „Вечер“. Наспроти ова, љубљанско „Дело“ има поурамнотежен пристап при известувањето за позитивните наспроти негативните теми што се одвиваат на јужните континенти и региони на Земјината топка. Анализата од регионален агол покажа дека постои голема индиректна зависност од глобалните медиуми кај сите изданија од овие три земји, но истовремено таа е најизразена токму кај македонските дневни весници.

Анализата на изданијата за 1983 и 1989 година откри важни разлики во степенот на развој на надворешнополитичкото известување, кои се појавуваат во услови на опстојување на единствениот југословенски медиумски систем. Имено, резултатите покажаа дека квантумот на објавени текстови кај македонските весници е помал во некои случаи и за два пати во споредба со бројката на написи објавени во белградска „Политика“ и љубљанско „Дело“, и тоа и во двата истражувачки периоди. Дописничкиот кадар на „Нова Македонија“ и „Вечер“ е значително помал во однос на весниците од Словенија и Србија во периодите 1983 и 1989 година. Сето ова влијае на севкупната развиеност на меѓународното известување, која се соочува со разлики и во однос на други показатели. Имено, се покажа дека љубљанско „Дело“ има урамнотежен пристап во третирањето на темите кои пристигнувале од јужните континенти и региони на светот, не врамувајќи ги во негативен контекст земјите во развој и неразвиените земји од овие делови во светот. Водечкиот словенечки весник во 80-тите години на XX век им посветил и најголемо внимание на случувањата од овие краишта на светот, ако се направи споредба со останатите југословенски весници. На тој начин, големата индиректна зависност од глобалните медиуми е докажана за меѓународното известување на весниците „Нова Македонија“, „Вечер“ и „Политика“, но не и за „Дело“.

Истражувањето успеа да осознае и значајни сличности во надворешнополитичкото известување на југословенските дневни весници. Нивото на професионализам во новинарското работење во 80-тите години на XX е релативно стандардизирано, во голема мера почитувајќи го правилото за објавување на изворите на информации во медиумските содржини. Истовремено, југословенските дневни весници користеле речиси идентични извори на информации во публикуваниот материјал за меѓународните настани, поместувајќи ги на прво место содржините на југословенската новинска агенција „Танјуг“.

Оформените квантитативни резултати се доведуваат во врска со оформените сознанија од критичката дискурзивна анализа, која овозможи длабински поглед кон начинот на кој функционира меѓународното известување, обидувајќи се многу подетално да ги објасни преку конкретен пример (известување за соборувањето од власт на египетскиот претседател Мохамед Морси) оние варијабли кои беа докажувани на едно генерално ниво преку квантитативната анализа на содржина.

Квалитативната анализа навестува голема зависност од глобалните медиумски куќи при покривањето на самиот настан, но и отсуство на сопствен редакциски кадар што ја третира оваа важна надворешнополитичка тема. Во понатамошниот текст, дискурзивната анализа ја утврдува поврзаноста на дел од глобалните медиуми со објавување на невистинити или непроверени информации, кои се цитираат со наведен извор во весниците „Нова Македонија“ и „Дневник“. Селекцијата на информациите претставува само дел од идеологизираното известување на дневноинформативниот печат,

кое ги врамува во конкретна рамка различните субјекти од египетската политичка сцена. Анализата ја вклучува и избалансираноста во текстовите при покривањето на меѓународниот настан, осознавајќи дека за позицијата на египетските вооружени сили и тогашните опозициски сили во земјата се одвоил неколкукратно поголем простор наспроти спротивната страна од конфликтот – приврзаниците на египетскиот претседател Мохамед Морси и неговото „Муслиманско братство". Критичката дискурзивна анализа покажа дека врз ваквата неизбалансираност се таложат и конкретните врамувања на различните субјекти од настанот. Па така, египетските вооружени сили се прикажани во неутрална позиција, како врховно тело што ја штити безбедноста во земјата, опозициските политички партии се прикажани во позитивно светло, и тоа како секуларни и либерални сили во Египет. Претседателот Мохамед Морси е врамен во негативно светло од аспект на западниот свет, како исламистички политички фактор чии приврзаници се агресивни и претставуваат малцинство во земјата. Врамувањето на субјектите и процесот во текстот води кон случаи на емоционално полнење или, пак, тактика за прикажување на неважност и игнорирање на некое поединечно случување во рамки на конкретниот настан. Ваквиот начин на известување е карактеристичен за двата дневни весника – „Нова Македонија" и „Дневник", а индикативно е тоа што тие користат идентични извори на информации при образување на надворешнополитичкото известување.

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Бојан Блажевски, со наслов „Зависноста од глобалните медиуми кај надворешнополитичкото известување на весниците од Македонија, Словенија, и Србија (1983-1989-2013)", претставува истражување во научното подрачје на политичките науки, потесна област: политичка комуникација. Дисертацијата во фокусот на својот интерес ја става релацијата медиуми и политика, поточно зависноста на надворешнополитичкото известување од глобалните медиуми, кои по правило, потекнуваат од големите сили и ги поддржуваат нивните стратешки определби во надворешната политика. Методолошкиот пристап што го користел Блажевски во овој труд е комплексен, па така покрај квантитативната анализа на содржина што е користена во споменатите истражувања на УНЕСКО, тој ги користел и полуструктурираното интервју како и критичката дискурзивна анализа. При реализацијата на ова комплексно истражување, кандидатот собрал извонредно богат емпириски материјал што е обработен и анализиран мошне успешно во функција на докажувањето на основните хипотези, но и на поставените цели на истражувањето, што се на јасен и недвосмислен начин определени во докторската дисертација.

Би истакнале неколку значајни придобивки од овој докторски труд. Прво, комплексниот методолошки пристап овозможи да се согледаат предностите и недостатоците на поодделните методолошки постапки за истражување на оваа тема, но и ефектот од нивната комплементарност во добивањето на релеватни емпириски сознанија за предметот на истражувањето. Втората придобивка ја гледаме во извонредно богатиот емпириски материјал што беше собран во текот на истражувањето, а што може да послужи како основа за идни истражувања, но и како добра елаборација за градење на политики во медиумските куќи. А третата придобивка во аплицираниот компаративен пристап од историска и регионална перспектива, што е нужен, но за жал, дефицитарен пристап (особено кога станува збор за прибирање информации од примарни извори) во нашите академски истражувања. Компаративниот пристап го зголеми значењето на добиените сознанија и овозможи појавата да се анализира во еден поширок контекст, создавајќи услови за употреба на поголем број на експланаторни варијабли.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Бојан Блажевски, со наслов „Зависноста од глобалните медиуми кај надворешнополитичкото известување на весниците од Македонија, Словенија, и Србија (1983-1989-2013)", според мислењето на

Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатот пред одбраната на докторскиот труд ги објавил како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор, следниве рецензирани истражувачки трудови:

[3]. Blazevski, Bojan: „The Dependence on Global Media of Foreign Policy Reporting of the Macedonian Daily Newspaper Vecher (2013-1983) ", објавен: Proceedings from the international conference "Challenges of contemporary society, 12 November 2015, Skopje, R. Macedonia. Skopje: Institute for sociological, political and juridical research, 2016.

[4]. Blazevski, Bojan: „The Dependence on Global Media of Foreign Policy Reporting of the Macedonian Daily Newspaper Nova Makedonija (2013-1983)", објавен: Proceedings from the international conference "Civil Unrest and Socio-Political Changes: Marginalisation, Disintegration, Exclusion", 26-29 May 2015, Tbilisi, Georgia. Ljubljana-Gornja Radgona: A priori, društvo za humanistiko, umetnost in kulturološka vprašanja, 2015.

[5]. Blazevski, Bojan: „The Process of Democratization and the Military Rule after the Revolution in Egypt", објавен: Security Dialogues, Vol.5, No.2, 2014.

[6]. Blazevski, Bojan: „Searching for a better world? The campaigns and other activities of anti-globalization movements in Macedonia", објавен: New Balkan Politics, Issue 16, 2014.

[7]. Blazevski, Bojan: „The Degree of Dependence on International Reporting in Macedonian Internet Media from Global News Agencies", објавен: Online Journal of Communication and Media Technologies, Vol.3, No.4, 2013.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

**Главни научни придонеси на кандидатот.** Докторската дисертација успешно ги тестираше теориските тврдења за доминација на глобалните медиуми при известувањето за меѓународните настани кај медиумите на национално и локално ниво, анализирајќи ги македонските медиуми во регионален и историски контекст. Емпириските сознанија покажаа дека степенот на квалитет на меѓународното известување на весниците не зависи единствено од влијанието на глобалните медиуми врз содржините во надворешнополитичките рубрики, туку и од новинарскиот професионализам и од поставеноста на странските настани во приоритетите на уредувачката политика на весниците. На тој начин, докторската дисертација успева со емпириски резултати да пронајде своевиден баланс помеѓу теориските тврдења за големото влијание на моќни надворешни фактори врз меѓународното известување на весниците наспроти размислувањата дека самите новинари од редакциите се одговорни за недостатоците при покривањето на странските настани.

Проучувајќи ја зависноста од глобалните медиуми кај известувањето на конкретен меѓународен настан, докторската дисертација успеа да ги тестира новинарските алатки за политичка идеологизација на објавените текстови, и тоа првенствено преку теоријата за врамување, agenda-setting теоријата и gatekeeping теоријата.

Дисертацијата дава насоки за натамошен развој на надворешнополитичкото известување. Сознанијата водат кон препораката дека е неопходно создавање на регионална новинска агенција, по примерот на некогашен „Танјуг", кој би претставувал основа за формирањето на медиумски содржини во однос на меѓународните настани.

Весниците треба да го насочат своето работење кон искористување на огромниот потенцијал што го нудат новите медиуми на Интернет за изработка на квалитетен новинарски материјал. Дневноинформативниот печат во натамошниот период ќе мора да се насочи кон зголемување на бројот на извори на информации за меѓународните новости.

**Подрачје на примена и ограничувања.** Дисертацијата успеа да даде значаен придонес во развојот на политичката комуникација во Република Македонија, која во изминатиов период го нема проучувано влијанието на феноменот на глобализацијата во национален контекст во областа на медиумите. Оттука, резултатите претставуваат основа за натамошни истражувања во областа медиуми и глобализација, но и за проучување на врската меѓу медиумите и политиката, особено релацијата што ја гради надворешната политика на една земја со меѓународното известување на медиумите што дејствуваат на нејзина територија.

Покрај за научната јавност, резултатите може да се применат од новинарите, медиумите, здруженијата на граѓани и невладините организации во осознавањето на слабостите на новинарското работење и изготвување на практични решенија за подобрување на квалитетот на медиумското покривање на настаните. Кај самите медиуми во Македонија, емпириските резултати и завршните препораки можат да придонесат во создавање на нови идеи и планови за подобрување на квалитетот на известување за меѓународните настани од страна на редакциите.

**Можни понатамошни истражувања.** Спроведување на истражувања за подолготрајна и длабинска опсервација на секојдневното новинарско работење во медиумските редакции; спроведување на длабински интервјуа со поголем примерок од новинари и уредници на медиумите од Македонија и од соседните балкански земји; спроведување на квантитативни и квалитативни анализи на меѓународното извесување на медиумите што ќе ги опфати интернет-порталите и телевизиските станици како масовни медиуми.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Бојан Блажевски** со наслов „Зависноста од глобалните медиуми кај надворешнополитичкото известување на весниците од Македонија, Словенија и Србија (1983-1989-2013)“**.**

КОМИСИЈА

**Проф. д-р Мирјана Најчевска, претседател, с.р.**

**Проф. д-р Лидија Христова, ментор, с.р.**

**Проф. д-р Мирјана Малеска, надворешен член, с.р.**

**Проф. д-р Петар Атанасов, член, с.р.**

**Вонр. проф. д-р Анета Цекиќ, член, с.р.**

При споредувањето на оригиналниот текст на Рефератот за избор на редовен професор во научната област индустриски растенија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, за кандидатот **проф. д-р Зоран Димов** и објавениот текст во Билтенот бр. 1124 од 1.6.2016 година, е констатирана техничка грешка при што не е видлива оценката од самоевалуацијата на кандидатот, и се дава следнава

**ИСПРАВКА**

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот Зоран Димов од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за земјоделски науки и храна во учебната 2014/2015 година доби позитивна оценка (8,87).

**Од Уредувачкиот одбор**